Кандидатката м-р Лилјана Димевска е родена на 17.8.1991 година во Штип.Средно образование завршила во Штип. Со високо образование се стекнала на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на интегрираните

петтгодишни студии од прв и втор циклус. Магистрирала во 2015 година, со просечен успех 9,5.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Рецензентската комисија ги имаше предвид доставените научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката врз основа на сета поднесена документација важна за изборот.

## 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката

### Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност

М-р Лилјана Димевска учествувала во изготвување на 5 научни стручни трудови од областа на архитектурата. Кандидатот учествувала и во 1 научноистражувачки проект.

### Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

М-р Лилјана Димевска активно е вклучена во стручно-апликативната работа.

Кандидатката м-р Лилјана Димевска учествувала на 1 архитектонска изложби и изработила 25 проекти од областа на архитектурата. Кандидатката м-р Лилјана Димевска е наградена со „Инженерски прстен“ и се здобила со признание за најдобар студент на Архитектонскиот факултет во 2014/2015 година. Кандидаткатат е докторанд на Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ –Скопје од 2016 година, на модулот Градежни конструкции.

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ

**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од 9,5 | да |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку | не |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува:<br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: | |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот:Уверение<br>3. Издавач на документот:Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје<br>4. Датум на издавање на документот:15.9.2016 | да |

### м-р Милка Докузовска (15)

### 1. Биографски податоци и образование

Кандидатката м-р Милка Докузовска е родена на 28.10.1989 годинаво Штип.Средно образование завршила во Штип. Со високо образование се стекнала на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на интегрираните петтгодишни студии од прв и втор циклус. Магистрирала во 2014 година, со просечен успех 9,02.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Рецензентската комисија ги имаше предвид доставените научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката врз основа на сета поднесена документација важна за изборот.

### 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката

**<u>Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност</u>**

М-р Милка Докузовска учествува во изготвување на 5 научноистражувачки проекти. Го издвојуваме нејзиниот втор магистерски труд по филозофија во архитектурата и урбанизмот на Одделот за архитектура при Универзитетот во Кембриџ.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

М-р Милка Докузовска активно е вклучена во стручно-апликативната работа.

Кандидаткатам-р Милка Докузовска учествувала во 5 стручни публикации и 5 архитектонски изложби, од кои ја издвојуваме изложбата Б2 во Солун. Исто така, кандидатката учествувала на 6 работилници. Добитник е на 3 стипендии и 1 награда.

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од 9,02 | да |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува:<br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: | не |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: IELTS<br>3. Издавач на документот: British Council<br>4. Датум на издавање на документот:7.7.2016 | да |

**М-Р МИХАЈЛО СТОЈАНОВСКИ (16)**

**1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот м-р Михајло Стојановски е роден на 6.11.1992 годинаво Скопје.Со високо образование се стекнал на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и

Методиј“ во Скопје, на интегрираните петтгодишни студии од прв и втор циклус. Магистрирала во 2017 година, со просечен успех 8,74.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Рецензентската комисија ги имаше предвид доставените научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот врз основа на сета поднесена документација важна за изборот.

## 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, м-р Михајло Стојановски бил вклучен како надворешен соработник во изведувањето на вежбите, на првиот и вториот циклус студии на студиската програма на Архитектонскиот факултет во Скопје, на интегрираните петтгодишни студии од прв и втор циклус.

### Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност

М-р Михајло Стојановски има работено на два научноистражувачки проекта,од кои едниот е со наслов: Скопските вертикали.

### Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

М-р Михајло Стојановски во стручно-апликативната работа делува со учество на две меѓународни летни школи на Архитектонскиот факултет.

М-р Михајло Стојановски е учесник во два проекта од областа на архитектурата и театарот.

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,74 | да |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува:<br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: | не |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: First certificate in English<br>3. Издавач на документот: University of Cambridge – ESOL Examination<br>4. Датум на издавање на документот:11.8.2009 | да |

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација, Рецензентската комисија ја разгледа доставената документација од 16 кандидати и позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на 12 кандидати:м-р Сања Аврамовска, м-р Виолета Ѓорѓевска, м-р Викторија Богданова, м-р Ива Петрунова, м-р Милка Докузова, м-р Багоја Бајковски, м-р Лилјана Димевска, м-р Дарко Драгановски, м-р Владо Данаилов, м-р Михајло Стојановски, м-р Александар Петановски и м-р Димитар Крстески, а 4 кандидати: м-р Павел Вељановски, м-р Бетим Зеќири, м-р Дејан Ивановски и м-р Дарко Христов, не ги исполнуваат општите услови пропишани со конкурсот.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатите, Комисијата заклучи дека ги исполнуваат сите услови предвидени за избор според Законот

за високото образование (Службен весник на РМ, бр. 82/2018) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018). Според горе наведеното,Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, кандидатитем-р Сања Аврамовска, м-р Благоја Бајковски, м-р Александар Петановскии м-р Димитар Крстески,о, да бидат избрани во звањето асистент на Институтот за архитектонско проектирање, на група предмети: Архитектонско проектирање и Архитектонско студио од обласата на архитектонско проектирање и дизајн

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **Проф. д-р Минас Бакалчев, претседател, с. р.**
2. **Вонр. проф. д-р Александар Радевски, член, с. р.**
3. **Вонр. проф. д-р Михајло Зиноски, член, с. р.**
4. **Вонр. проф. д-р Слободан Велевски, член, с. р.**
5. **Вонр. проф. д-р Страхиња Трпевски, член, с. р.**

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ НА ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТИТЕ НА ИСТОРИЈА НА АРХИТЕКТУРАТА И УМЕТНОСТА И ОБЛАСТИТЕ НА ЗАШТИТА НА ГРАДИТЕЛСКОТО НАСЛЕДСТВО НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЗАШТИТА НА ГРАДИТЕЛСКОТО НАСЛЕДСТВО И ИСТОРИЈА НА АРХИТЕКТУРАТА НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Архитектонски факултет, објавен во весниците „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Коха“ од 30.11.2018 година, за избор на соработник во соработничко звање асистент на група предмети од областите на историја на архитектурата и уметноста и областа заштита на градителското наследство на Институтот за заштита на градителското наследство и историја на архитектурата за време од 3 (три) години, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, 08 бр. 6/296, донесена на 10.12.2018 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Елизабета Касапова, вонреден професор на Архитектонски факултет - претседател, д-р Ана Ивановска Дескова, доцент на Архитектонски факултет - член и д-р Влатко Коробар, професор на Архитектонски факултет – член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на соработник во соработничко звање - асистент на група предмети од областите на историја на архитектурата и уметноста и заштита на градителското наследство на Институтот за заштита на градителското наследство и историја на архитектурата при Архитектонскиот факултет, во предвидениот рок се пријавија 2 (два) кандидата, и тоа: м-р Емилија Апостолова Чаловска и м-р Лилјана Димевска.

### 3. М-р ЕМИЛИЈА АПОСТОЛОВА ЧАЛОВСКА

#### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката м-р Емилија Апостолова Чаловска е родена на 21.5.1982 година во Скопје. Средно образование завршила во гимназијата „Раде Јовчевски Корчагин“ во Скопје. На додипломските студии на Архитектонскиот факултет при УКИМ - Скопје се запишала во септември 2000 година, а ги завршила во јануари 2007 година со просечен успех 8,68. Предметите од областа на историја на архитектурата и уметноста ги положила со просечна оценка 9,20. Во VIII и IX семестар следела продлабочена (изборна) настава од областа на заштитата на градителското наследство и неа ја положила со просечна оценка 9.00. Дипломската работа на тема *Архитектонски проект за поливалентен објект за потребите на Универзитетот Св. Кирил и Методиј и АКУД Мирче Ацев – Скопје* ја одбранила со особен успех (највисока описна оценка) и се стекнала со стручен назив *дипломиран инженер архитект*.

Во 2009 година, кандидатката се запишала на постдипломски студии по конзервација на архитектонското наследство на Високата техничка школа за архитектура при Политехничкиот универзитет на Валенсија, Шпанија, кои ги завршила со просечен успех 8,50. Магистерската теза под наслов: *La iglesia de Santa Sofía en Ohrid, República de Macedonia: estudio arquitectónico-artístico y análisis de su restauración (1951-58) - [Црквата Св. Софија во Охрид, Република Македонија: архитектонско-артистичка студија и анализа на нејзината реставрација (1951-58)]* ја одбранила

на 30.9.2014 година, со оценка 10, и се стекнала со научниот степен *магистер по конзервација на архитектонско наследство*.

Во учебната 2015/2016, година кандидатката м-р Емилија Апостолова Чаловска се запишала на докторски студии по архитектура, градителство, урбанизам и пејсаз на Школата за докторски студии при Политехничкиот универзитет на Валенсија, Шпанија. Докторската дисертација под наслов: *Базиликалните цркви од 19 век во Македонија: потекло, типологија и влијанија* е прифатена од академската комисија на 3.01.2017 година и е во фаза на изработка, под менторство на проф. д-р Франциско Хуан Видал од Високата техничка школа за архитектура при Политехничкиот универзитет на Валенсија - Шпанија и вонр. проф. д-р Елизабета Касапова од Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Кандидатката активно се служи со англискиот и шпанскиот јазик, за што се поднесени соодветни уверенија.

**Работно искуство**

Од 2008 година, кандидатката е вработена како помлад соработник–истражувач на архитектурата во Институот за фолклор „Марко Цепенков" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во 2015 година, м-р Емилија Апостолова Чаловска е избрана за асистент–истражувач на архитектурата во Институтот за фолклор „Марко Цепенков", каде што работи до денес.

За истакнување е дека кандидатката Апостолова Чаловска веднаш по дипломирањето е ангажирана како надворешен соработник по предметите од продлабочената настава на тема *Проект за археолошки музеј – Горен Град, Скопје*, под раководство на проф. д-р Михаил Токарев во Институтот за заштита на градителското наследство и историја на архитектурата при Архитектонскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, во академската 2007/2008 година.

По завршувањето на постипломските студии во Шпанија, м-р Емилија Апостолова Чаловска повторно е ангажирана како надворешен соработник - стручњак од практиката, по предметите *Документирање и истражување на градителското наследство*, *Конзервација и реставрација на градителското наследство* и *Ревитализација на градителското наследство* во Институтот за заштита на градителското наследство и историја на архитектурата на Архитектонскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"во Скопје, со наставниците вонр. проф. д-р Елизабета Касапова и доц. д-р Ана Ивановска Дескова, во академските 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 година.

**Учество на школи, конференции и симпозиуми**

- Тркалезна маса *Значењето на теренските истражувања во фолклористиката*, Скопје, 2018 година. Учество со реферат и усна презентација.
- 6th International Conference "Ohrid – Vodici, 2018" *Rethinking the Framework of Interdisciplinary Cooperation between Cultural Heritage, Local Economic Development, Tourism and Media*, Ohrid, 2018. Paper and oral presentation.
- Меѓународен научен симпозиум *Традиција и современост во фолклорот на балканските народи*, Скопје, 2017 година. Учество со реферат и усна презентација.
- Научен симпозиум *Ретроспективи и перспективи на македонската етнологија и фолклористика*, Скопје, 2017 година. Учество со реферат и усна презентација.
- 4th International NGO Forum for World Heritage in Danger, *World Heritage Watch*, Krakow (Poland), 2017. Paper and oral presentation.
- International Conference "Meet, See, Do", Balkan Museum Network, Priština (Kosovo), 2017. Poster presentation.

- 5th International Conference "Ohrid – Vodici, 2017" *Rethinking the Framework of Interdisciplinary Cooperation between Cultural Heritage, Local Economic Development, Tourism and Media*, Ohrid, 2017. Paper and oral presentation.
- Меѓународен научен симпозиум *Традиција и современост во Македонија и Србија*, Скопје, 2016 година. Учество со реферат и усна презентација.
- 4th International Conference "Ohrid – Vodici, 2016" *Rethinking the Framework of Interdisciplinary Cooperation between Cultural Heritage, Local Economic Development, Tourism and Media*, Ohrid, 2016. Paper and oral presentation.
- 18ти Меѓународен научен симпозиум за балкански фолклор *Теорија и емпирија: Институционализирана фолклористика и етнологија во Македонија и на Балканот*, Скопје, 2015 година. Учество со реферат и усна презентација.
- Трет меѓународен научен симпозиум „Денови на Јустинијан I" *Византија и наследството на Европа: Поврзување на културите*, Скопје, 2015 година. Учество со реферат и усна презентација; модератор на сесија.
- Трета годишна меѓународна конференција *Култура и идентитет*, Центар за култура и културолошки студии, Скопје, 2015 година. Учество со реферат и усна презентација; модератор на сесија.
- 3rd International Conference "Ohrid – Vodici, 2015" *Rethinking the Framework of Interdisciplinary Cooperation between Cultural Heritage, Local Economic Development, Tourism and Media*, Ohrid, 2015. Paper and oral presentation; session moderator.
- Меѓународен научен симпозиум *Балканскиот фолклор низ призмата на фолклористичко-етнолошките истражувања*, Скопје, 2014 година. Учество со реферат и усна презентација.
- Втор меѓународен научен симпозиум „Денови на Јустинијан I" *Самуиловата држава и Византија: Историја, легенда, традиција, наследство*, Скопје, 2014 година. Учество со реферат и усна презентација; модератор на сесија.
- 3rd International Turkish Arts, History and Folklore Congress / Arts Activities, Sarajevo (Bosnia), 2013. Paper and oral presentation.
- Меѓународен научен симпозиум „Денови на Јустинијан I" *Македонија и Балканот во византискиот комонвелт*, Скопје, 2013 година.
- Меѓународен научен симпозиум *Популаризација на етнолошкото културно наследство*, Штип, 2010 година. Учество со реферат и усна презентација.
- Учество на Камп за реставрација на архитектонско наследство во Ѓирокастра, Република Албанија, септември 2010 година, во организација на Културно наследство без граници (Cultural Heritage without Borders), Шведска.
- 17.Меѓународен научен симпозиум за балкански фолклор *Фолклорот и заедничките културни вредности на Балканот*, Охрид, 2008 година. Учество со реферат и усна презентација; секретар на симпозиумот.

## ОБЈАВЕНИ НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ

- SCARRY, D. & APOSTOLOVA CHALOVSKA, E.: "Lake Ohrid, Macedonia – Where Concrete Rises as Waters Fall", *World Heritage Watch Report 2019*, Berlin, 2019 (in print).
- АПОСТОЛОВА ЧАЛОВСКА, Е.: „Теренските истражувања на архитектонското наследство во Македонија низ примерот на базиликалните цркви од XIX век". Тркалезна маса *Значењето на теренските истражувања во фолклористиката*, Скопје (во печат).

- АПОСТОЛОВА ЧАЛОВСКА, Е. и РИСТОВСКА-ПИЛИЧКОВА, Ј.: „Охрид и Охридско во фокусот на руската научна експедиција – „Македонија 1900 година“, Прилози од 6. Меѓународна научна конференција „Охрид – Водици 2018“, Охрид, 2018 (во печат).
- АПОСТОЛОВА ЧАЛОВСКА, Е.: „Црквите од преродбенскиот период од регионот на Скопска Црна Гора: типологија и стилски особености“. Меѓународен научен симпозиум *Традиција и современост во фолклорот на балканските народи*, Скопје, 2017 (во печат).
- АПОСТОЛОВА ЧАЛОВСКА, Е.: „Кон проучувањето на црквата Св. Спас во с. Драчево, Скопско - потекло, типологија, влијанија“, *Етнолог* бр. 18, Скопје, 2018.
- АПОСТОЛОВА ЧАЛОВСКА, Е.: „Црквата Св. Спас (Вознесение Христово) во село Кожле, Скопско“, *Македонски фолклор* бр. 72, Скопје, 2017.
- APOSTOLOVA CHALOVSKA, E. & APOSTOLOVA, N.: “Ohrid Lake: World Cultural and Natural Heritage in Peril”, *World Heritage Watch Report 2017*, Berlin, 2017 (84-88).
- APOSTOLOVA CHALOVSKA, E. & RISTOVSKA PILICHKOVA, J.: “The Stone Relief Decoration of the Church of St. Nicholas in Vevchani. Analysis and Semiotic Interpretation”, Proceedings of the 5th International Scientific Symposium “Ohrid-Vodici 2017” *Rethinking the Framework of Interdisciplinary Cooperation between Cultural Heritage, Local Economic Development, Tourism and Media*, Ohrid, 2017.
- АПОСТОЛОВА ЧАЛОВСКА, Е.: „Прилог кон проучувањето на црквите Св. Архангели во Штип, Св. Архангел Михаил во Лесново и Св. Никола во Псача. Архитектонска типологија и фасадна артикулација“. Зборник на трудови од Меѓународната научна конференција *Традиција и современост во Македонија и Србија*, Скопје, 2017 (137-155).
- АПОСТОЛОВА ЧАЛОВСКА, Е.: „Црквата Свети Никола во Псача. Мотиви од керамопластичната фасадна декорација: материјали, типологија, интерпретација“, *Славишки зборник* бр. 3, Крива Паланка, 2016 (283-297).
- APOSTOLOVA CHALOVSKA, E. & RISTOVSKA PILICHKOVA, J.: “The Elements of the Brickwork Decoration, Stone Relief and Fresco Decoration from the Church of St. Sophia in Ohrid and the Macedonian Traditional Textile: Iconographic Characteristics and Parallels”, Proceedings of the 4th International Scientific Symposium “Ohrid-Vodici 2016” *Rethinking the Framework of Interdisciplinary Cooperation between Cultural Heritage, Local Economic Development, Tourism and Media*, Ohrid, 2016 (19-33).
- АПОСТОЛОВА ЧАЛОВСКА, Е.: „Црквата Св. Софија во Охрид и оформувањето на првите стручно-научни институции за заштита на културното наследство во Македонија“, *Македонски фолклор* бр. 71, Скопје, 2016 (161-172).
- АПОСТОЛОВА ЧАЛОВСКА, Е.: „Прилог кон проучувањето на неколку средновизантиски примери на мозаични подови во техниката *opus sectile* од Македонија“, Зборник на трудови од Третиот меѓународен научен симпозиум „Денови на Јустинијан I“ *Византија и наследството на Европа: Поврзување на културите*, Скопје, 2015.
- APOSTOLOVA CHALOVSKA, E.: “The Exonarthex of the Church of St. Sophia, Ohrid – Origin, Typology, Influences”, Proceedings of the 3rd International Conference “Ohrid – Vodici, 2015” *Rethinking the Framework of Interdisciplinary Cooperation between Cultural Heritage, Local Economic Development, Tourism and Media*, Ohrid, 2015 (28-42).
- АПОСТОЛОВА ЧАЛОВСКА, Е.: „Византиската декоративна камена пластика од XI и XIV век низ примерот на катедралата Света Софија во Охрид“, Зборник на трудови од Меѓународниот научен симпозиум *Балканската култура низ призмата на фолклористичко–етнолошките истражувања*, Скопје, 2015 (293-309).

- АПОСТОЛОВА ЧАЛОВСКА, Е.: „Турскиот мимбар и прашањето за реконструкцијата на првобитниот мобилијар на црквата Св. Софија во Охрид“, *Зборник на трудови,* Втор меѓународен симпозиум „Денови на Јустинијан I“, Скопје, 2015 (173-187).
- APOSTOLOVA CHALOVSKA, E.: “Heritage Reinvented: the Mimbar of St. Sophia in Ohrid”, Proceedings of the 3rd International Turkish Arts, History and Folklore Congress / Art Activity, Sarajevo, 2015 (329-336).
- АПОСТОЛОВА ЧАЛОВСКА, Е.: „Реутилизација на сполии во архитектурата: мимбарот на црквата Св. Софија во Охрид“, *Македонски фолклор* бр. 69, Скопје, 2014 (165-178).
- АПОСТОЛОВА ЧАЛОВСКА, Е.: „Исправањето на јужниот фасаден ѕид на црквата Света Софија во Охрид: Маријан Мушиќ, Борис Чипан и Фердинандо Форлати”, *Зборник на трудови,* Меѓународен симпозиум „Денови на Јустинијан I“, Скопје, 2013 (186-199).
- АПОСТОЛОВА ЧАЛОВСКА, Е.: „Тревизо и Охрид: еден метод – две интервенции”, *Зборник на трудови* бр. 17*,* Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Битола, Битола, 2013 (153-172).
- АПОСТОЛОВА, Е.: „Ревитализација и популаризација на историските градски јадра низ примерот на Старата скопска чаршија”, *Етнолог* бр. 14, Скопје, 2012 (315-323).
- АПОСТОЛОВА, Е.: „Компаративна анализа на керамопластичната декорација на фасадите од средновековните цркви од периодот XIII – XIV век со мотиви од народните везови од Македонија”, *Македонски фолклор* бр. 67, Скопје, 2009 (185-209).

**ПУБЛИКАЦИИ (КНИГИ И ПОГЛАВЈА ОД КНИГИ)**

- Apostolova Chalovska, E. & Juan Vidal, F. (2019) “The Cathedral of St. Sophia in Ohrid, Macedonia. An Example of an Innovative Restoration from the 1950s.” In (Alfonso Ippolito & Carlo Inglese Eds.) *Conservation, Restoration, and Analysis of Architectural and Archaeological Heritage*. Hershey PA: IGI Global, 81-107. ISBN13: 9781522575559.
- Емилија Апостолова Чаловска (2017) *Црквите од XIX век од околината на Скопје*. Скопје: Асоцијација за унапредување на статусот на жената во современите општествени процеси „Женска акција“ Скопје. ISBN 978-608-66103-4-0; COBISS.MK-ID 105349898.
- Јасминка Ристовска Пиличкова и Емилија Апостолова Чаловска (2015) *Компаративна анализа на керамопластичната декорација на фасадите од средновековните цркви во периодот XIII-XIV век со мотиви од народното текстилно творештво во Македонија.* Скопје: Асоцијација за унапредување на статусот на жената во современите општествени процеси „Женска акција“ Скопје. ISBN 978-9989-2645-8-0.

**НАУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ**

- Учество во проектот „По стапките на Дичо Зограф во Скопско“ во рамки на повикот *Од центарот кон периферијата: културата како алатка за социјален развој*, Асоцијација „Женска акција“, финансиран од Град Скопје, 2018 година. Автор на каталогот *“По трагите на Дичо Зограф во Скопско“* (во печат), истражување, мапирање и дигитализација на делото на Дичо Зограф во скопската околија.
- Учество во проектот „Црквите од XIX век како дел од туристичката понуда на Скопје“, Асоцијација „Женска акција“, финансиран од Град Скопје, 2017 година. Автор на книгата „*Црквите од XIX век од околината на Скопје*“. ISBN 978-608-66103-4-0; COBISS.MK-ID 105349898.
- Учество во научно - истражувачкиот проект „Прeродбенските дострели на сакралната архитектура на Охрид“, Институт за заштита на градителското наследство и историја на

архитектурата на Архитектонски факултет, финансиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", во Скопје, 2016 година. Раководител на проектот е д-р Елизабета Касапова.

- Учество во проектот „Керамопластичната декорација на црквите од XIII-XIV век и мотиви од народните везови", Асоцијација „Женска акција", финансиран од Министерство за култура на Република Македонија, 2015 година. Ко - автор на книгата „*Компаративна анализа на керамопластичната декорација на фасадите од средновековните цркви во периодот XIII-XIV век со мотиви од народното текстилно творештво во Македонија".* ISBN 978-9989-2645-8-0, COBISS.MK-ID10009486.
- Учество во Проект за дигитализација на културното наследство, Институт за фолклор „Марко Цепенков", Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2008-2012 година.

**Други активности**

- Обраќање пред делегатите на 41. Сесија на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО, 02-12 јули 2017, Краков, Полска во името на граѓанската иницијатива ОхридSOS.
- Член на Балканската музејска мрежа од 2017 година.
- Член во Асоцијација за унапредување на статусот на жената во современите општествени процеси во Македонија „Женска акција", Комисија за култура и Комисија за човекови права, од 2014 година.
- Член на ICOMOS Македонија од 2008 година.

## ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** ***Емилија Александар Апостолова Чаловска***
(име, татково име и презиме)

**Институција:** ***Архитектонски факултет – Скопје***
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** ***ИСТОРИЈА НА АРХИТЕКТУРАТА И УМЕТНОСТА, ЗАШТИТА НА ГРАДИТЕЛСКОТО НАСЛЕДСТВО***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

**За факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: _______________ | / |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 8,68<br><br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: 8,5 | да |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: Certificate in Advanced English<br>3. Издавач на документот: University of Cambridge<br>4. Датум на издавање на документот: june, 1999<br><br>1. Странски јазик: Шпански<br>2. Назив на документот: Certificado de Aprovechamiento<br>3. Издавач на документот: Universidad Politecnica de Valencia<br>4. Датум на издавање на документот: 29.9.2009 | да |

**4. <u>М-р ЛИЛЈАНА ДИМЕВСКА</u>**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката м-р Лилјана Димевска е родена на 17.08.1991 година во Штип. Средно образование завршила во ДСУ „Ацо Русковски“ во Берово. На интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура на Архитектонскиот факултет при УКИМ - Скопје се запишала во септември 2010 година и истите ги завршила во октомври 2015 година со просечен успех 9.50. Предметите од областа на историја на архитектурата и уметноста ги положила со просечна оценка 10, а од областа на заштита на градителското наследство со просечна оценка 9.33. Магистерскиот труд на тема: *Епизоди на домување, речна зона на градот Велес* го одбранила со оценка 10 и се стекнала со стручното звање Магистер инженер архитект (Master of Architecture).

Во ноември 2016 година, кандидатката Лилјана Димевска се запишала на трет циклус на студии – докторски студии на Градежниот факултет при УКИМ - Скопје, на научното поле: Технички науки, модул: Градежни конструкции. Работниот наслов на докторската дисертација е: *Енергетска ефикасност на објекти од културно наследство*. Трудот се работи под менторство на проф. д-р Мери Цветковска од Градежниот факултет во Скопје и коментор вонр. проф. д-р Ана Тромбева Гаврилоска од Архитектонскиот факултет во Скопје.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик, за што е поднесено соодветно уверение.

**НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА**

Во текот на студиите, кандидатката се стекнала со следниве награди и признанија:

- Признание за најдобар студент на Архитектонскиот факултет во четврта студиска година 2013/14, доделена од страна на Деканатот на Факултетот за постигнат просечен успех 9,86.
- Признание и “Инженерски прстен” за најдобар студент на Архитектонскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, доделени во 2016 година од страна на Инженерската институција на РМ и Комората на овластени архитекти и овластени инжењери на РМ за постигнат среден успех 9,50.
- Пофалница за најдобар дипломиран студент во учебната 2014/15 година со највисок среден успех (9,50) на Архитектонскиот факултет при УКИМ – Скопје, доделена на 14.3.2017 година од страна на Ректорот на УКИМ.

**РАБОТНО ИСКУСТВО**

Во текот на студиите, кандидатката волонтирала во СТУДИО „ЛЕЛЕЛЕЛЕ“ – Студио за архитектура и дизајн во Скопје.

Во периодот од јули 2015 до март 2016 година работела како архитект проектант во ТЕТРАКТИС КРИСТИЈАН ДООЕЛ – Друштво за архитектура, урбанизам и инженеринг во Скопје.

Во периодот од 15.9.2017 до 15.1.2018 година работела како соработник демонстратор на Градежниот факултет при УКИМ - Скопје на предметите Нацртна геометрија и Инженерска графика.

Од март 2018 година кандидатката Лилјана Димевска работи на Архитектонски факултет - Прв приватен универзитет ФОН во Скопје, како *помлад асистент* на предметите:

- Архитектонски конструкции 1
- Историја на архитектура 1 и 2
- Архитектонско студио – станбени објекти 1, 2
- Апликација на компјутерски програми CAD
- Апликација на компјутерски програми 3D1, 3D2
- Проектирање на стопански објекти
- Проектирање на индустриски објекти
- Проектирање на објекти за времено домување;

и како *доцент м-р по стручно уметнички предмети** на предметите:

- Архитектонско проектирање на станбени објекти 2
- Архитектонско студио – станбени објекти 1
- Архитектонско студио – станбени објекти 2
- Архитектонско студио – општествени објекти
- Одржлива архитектура
- Енергетска ефикасност.

* Нема приложен документ за назначување или спроведена постапка за избор во наставно звање *Доцент м-р по стручно уметнички предмети!*

**УЧЕСТВО НА ШКОЛИ, КОНФЕРЕНЦИИ И СИМПОЗИУМИ**

- Меѓународна конференција: *PEOPLE BUILDING AND ENVIRONMENT, International Scientific Conference PBE2018,* Brno University of Technology, одржана на 17-19.10.2018 год. во Брно, Чешка, учество со презентација на труд – автор.
- Меѓународна конференција: *15th CONGRESS ASSOCIATION OF DGKS – Structural engineers of Serbia,* одржана на 06-08.09.2018 год. на Златибор, Србија, учество со презентација на труд – автор.
- Меѓународен симпозиум: *1st International Symposium "Knowledge for Resilient Society" K-force,* одржан на 14-15.9.2018 г., во Нови Сад, Србија, учество со презентација на труд – автор.
- *Втора докторска конференција со презентација на труд,* Факултет за електротехника и информатички технологии, одржана на 15.5.2018 год., учество со презентација на труд – автор.
- Меѓународен симпозиум: *17 Меѓународен симпозиум – ДГКМ – Друштво на градежни конструктори на Македонија, тема: Природни катастрофи и конструкции,* одржан на 4-7.10.2017 год. во Охрид, учество со презентација на труд – автор.
- Меѓународна конференција: *SHARE Skopje 2017, International Architectural and Engineering Forum,* одржана на 5.9.2017 г., во Скопје, учесник.
- Летна школа за лидерство од различна професионалност: *Меѓународна обука за млади лидери, Иванов школа за млади лидери,* одржана на 21-31.8.2017 г., во Охрид, учесник.
- Меѓународна конференција: *Woman in Energy,* одржана на 5.06.2017 г. во Скопје, организатор на конференцијата и дизајнер на лого.
- *Прва докторска конференција со презентација на труд,* Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (ИЗИИС), одржана на 15.05.2017 г. во Скопје, учество со презентација на труд – автор.
- Меѓународна конференција за климатски промени: *"GO GREEN" International Conference for Climate Change and Green Economy,* одржана на 24-25.11.2016 год. во Скопје, учесник.
- Меѓународна конференција: *International Conference for Architecture and Theory of Architecture ARCHTHEO'16 DAKAM,* одржана на 27-28.10.2016 год. во Истанбул, Турција; учество со презентација на труд – автор.
- Меѓународна зимска школа за архитектура и дизајн: *International Winter School for Architecture and Design* (Giugiaro Architects, Politecnico di Milano, Bertone Design), одржана на 16-19.01.2016 год. на Архитектонски факултет, Прв приватен универзитет ФОН во Скопје, учесник во организација на работилницата.
- Меѓународен симпозиум: *"World of Glass",* одржан на 15-17.10.2015 год. во Белград, Србија, учесник.

- Меѓународен симпозиум: *International Symposium for Architecture and Engineering,* одржан на 5-7.6.2015 год. во Златни Песоци, Бугарија, учесник.
- Меѓународен симпозиум: *"Partnership for Green Constructions",* одржан на 08-10.05.2015 год. во Охрид, учесник.

**ОБЈАВЕНИ НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ**

- *Energy Efficiency and Sustainability Potential Analysis of Residential Buildings According to their Architectural, Structural and Thermal Characteristics,* презентиран на PEOPLE, BUILDING AND ENVIRONMENT, International Scientific Conference PBE2018 in SCOPUS Indexed Proceedings Brno University of Technology, Brno, Czech Republic, October 17-19, 2018, коавтор со Мери Цветковска и Ана Тромбева Гаврилоска (во печат).
- *Residential Buildings Analysis According to their Architectural, Structural and Thermal Features,* 15th Congress Association of Structural Engineers of Serbia, September 6-8, 2018, коавтор со Мери Цветковска, Ана Тромбева Гаврилоска и Маријана Лазаревска (Книга на резимеа, стр. 207).
- *Parametric Analysis on Fire Resistance of Timber Columns According to Eurocodes,* 1st International Symposium Knowledge for Resilient Society, K-Force, Novi Sad, Serbia, September 14-15, 2017, коавтор со Мери Цветковска, Ана Тромбева Гаврилоска, Маријана Лазаревска и Милош Кнежевиќ (Зборник на трудови, 188-196).
- *Анализа на станбени згради за колективно домување во рамки на селектирана градска четврт – Карпош,* ДГКМ, Октомври 2017, коавтор со Ана Тромбева Гаврилоска и Мери Цветковска (Зборник на трудови, 940-949).
- *Capitalism and Architecture in Skopje",* ARCHTHEO'16, DAKAM Conference, Istanbul, Turkey, October, 2016, коавтор со Shukran Quazimi (Зборник на трудови, 336-350).

**НАУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ**

- Научно - истражувачки проект, образец ОБ-3, *Процена на пожарната безбедност на материјалите кои се применуваат во енергетски ефикасните објекти,* Министерство на образование и наука на Р.М., Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Градежен факултет, Скопје, 2016-17, Главен истражувач: Мери Цветковска; Соработници: Ана Тромбева Гаврилоска, Маријана Лазаревска, Цветанка Чифлиганец, Милица Јовановска, Лилјана Димевска, Никола Постолов, Ристе Волчев.

**АРХИТЕКТОНСКИ ПРОЕКТИ И КОНКУРСНИ ТРУДОВИ**

Во текот на студиите и по нивното завршување, кандидатката учествувала како соработник на 13 проекти изработени во архитектонските студија: ЛЕЛЕЛЕЛЕ - Скопје, ТЕТРАКТИС - Скопје, ДОО АРТ СТУДИО -Битола и ДООЕЛ ПЕКОМ - Струга. Меѓу нив ги издвојуваме:

- Основен проект за реконструкција, реставрација и ревитализација на манастирот Св. Јован Бигорски - Проект за ентериерно уредување, 2013 год. (Лелелеле), соработник;
- Проект за документирање на постоечката состојба на црквата Св. Ѓорѓи, Старо Нагоричане, 2014 год. (Лелелеле), соработник;
- Основен проект за општинска зграда за Општина Маврово и Ростуше, 2015 год. (Тетрактис), соработник;
- Основен проект за реконструкција, доградба и надградба на деловно административен објект на бул. 8-ми Септември, бр. 18 Скопје, 2015 год. (Тетрактис), соработник;
- Надградба на деловен објект, ресторан со мотелско сместување во с. Сапотница, Демир Хисар, за рудник Слојштица, 2018 год. (Арт студио), соработник.

Покрај ова, кандидатката се јавува како коавтор на десетина идејни проекти, архитектонски конкурси и проекти за ентериерно уредување. Меѓу нив ги издвојуваме:

- Идејно архитектонско решение за реконструкција и доградба на хотел “Молика”, Битола, - конкурсен труд, 2016 год., коавтор со И. Софрониевски;
- Идејно архитектонско решение за Студентски дом “Тодор Александров”, Скопје, - конкурсен труд, 2017 год., коавтор со И. Софрониевски и К. Димевски;
- Идеен архитектонски проект за угостителски објект со сместувачки капацитети Ресторан Вардар и ентериерно уредување, населба Здуње, Гостивар, 2018 год., коавтор со И. Софрониевски;
- Идеен архитектонски проект за административен објект DV-COM со ентериерно уредување, Гостивар, 2018 год., коавтор со И. Софрониевски;
- Проект за ентериерно уредување на деловен простор, Аеродорм, Скопје, 2018 год., коавтор со И. Софрониевски;
- Проект за ентериерно уредување на станбен простор, населба Млаки, Гостивар, 2018 год., коавтор со И. Софрониевски.

**ДРУГИ АКТИВНОСТИ**

- Член и претседател на Клуб на носители на “Инженерски прстен”, како составен дел од Инженерската институција на Македонија, 2017 год.
- Член и претседател на Комитет за образование и наука при Алумни -асоцијација ИСЛАА, Меѓународна обука за млади лидери, 2017 год.

## ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** *Лилјана Јованчо Димевска*
(име, татково име и презиме)

**Институција:** ***Архитектонски факултет – Скопје***
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** ***ИСТОРИЈА НА АРХИТЕКТУРАТА И УМЕТНОСТА, ЗАШТИТА НА ГРАДИТЕЛСКОТО НАСЛЕДСТВО***

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ

### За факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 9,50 | да |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: __________<br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: __________ | / |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: Уверение<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ при УКИМ - Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 15.9.2016 | да |

### Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација, Рецензентската комисија заклучи дека двете пријавени кандидатки ги исполнуваат и општите услови предвидени во Законот за високото образование и посебните услови за избор согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. И двете кандидатки покажале висок успех во своите додипломски и постдипломски студии, како и сериозни амбиции за понатамошно усовршување на полето на потесниот интерес.

Од увидот во доставените материјали, Комисијата констатира дека кандидатката м-р Лилјана Димевска своето понатамошно професионално усовршување го насочила во области кои се граничат со областите од распишаниот конкурс, а тоа е енергетската ефикасност на објектите како доминантна зона на интерес во нејзините докторски студии и научните конференции и трудови произлезени од таму. Исто така, нејзиниот работен ангажман како доцент м-р по стручно уметнички предмети на Архитектонскиот факултет при Првиот приватен универзитет ФОН во Скопје покажува дека нејзиниот интерес е насочен кон предметите од аритектонско проектирање и дизајн, како и кон предметите од енергетска ефикасност и одржлива архитектура.

Од увидот во доставените материјали, како и личното познавање на кандидатката м-р Емилија Апостолова Чаловска, Комисијата констатира дека нејзиното целокупно професионално ангажирање се движи во областа на историјата на архитектурата и уметноста и областа на заштитата на градителското наследство. За тоа сведочат одбранетиот магистерски труд, пријавената докторска дисертација, бројните објавени научни и стручни трудови, учествата на конференции и симпозиуми, како и повеќегодишното ангажирање во наставата на Институтот за заштита на градителското наследство и историја на архитектурата на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје како надворешен соработник – стручњак од практиката. Од богатото досие на кандидатката може да се види дека станува збор за висока научна оспособеност во проучувањето на посочената област во сите нејзини аспекти. Своите знаења и вештини, освен во научноистражувачката област, кандидатката Апостолова Чаловска ги покажува и несебично ја пренесува на студентите во текот на наставно-образовниот процес на Архитектонскиот факултет, каде што е подолг период ангажирана.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, да ја избере **м-р Емилија Апостолова Чаловска** за соработник во соработничко звање - асистент на група предмети од областите: историја на архитектурата и уметноста и заштита на градителското наследство на Институтот за заштита на градителското наследство и историја на архитектурата при Архитектонски факултет во Скопје, за време од 3 (три) години.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Вонр. проф. д-р Елизабета Касапова, претседател с.р**
2. **Доц. д-р Ана Ивановска Дескова, член с.р**
3. **Проф. д-р Влатко Коробар, член с.р**

# ПРЕГЛЕД -470 30-11-2018
## НА ОДОБРЕНИ МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ НА ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

| Ред бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | **Марјан Илиевски, дипл.геод. инж.** | **“Глобално геодетско позиционирање со системот Stonex S8 “** | **"Global geodetic positioning with the system Stonex S8 "** | **Проф. д-р Златко Србиноски** | 02-2/87-227 од 30-11-2018 |
| 2 | **Шклҗким Мифтари, дипл.инж. град.** | **„Влијание на флексибилноста на меѓукатните конструкции кај АБ згради под дејство на хоризонтални товари“** | **"Influence of floor structures flexibility on the behavior of RC buildings under horizontal loadings"** | **проф. д-р Лилјана Денковска** | 02-2/87-228 од 30-11-2018 |
| 3 | **Бедри Точи, дипл.град. инж.** | **“Анализа и контрола на притисокот кај водоводен систем без резервоарски простор“** | **"Analysis and control of pressure in water supply system without water tank"** | **доц. д-р Гоце Тасески** | 02-2/87-229 од 30-11-2018 |
| 4 | **Доне Николовски, дипл.инж. геот.** | **„Моделирање на ефектот на инсталација на микро колови и анкери со нелинеарен закон“** | **"Modeling of the effect of installation of micro circuits and anchors with nonlinear law"** | **доц. д-р Јован Папиќ** | 02-2/87-230 од 30-11-2018 |

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**

| **Ред. Бр.** | **Име и презиме на кандидатот** | **Назив на темата** | | **Име и презиме на менторот** | **Датум и бр. На одлука на ННС/НС за прифаќање на темата** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **на македонски јазик** | **на англиски јазик** | | |
| 1. | **Јулијана Кекеновска** | **,,Предвидување на развојот на производ базиран на нова технологија преку сообраќајот генериран од интернет пребарувањата”** | **“Forecasting the growth of a new technology based product through the Web Search Traffic data generated by internet users”** | д-р Весна Буцевска | 02-2184/13 од 30.11.2018 година |
| 2. | Јордан Стефановски | **,,Анализа на влијанието на бихевиористичките фактори во зајакнувањето на осигурителната култура и растот и развојот на осигурителната индустрија во Република Македонија”** | **“Analysis of the behavioral factors’ influence towards the strengthening of the insurance culture, the growth and the development of the insurance industry in Republic of Macedonia”** | доц. д-р Игор Ивановски | 02-2184/14 од 30.11.2018 година |
| 3. | **Ивана Герасимова** | **„Разлики во плаќањето на машкиот и женскиот труд“** | **“Differences in the payment of male and female labor”** | проф.д-р Кирил Постолов | 02-2184/15 од 30.11.2018 година |
| 4. | **Јасмина Манчевска Црнокрак** | **„Примена на стандардните оперативни постапки во управување со квалитетот и унапредување на бизнис процесите во претпријатијата во Република Македонија “** | **“Application of the standard operational procedures in the quality management and business improvement in the enterprises in the Republic of Macedonia”** | проф.д-р Стојан Дебарлиев | 02-2184/16 од 30.11.2018 година |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. | **Дора Димовска** | **„Стратегии за настап на меѓународните пазари во земјите во развој “** | **“Strategies for entering international markets in developing countries”** | проф.д-р Љубомир Дракулевски | 02-2184/17 од 30.11.2018 г одина |
| 6. | **Ивана Спасовска** | **„Транспарентноста во корпоративното управување на акционерските друштва во Република Македонија“** | **“Transparency in corporate governance of joint stock companies in the Republic of Macedonia”** | проф.д-р Стојан Дебарлиев | 02-2184/18 од 30.11.2018 г одина |
| 7. | **Симона Ќипровска** | **„Воведување и имплементација на нови иновативни производи и услуги во доменот на банкарство на мало“** | **„Introduction and implementation of new innovative retail banking products and services“** | доц.д-р Елена Наумовска | 02-2184/19 од 30.11.2018 г одина |
| 8. | **Томира Георгиевска** | **„Адекватноста на капиталот како рамка за успешно покривање на ризиците во банкарскиот систем“** | **„Capital adequacy as a framework for successful risks covering in the banking system“** | доц.д-р Кирил Јовановски | 02-2184/20 од 30.11.2018 г одина |
| 9. | **Елена Цвејовска-Петровска** | **„Анализа на кредитната изложеност на банките кон секторот население со посебен осврт на улогата на банкоосигурувањето како модел за намалување на кредитниот ризик“** | **„Retail exposure analysis and the role of bank-insurance in credit risk management“** | доц.д-р Кирил Јовановски | 02-2184/21 од 30.11.2018 г одина |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 10. | **Елена Димитроска** | **„Филипсова крива - теорија и емпириска проверка“** | **„Phillips Curve - theory and empirical evidence“** | проф.д-р Горан Петревски | 02-2184/22 од 30.11.2018 г одина |

## П Р Е Г Л Е Д
## ПРОМЕНА НА МЕНТОР

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На одлука на ННС/НС за промена на ментор |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | **Антонио Арсовски** | **,,Анализа на динамиката на каматните стапки во Република Македонија“** | **,,Analysis of the interest rates dynamics in the Republic of Macedonia“** | **Проф.д-р Ѓорѓи Гоцков** | 02-2184/24 од 30.11.2018 година |
# ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „HER2 - ЕКСПРЕСИЈА И EBV - АСОЦИРАНОСТ КАЈ ГАСТРИЧЕН КАРЦИНОМ ВО КОРЕЛАЦИЈА СО КЛИНИЧКО - ПАТОЛОШКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ“ ОД АСС. Д-р ЉУБОМИР ОГЊЕНОВИЌ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 16.11.2018 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација со наслов „HER2 - експресија и EBV - асоцираност кај гастричен карцином во корелација со клиничко патолошките карактеристики“ од кандидатот од ас. д-р Љубомир Огњеновиќ, во состав: проф. д-р Зоран Караџов (претседател), проф. д-р Владо Јаневски (ментор), проф. д-р Гордана Петрушевска (член), проф. д-р Јулијана Живадиновиќ (член) и проф. д-р Магдалена Генадиева Димитрова (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот **ас. д-р Љубомир Огњеновиќ,** со наслов *HER2 - експресија и EBV - асоцираност кај гастричен карцином во корелација со клиничко патолошките карактеристики*, содржи 102 страници компјутерски обработен текст во фонт Ариел, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 132 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги и интернет-извори.

Трудот е структуриран во 8 глави, вовед, материјал и методи на истражувањето, резултати и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и подточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето. Текстот е илустриран со слики, табели и графикони. Почетниот дел започнува кус извадок од истражувањето, напишан на македонски и англиски јазик, по што следи содржината и листа на кратенки. Во извадокот, накусо се опишани етапите на научно истражувачкиот труд, дел од резултатите и заклучните сознанија. Извадокот сосема корелира со текстот во трудот.

**Во воведот** на трудот е даден краток приказ на актуелните состојби на темата на истражување. Тој е поделен на пет подглави, во кои е изложен предметот на истражувањето, од што може да се согледа од каде потекнува интересот за истражувањето, целите, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето.

Кандидатот укажува дека предметот на ова истражување е ракот на желудникот, кој е заболување со агресивен тек, кое станува симптоматско дури во напреднатата фаза на болеста, што побудува интерес за негово рано детектирање и изнаоѓање на посоодветни методи на негово лекување. Ракот на желудникот е една од водечките причина за смрт од рак во светот, особено во земјите во развој, во кои спаѓа и Република Македонија.

Првата подглава од воведот на докторската дисертација е насловена „Епидемиологија на гастричниот карцином“. Во неа се анализирани инциденцата и стапката на смртност на гастричниот карцином (ГК), кој во последно време покажува тренд кон опаѓање, но, сепак, стапката на преживување сеуште е ниска и во повеќето земји се движи од една до три години. Постојат податоци дека во Јапонија и некои европски земји, се постигнало петгодишно постоперативно преживување кај поголем процент од оперираните болни. Епидемиолошките студии во разни географски подрачја во светот покажуваат распространетост на ГК со широки варијации, а околу 50 % отпаѓа на земјите во развој. Тенденцијата кон намалување на бројот на новооткриените случаи со ГК донекаде може да се објасни и со промена во начинот на живот, како и тенденцијата за ерадикација на некои предизвикувачи како што е Helicobacter pylori.

Во следната подглава, кандидатот ги елаборира ризик - факторите за развој на ГК. Тој ги анализира факторите одговорни за појавата на рак на желудникот и заклучува, како и повеќе други автори, дека таа е резултат на мултифакториелни влијанија, кои потекнуваат од животната средина и се интерпонираат со специфични генетски промени кои ги поседува индивидуата. Се смета дека меѓу факторите на ризик за појава на ГК се начинот на исхраната, пушењето, консумирањето алкохол, прекумерното користење на $H_2$ -блокатори, семејната предиспозиција за болеста и други. Кандидатот детално го обработува секој од овие ризик - фактори, а посебно место заземаат инфекцијата со *Helicobacter pylory,* која се смета меѓу најважните докажани фактори, причинители на гастричниот аденокарцином и асоцираноста на гастричниот карцином со Епштајн – Бар вирусот (EBV), кој во последниве десет години представува предмет на многу студии кои зборуваат дека тој може да има улога во карциногенезата на оваа неоплазма. Некои гастрични карциноми поседуваат моноклонални EBV - геноми во секоја карциномска клетка, што зборува дека потекнуваат од единечна прогенитор - клетка.

Третата подглава е посветена на современи сознанија за патогенезата на ГК. Во неа се елаборора прогресот во расветлувањето на хуманиот геном и откривањето на нови гени, кои се имплицирани во патогенезата на голем број заболувања кај луѓето. Кандидатот вели дека малку се знае за гените кои го предиспонираат развојот на желудечниот карцином и тој смета дека генетичката епидемиологија станува сè поважна научна дисциплина која би требало да ја расветли како улогата на генетските фактори, така и нејзината интеракција со факторите на околината во појава и развој на болести кај луѓето. Мутации на бројни гени го покачуваат ризикот за ГК, меѓу кои MMC, APC и p53 тумор супресорните гени како и мутациите на Е-кадеринот кои имаат влијание врз карциногенезата на ГК. Во тој правец сè почести се соопштенијата за влијанието на нови биомаркери како што се microRNA, микросателитска нестабилност, различни цитокини (IL 1,6,10,11, TNF...), Cyclin D, Bcl2, p53 и други молекули, вклучивајќи го и HER2 протеинот во карциногенезата и како таргет молекули за нови терапевтски модалитети. HER2 протеинот (HER2/neu, ErbB-2) е 185 – kDa трансмембрански рецептор за тирозин киназа, кој е кодиран од HER2 прото онкогенот, лоциран на долгиот крак на 17-тиот хромозом.

HER2 - протеинот е член на фамилијата на рецептори за епидермални фактори на раст. Оваа фамилија има 4 членови HER1 (познат и како EGFR), HER2 (ErbB2), HER3 (ErbB3)

и HER4 (ErbB4), кои делат заедничка молекуларна структура на нивниот екстрацелуларен домен на врзување за лиганд и интрацелуларен домен со тирозин киназна (ТК) активност (со исклучок на HER3). Врзувањето на лиганд за клеточниот рецептор од HER - фамилијата индуцира хомодимеризација и хетеродимеризација на EGFR со други типови на HER протеини (во хетеродимеризацијата учествува HER2 - протеинот). Врзувањето на различни лиганди за екстрацелуларниот домен провоцира започнување на сигнал преносна (трансдуцирачка) каскада која може да влијае врз клеточната пролиферација, апоптозата, клеточната адхезија, миграција, ангиогенезата и диференцијацијата.

Во понатамошниот текст од воведот, во четвртата подглава, кандидатот ги обработува клиничко-патолошките типови на ГК и нивните особини. Авторот потцртува дека постојат повеќе класификации на гастричниот карцином кои имаат за цел да се олесни насоката во третманот. Тој детално табеларно ги прикажува овие класификации и системот за одредување на стадиумот на гастричниот карцином. Исто така, табеларно се прикажани и прогностичките групи на клиничкиот и патолошкиот стадиум. Хистопатолошката класификација на гастричниот карцином завзема посебно место во воведот. Таа е темелно обработена и илустрирана со слики од хистолошките наоди од сопствен материјал. Во докторската дисертација кандидатот го користи AJCC - мануелот за одредување на стадиумот на малигните тумори, како и диференцираноста на туморите во добро диференциран, умерено диференциран, лошо диференциран и недиференциран карцином.

Кандидатот понатаму се осврнува на современата молекуларна класификација на ГК, која се смета дека може да биде корисен додаток на хистолошката класификација. Овие молекуларни поттипови на карциномот на гастерот покажуваат различни геномски карактеристики, што може да биде основа и насока за идна геномски ориентирана клиничка студија за да ја одвои популацијата склона кон ГК.

Во последната петта подглава на воведот, кандидатот ги анализира дијагностичките и терапевски можности на карциномот на желудникот. Тој напоменува дека хируршката ресекција или целосната гастректомија на желудникот спроведена во зависност од локализацијата на ГК, со стандардизирана лимфаденектомија, претставува златен стандард во терапијата на ракот на желудникот. Точната предоперативна проценка на ГК е од суштинско значење за планирање на оптималното хируршко лекување.

Врз основа на анализата на сите досегашни сознанија поврзани со карциномот на желудникот, кандидатот дошол до хипотетични согледувања. Кандидатот апострофира дека податоците за присутна експресија на HER2 кај карциномот на желудникот како прогностички фактор се двојбени, а објавените резултати во литературата се различни поради што проценката на вредноста на HER2 кај гастричниот карцином во корелација со други клиничко патолошки прогностички фактори сѐ уште е актуелна и претставува истражувачки предизвик. Тој, исто така, вели дека постојат докази дека EBV позитивните гастрични карциноми се посебен етиолошки ентитет и дека се разликуваат од другите гастрични карциноми, по споредливата дистрибуција, анатомската локализација и хируршки нарушената анатомија. Врз основа на овие сознанија кандидатот го гради својот **мотив** за изработување на ова докторска студија. Тој е заинтригиран со ниската стапка на преживување на пациентите со карцином на желудникот и покрај развиените хируршки

техники и напредокот во дополнителните предоперативни, неоадјувантни и адјувантни протоколи за хемотерапија. Утврдувањето на можните причинители/механизми и разбирањето на молекуларните основи на неоплазмите би довеле до развиток на нови молекуларни таргет терапии. Оттука, утврдувањето на здруженоста на гастричниот карцином со EBV – инфекцијата, како еден од факторите кој може да учествува во карциногенезата на оваа неоплазма, и експресијата на HER2 – протеинот, како молекула за таргет – терапијата, може да даде придонес во развојот на нови превентивни и терапевтски стратегии за продолжување на животот на пациентите со гастричен карцином.

Целите на трудот се четвртата глава на дисертацијата. Кандидатот наведува дека главни цели на студијата биле:

- да се одреди имуноекспресијата за HER2 кај карциномите на желудникот;
- да се одреди имуноекспресијата за EBV кај карциномите на желудникот.
- овие параметри да се корелираат меѓусебе и со елементите од TNM - класификацијата за карцином на желудник: локален раст на туморот (T - статус), присуство / отсуство на метастази во регионалните лимфни жлезди, присуство / отсуство на далечни метастази метастази, стадиумот на болеста, диференцираност на туморот.

Во петтата глава, **Материјал и методи**, опишани се дизајнот на студијата, постапката за прибирање на податоците и примероците, користените молекуларни анализи и статистичката обработка на податоците. Кандидатот наведува дека оваа студија претставува ретроспективно-проспективна (100 со 49 соодветно) студија каде што биле опфатени 149 пациенти со ГК оперирани на Универзитетската клиника за дигестивна хирургија во Скопје во период од 5 години. Кандидатот во оваа глава ги опишува дијагностичките постапки, предоперативниот и оперативен третман кај пациентите со ГК.

Оперативниот материјал за хистопатолошка анализа биле обработени на Институтот за патологија при Медицинскиот факултет во Скопје.

Во студијата биле обработени следниве клинички податоци: пол, возраст, етничка припадност, интрагастрична локализација на неоплазмата, присуство на далечни метастази.

На Институтот за патологија, микроскопски биле одредени степенот на диференцијација, Т, Н и М - параметрите од ТНМ - класификацијата и стадиумот на болеста, контролиран со клиничкиот стадиум на болеста.

Ткивни исечоци од ГК на сите 149 пациенти биле имунохистохемиски обоени со HER2-антитело, а контрола на добиените резултати била направена со стандардизирана FISH - метода на Институтот за патологија во Скопје.

Кај примероците со позитивна имуноекспресија на HER2, бил одреден и степенот на експресија на HER2 и тоа во 4 хистолошки шеми:

- 3+ силна, целосна базолатерална или латерална мембранозна реактивност во повеќе или еднакво на 10 % од туморски клетки;
- 2+ слаба до умерена целосна, базолатерална или латерално мембранозна реактивност во повеќе или еднакво на 10 % од туморските клетки;

- 1+ одвај забележлива мембранска реактивност во повеќе или еднакво на 10 % од туморските клетки; туморските клетки се реактивни само во дел од нивните мембрани;
- нема реактивност или мембранска реактивност во помалку од 10 % од туморските клетки.

Експресијата на EBV била одредена во ткивни исечоци на 80 пациенти со ГК во 2 хистолошки шеми:

1. присуство на обоен протеин во јадрото;
2. присуство на обоен проеин во цитоплазмата.

Како контрола за боењата беше користена стандардна комерцијална контрола.

Добиените податоци од ова истражување биле статистички обработени и графички и табеларно прикажани.

Целокупниот материјал од главата **Резултати** е поделен и претставен во четири подглави во кои се претставени демографските и клинички особини на испитаниците, позитивитет и степен на експресија на HER2 протеинот, експресија на EBV и корелација меѓу HER2 и EBV - експресијата кај гастричниот карцином.

Во студијата, експресијата на HER2 протеинот е анализирана на ткивните примероци од гастричен карцином кај 41 (27,52 %) пациент од машки и 108 (72,48 %) пациентки од женски род. Пациентите се на возраст од 40 до 86 години, со просечна возраст од 65.19±10.1 години. Во однос на етничката припадност, се анализирани 114 (76,51 %) испитаници Македонци и 35 (23,49 %) беа од албанска националност.

Во однос на интрагастричната локализација, 61 пациент имале ГК локализиран на кардија, 37 пациенти имале ГК локализиран во корпус и 51 пациент имале ГК локализиран во антро-пилорусната регија. Пет пациенти имале тумор со T1 статус, 19 имале тумор со T2 статус, 41 пациент имале тумор со T3 статус и 84 пациенти имале тумор со T4 статус. Позитивни регионални лимфни јазли се најдени кај 113 пациенти, а далечни метастази кај 13 пациенти. Само 2 пациенти имале добро диференцирани тумори, 64 пациенти имале умерено диференциран тумот и 81 пациент имале лоѓо диференцирани тумори. Стадиум I на болеста бил утврден кај 11 пациенти, во стадиум II на болеста биле 37 пациенти, во стадиум III биле 88 пациенти и во стадиум IV биле 13 пациенти.

Позитивно боење со HER2 е најдено во туморското ткиво на 29,53 % од испитаниците, од кои 10 (6,71 %) случаи покажале слаба (шема +) експресија, 7 (4,69 %) случаи покажале умерена (шема ++) експресија и 27 (18,12 %) случаи покажале силна (шема +++) Her2 експресија.

Во студијата не е најдена статистичка разлика во експресијата на Her2 - протеинот во ГК во однос на полот возраста и етничката припадноест.

Висок степен на експресија на HER2 или шема HER2+++ е утврдено дека е значително позастапена кај пациентите со ГК локализиран во антропиloричниот регион (p=0.005) во споредба со тело и кардија и кај пациентите со присутни нодални метастази

(p=0.03). Според резулататите е докажана позитивна HER2 - експресија кај ГК со статистички значајно поголема честота кај умерено диференцираните карциноми во однос на лошо диференцираните карциноми (p=0.034), а шемата HER2+++ е значително почеста кај пациентите со ГК со добра диференцираност на карциномот.

За експресија на EBV во оваа студија се анализирани ткивните примероци на 80 пациенти, од кои 25 (31,25 %) од машки и 55 (68,75 %) од женски пол на возраст од 40 до 86 години, со просечна возраст од 65.19±10.1 години. EBV асоциран гастричен карцином е најден кај 23,7% од пациентите во испитуваната серија со значајно поголема честота кај припадниците од албанската националност (p=0.009). EBV - експресијата во гастричниот карцином е најдено дека е сигнификантно почеста кај пациентите со далечни метасази (p<0.0001). Утврдена е високо сигнификантна корелација меѓу HER2 - позитивитетот и EBV - експресијата кај гастричниот карцином (p=0.041), при што HER2 - експресијата е поизразена кај EBV негативните гастрични карциноми(p=0.02).

Главата **Дискусија** содржи повеќе потпоглавја во кои се прикажани литературни податоци за обработуваната тема и е направена соодветна и исцрпна компарација на добиените резултати во студијата со соодветни други студии и аналогни резултати објавени во релевантната научна литература.

На крајот од докторскиот труд, по добиените резултати, во седмата глава, кандидатот ги изведува **заклучоците:**

1. Во испитаниот материјал, позитивна HER2 - имуноекспресија во карциномот на желудникот покажаа 29 % од испитаниците.
2. Високиот степен на експресија на HER2 (3+) е во статистички значајна зависност со локализацијата на карциномот на желудникот (p=0.005). Шема на HER2 +++ е значително почеста кај пациентите со ГК локализиран во предел на антро-пилорусниот регион.
3. Високиот степен на експресија на HER2 (3+) е во статистички значајна зависност од присуството на метастази во регионалните лимфни јазли (p=0.03). Шема на HER2 +++ е значително почеста кај пациентите со ГК со метастази во регионалните лимфни јазли.
4. Позитивна HER експресија кај ГК е статистички значајно почеста кај умерено диференцирани карциноми во однос на лошо диференцирани карциноми (p=0.034).
5. Високиот степен на експресија на HER2 (3+) е во статистички значајна зависност од степенот на диференцираност на карциномот (p=0.01). Шема на HER2 +++ е значително почеста кај пациентите со ГК со добра диференцираност на карциномот.
6. EBV - асоциран карцином на желудникот е присутен кај 23,7 % од анализираните пациенти. Во оваа студија се утврди висок процент на EBV асоциран гастричен карцином
7. EBV - асоциран карцином е сигнификантно почест кај припадниците од албанска националност во споредба со припадниците на македонската националност.
8. EBV - експресијата во гастричниот карцином е сигнификантно почеста кај пациентите со далечни метасази ( p<0.0001).
9. Постои високо сигнификантна корелација меѓу HER2 - позитивитетот и EBV - експресијата кај гастричниот карцином (p=0.041).

10 Шемата на експресија на HER2 е во негативна корелација (R = - 0.258), со EBV - експресијата, односно HER2 - експресијата е поизразена кај EBV - негативните гастрични карциноми (p=0.02).

11. Статистички значајната разлика во експресијата на HER2 - протеинот во гастричниот карцином кај пациентите со нодални метастази и статистички значајната негативна

корелација на HER2 - експресијата со градусот на туморот укажуваат на тоа дека HER2 - експресијата е сигнификантно корелирана со поагресивна болест и можноста за полош исход кај пациентите со гастриен карцином.

12. Значајната корелација на ЕБВ - имуноекспресијата со далечните метастази кај пациентите со ГЦ сугерира влијание на ЕБВ - инфекцијата во прогресијата на гастричниот карцином.
13. Поради релативно оскудните и двојбени литературни податоци за EBV - здружен гастричен карцином, неопходни се понатамошни студии со цел да се одреди улогата на EBV во однос на етиологијата, третманот и прогнозата кај пациентите со EBV здружен гастричен карцином.

Во осмата глава **Литература** наброени се 132 научни трудови, кои се соодветно селектирани за потрбите на истражувањето и коректно цитирани во текстот на докторската дисертација.

**Предмет на истражување**

Предмет на ова научно истражување се 149 пациенти со гастричен карцином оперирани на Универзитетската клиника за дигестивна хирургија во Скопје, кај кои е спроведена стандардна оперативна постапка субтотална ресекција со лимфаденектомија и тотална гастректомија со лимфаденектомија. Оперативниот материјал е хистолошки и имунохистохемиски обработен во Институтот за патологија во Скопје.

Во студијата Кандидатот поаѓа од претпоставката *(работна хипотеза)* дека степенот на имуноекспресија на HER2 е во корелација со клиничко патолошките параметри и дека EBV - експресијата во ГК е еден од гакторите кој учествува во карциногенезата влијае на прогресијата на карциномот.

Цел на оваа докторска студија било да се одреди имуноекспресијата за HER2 - протеинот и EBV - експресијата кај карциномите на желудникот и ексресијата на Her2 и EBV да се корелира меѓусебе и со клинички параметри, елементите од TNM - класификацијата за карцином на желудник, стадиумот на болеста и диференцираноста на туморот.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Кандидатот дава исцрпен преглед за состојбата и актуелноста на ракот на желудникот во земјата и пошироко. Тој напоменува дека во последните години инциденцата и стапката на смртност од гастричен карцином покажуваат тренд на опаѓање, но сепак истражувањето во ова поле претставува предизвик за секој клиничар. Тој ги елаборира ризик факторите меѓу кои особено значење и се припишува на инфекцијата со Епштајн-Бар вирусот (EBV), чија асоцираност со гастричен карцином сѐуште претставува предмет на истражување. Според податоците претставени од литературата која ја користел кандидатот се забележува дека гастричниот карцином покажува прекумерна експресија на HER2 протеинот (HER2/neu, ErbB-2) кој е 185 –kDa трансмембрански рецептор за тирозин киназата, која според некои автори е поврзана со големината на туморот, серозната инвазија и метастазите во лимфните јазли, како и со полоша прогноза за период од 10 годишно преживување. Бидејќи според литературните податоци, сознанијата за прогностичкото значење на HER2 сѐ

уште се предмет на разгледување, а и поради фактот дека одделни пациенти развиваат резистенција на терапијата со моноклонално антитело против HER2, истражувањата во ова поле **се сѐуште актуелни и неопходни**.

Изработката на оваа докторска дисертација се одвивала во соработка со две институции, Клиниката за дигестивна хирургија и Институтот за патологија на медицинскиот факултет при УКИМ, Скопје, со што се потврдува неопходноста од тимска работа за постигнување на соодветни научни цели.

**Краток опис на применетите методи**

Во студијата се вклучени 149 пациенти со карцином на желудникот оперирани на Универзитетската клиника за дигестивна хирургија во Скопје, чиј оперативен материјал е анализиран на Институтот за патологија во Скопје за макроскопска, микроскопска и хистохемиска анализа за имуноекспресија на HER2 и EBV. Кај сите партиципиенти во студијата се нотирани, покрај основните демографски особености (пол, возраст, етникум), интрагастричната локализација на неоплазмата, елеентите на ТНМ - системот, стадиумот, диференцираноста на неоплзмата и имуноекспресија на HER2 - протеинот. Контролата е направена со стандардизирана FISH метода, а кај болните со позитивна имуноекспресија на HER2 е одредуван и степенот на експресија на HER2 во 4 хистолошки шеми: 3+ силна; 2+ умерена; 1+ слаба и – нема експресија за Her2 протеинот.

За одредување на експресија на EBV (присутна инфекција со Епштајн-Бар вирусот) се направени имунохистохемиски боења кај 80 партиципиенти со користење на Immunoperoxidase LSAB + system и специфично примарно моноклонално антитело против EBV (DAKO – Monoclonal Mouse. Anti-Epstein Barr Virus, LMP. Clones CS. 1-4. Code IR753). Одредената имуноекспресијата на HER2 и EBV во туморското ткиво кандидатот ја корелирал со патохистолошките и клинички параметри и меѓу себно.

Наодите од протоколите се систематизирани и статистички обработени.

**<u>Краток опис на резултатите од истражувањето</u>**

Во студијата, експресијата на HER2 - протеинот е анализирана на ткивните примероци од гастричен карцином кај 41 (27,52 %) пациент од машки и 108 (72,48 %) пациентки од женски род. Пациентите се на возраст од 40 до 86 години, со просечна возраст од 65.19±10.1 години. За експресија на EBV во оваа студија се анализирани ткивните примероци на 80 пациенти од кои 25 (31,25 %) од машки и 55 (68,75 %) од женски пол на возраст од 40 до 86 години, со просечна возраст од 65.19±10.1 години. Во однос на етничката припадност, се анализирани 114 (76,51 %) испитаници македонци и 35 (23,49 %) беа од албанска националност. Позитивно боење со HER2 е најдено во туморското ткиво на 29,7% од испитаниците. Висок степен на експресија на HER2 или шема HER2+++ е установено дека е значително позастапена кај пациентите со ГК локализиран во антропилоричниот регион (p=0.005) и кај пациентите со присутни нодални метастази (p=0.03). Според резулататите е докажана позитивна HER2 експресија кај ГК со статистички значајно поголема честота кај умерено диференцираните карциноми во однос на лошо диференцираните карциноми (p=0.034), а шемата HER2+++ е значително почеста кај пациентите со ГК со добра

диференцираност на карциномот. EBV - асоциран гастричен карцином е најден кај 23,7 % од пациентите во испитуваната серија со значајно поголема честота кај припадниците од албанската националност (p=0.009). EBV - експресијата во гастричниот карцином е најдено дека е сигнификантно почеста кај пациентите со далечни метасази ($p<0.0001$). Утврдена е високо сигнификантна корелација меѓу HER2 - позитивитетот и EBV експресијата кај гастричниот карцином (p=0.041), при што HER2 - експресијата е поизразена кај EBV негативните гастрични карциноми(p=0.02).

Врз основа на добиенитте резултати се донесени заклучоци кои велат дека статистички значајната разлика во експресијата на HER2 - протеинот во гастричниот карцином кај пациентите со нодални метастази и статистички значајната негативна корелација на HER2 - експресијата со градусот на туморот укажуваат на тоа дека HER2 - експресијата е сигнификантно корелирана со поагресивна болест и можноста за полош исход кај пациентите со гастричен карцином. Во оваа студија се утврди висок процент на EBV - асоциран гастричен карцином. Значајната корелација на EBV - имуноекспресијата со далечните метастази кај пациентите со ГК сугерира влијание на EBV инфекцијата во прогресијата на гастричниот карцином. Поради релативно оскудните и двојбени литературни податоци за EBV здружен гастричен карцином неопходни се понатамошни студии со цел да се одреди улогата на EBV во однос на етиологијата, третманот и прогнозата кај пациентите со EBV здружен гастричен карцином.

## Оцена на трудот

Докторската дисертација со наслов „HER2 - експресија и EBV - асоцираност кај гастричен карцином во корелација со клиничко патолошките карактеристики“ од кандидатот од ас. д-р Љубомир Огњеновиќ, претставува оригинален истражувачки труд во областа на медицинската наука, односно хирургијата и базичната наука.

Изработката на темата на оваа докторска дисертација имаше за цел утврдување на имуноекспресијата на HER2 и EBV кај карциномите на желудникот, и корелација на Her2 и EBV експресијата меѓу себе и со елементите од TNM класификацијата за карцином на желудникот: локален раст на туморот (T - стадиум); присуство / отсуство на метастази во регионалните лимфни жлезди; присуство / отсуство на далечни метастази метастази; стадиумот на болеста и диференцираност на туморот. При тоа, цел беше да се одреди нивната вредност како прогностички фактори и да се збогатат сознанијата за етиолошките и терапевтски можности на гастричниот карцином.

Кандидатот со изготвувањето на овој докторски труд очекуваше и докажа, што претставува суштински научен придонес, дека HER2 - експресијата е сигнификантно корелира со поагресивна болест што укажува на полош исход кај пациентите со гастричен карцином. Во однос на EBV - асоцираниот гастричен карцином се докажа дека имуноекспресијата на EBV е значајно повисока кај пациентите со далечните метастази што укажува на влијанието на EBV - инфекцијата во прогресијата на гастричниот карцином.

Главниот придонес од истражувањето е доказот за неопходност од клиничка примена на имунохистохемиските методи за идентификација на експресијата на HER2 и EBV

кај карциномот на желудникот со цел да може да се овозможи соодветна терапија кај пациентите, што денес во ерата на персонализација на терапијата според генетскиот код е особено важно.

Докторската дисертација со наслов „HER2 - експресија и EBV - асоцираност кај гастричен карцином во корелација со клиничко патолошките карактеристики“, од кандидатот ас. д-р Љубомир Огњеновиќ, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за одбрана на докторски труд.

## ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Ognjenovic L, Trajkovski G, Gjoshev S, Shumkovski A, Dzambaz D, Hadzi-Manchev D, Volcevski G, Fildishevski I, Nikolova D, Petrushevska G, Janevska V, Janevski V. „HER2 Positive Gastric Carcinomas and Their Clinico-Pathological Characteristics“, објавен: Open Access Maced J Med Sci., https://doi.org/10.3889/oamjms. 2018.280; импакт-фактор(0,93)

[2]Ognjenovic L, Shumkovski A, Gjoshev S, Volchevski G, Trajkovski G, Karadzov Z, Dzambaz D, Hadzi-Manchev D, Hadzi-Manchev T, Petrushevska G, Janevska V, Janevski V, Brzanov N
“EBVPositive Gastric Carcinomas and Their Clinicopathological Characteristics”, објавен: Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences.2018 Oct 25; 6(10):1829-1832. https://doi.org/10.3889/oamjms 2018.409: импакт-фактор(0,93)

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главни научни придонеси на докторската дисертација се: наодот дека HER2 - експресијата кај ГК претставува прогностички фактор кај е во корелација со други клиничко патолошки прогностички фактори и наодот дека инфекцијата со EBV има влијание во прогресијата на карциномот на желудникот. Во оваа студија е утбрдено и дека EBV - здружениот гастричен карцином значително почесто се среќава кај припадниците на албанската етничка зедница во споредба со припадниците на македонскиот народ.

Студијата има апликативно значење поради воведување на стандард за клиничка примена на имунохистохемиските методи за идентификација на експресијата на HER2 - протеинот и EBV - инфекцијата кај карциномот на желудникот со цел да се спроведе персонализирана терапија кај болните со ГК.

Утврдувањето на можните причинители/механизми и разбирањето на молекуларните основи на неоплазмите би довело до развој на нови молекуларни таргет - терапии. Од тука утврдување на здруженоста на гастричниот карцином со EBV - инфекцијата како еден од факторите кој може да учествува во карциногенезата на оваа неоплазма и експресијата на HER2 - протеинот како молекула за таргет - терапијата може да дадат придонес во развојот на нови превентивни и терапевтски стратегии за продолжување на животот на пациентите со гастричен карцином.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација со наслов „HER2 - експресија и EBV - асоцираност кај гастричен карцином во корелација со клиничко патолошките карактеристики“ од кандидатот ас. д-р Љубомир Огњеновиќ.

КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Зоран Караџов, претседател с.р.

2. Проф. д-р Владо Јаневски , ментор с.р.

3. Проф. д-р, Гордана Петрушевска, член с.р.

4. Проф. д-р Јулија Живадиновиќ, член с.р.

5. Проф. д-р Магдалена Генадиева Димитрова, член с.р.

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТА ТЕОРЕТСКИ ПОЛИТИЧКИ НАУКИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа теоретски политички науки објавен во дневниот весник „Слободен печат“ и во дневниот весник „Коха“ на 5 ноември 2018, со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје од 30 ноември 2018 година, за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа теоретски политички науки се определени: проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова (редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје), проф. д-р Љубомир Фрчкоски (редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје) и проф. д-р Илија Вујачиќ (редовен професор во пензија на Факултетот за политички науки во Белград, Република Србија). Со оглед на фактот што проф. д-р Илија Вујачиќ одлично го познава македонскиот јазик, текстот на овој реферат се изготвува само на македонски јазик.

По разгледувањето на пријавите со приложените документи, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I) Преглед на пријавените кандидати

На конкурсот имаше еден пријавен кандидат, проф. д-р Зоран Илиевски. Кон пријавата, кандидатот достави: диплома за стекнат соодветен степен на образование- доктор на политички науки, уверение за државјанство, биографија, список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од нив.

По прегледот на поднесените документи на кандидатот проф. д-р Зоран Илиевски се констатира дека тој ги исполнува сите услови предвидени со Законот за високото образование и подзаконските акти.

### II) Приказ на основните податоци - образовниот и кариерниот развој и други остварувања на кандидатот

### 1) Проф. д-р Зоран Илиевски

Проф. д-р Зоран Илиевски е роден на 21 јануари 1981 год. во Битола, кадешто завршил основно и средно образование. На политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан

Први“ се запишал во 1999 год., а дипломирал во 2004 год. со просечен успех 9,80 како првенец на својата генерација. Добитник е на наградата „Златен Јустинијан“.

Во 2004 год. се запишал на постдипломски студии по европски интеграции и регионализам на Универзитетот Карл-Франзенс во Грац, Австрија. Дел од студиите ги поминал на Европската академија во Болцано, Италија, на Европскиот институт за јавна администрација во Луксембург и на Европскиот институт за јавна администрација во Барселона, Шпанија.

Магистрирал во 2006 год. со магистерскиот труд на тема „Решавање на конфликти во етнички поделени општества - случајот Македонија“. Прогласен е за првенец на генерацијата на постдипломските студии на Универзитетот Карл-Франзенс во Грац, Австрија.

За време на неговите додипломски и докторски студии, ангажиран е како демонстратор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје по предметите Политички теории, Современи политички теории, и Цивилно општество. Во јуни 2007 год. е избран за асистент на научните области политички теории, современи политички теории и политичка филозофија.

Во февруари 2009 год. ја одбранил својата докторска дисертација на тема „Интегративната теорија на Доналд Хоровиц и нејзината примена во Република Македонија“, со што се стекнал со академската титула доктор на политички науки.

Проф. д-р Зоран Илиевски останува посветен на своето стручно доусовршување. Од 2006 до 2012 година бил стипендист на Институтот Отворено општество - Будимпешта, избран на меѓународен конкурс за истражувачи кои по завршувањето на своите студии во странство се вратиле да работат во својата земја. Во 2012 година ја посетил Програмата за лидерство во јавниот сектор во Југоисточна Европа, организирана од страна на Harvard Kennedy School Executive Education, во Истанбул, Турција.

Во 2009 година, проф. д-р Зоран Илиевски е избран за доцент на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Во 2014 година, проф. д-р Зоран Илиевски е избран за вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Во континуитет од неговиот избор за доцент на научната област политички теории, па до денес, проф. д-р Зоран Илиевски е ангажиран во наставата на прв и втор циклус студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. На наставните програми од прв циклус студии изведува настава на македонски и на англиски јазик по предметите кои се задолжителни на студиумите: Политички теории, Современи политички теории, Политичка филозофија, Цивилно општество, Јавно мислење и масовни комуникации, Теории за мирот и конфликтите, Политичка социологија, и Применета политика. Во втор циклус студии изведува настава на македонски и англиски јазик на задолжителните предмети: Применета политика, Политичка анализа, Вреднување на политики, Истражување на јавното мислење, Методи на истражување на политичките појави, Вовед во интердисциплинарниот пристап; како и настава на изборните предмети: Етницитет, нација и држава и Аплицирање и менаџирање на европски проекти. Покрај наставата на матичниот факултет, од 2017 год. проф. д-р Зоран Илиевски изведува настава на студиската програма по меѓународни и интеркултурни студии на Филозофскиот факултет при

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на предметот Региони, народи и држави (задолжителен предмет на прв циклус студии).

Покрај успешното изведување на наставните активности, проф. д-р Зоран Илиевски бил ментор на поголем број магистерски трудови, како и на шест докторанди, од кои досега тројца кандидати успешно ги одбраниле своите докторски дисертации. Тој членувал во повеќе комисии за оцена и одбрана на магистерски трудови и докторски дисертации, и бил рецензент на повеќе академски трудови.

Проф. д-р Зоран Илиевски е автор и коавтор на триесеттина труда, публикувани во домашни и меѓународни списанија, како и една монографија. Во последните пет години, од изборот за вонреден професор, има објавено 10 труда во меѓународни научни списанија, учествувал во четири повеќегодишни научноистражувачки проекти, учествувал со свои трудови на меѓународни конференции, одржал две предавања по покана на референтни странски универзитети, седум предавања на регионални школи, и зел учество на голем број меѓународни конференции, конгреси, симпозиуми, форуми и сл.

***Работно искуство***

Проф. д-р Зоран Илиевски зад себе има значително работно искуство во академската и научноистражувачката сфера, како и во областа на неформалното образование и невладиниот сектор.

Неговите работни ангажмани во **академската и научноистражувачката сфера** вклучуваат:

- 2017 - , раководител на трет циклус студии по политички науки и комуниколошки науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје;
- 2014 - , вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје;
- 2011 - , раководител на Центарот за политолошки истражувања и анализи на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје;
- 2010-2016, раководител на Институтот за политички науки, како и раководител на магистерските студии по политички науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје;
- 2009-2014, доцент на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје;
- 2007-2009, асистент на Правниот факултет “Јустинијан Први“ во Скопје на предметите Политички теории, Современи политички теории, Политичка филозофија, и Теории на мирот и конфликтите;
- септември 2006 - јуни 2007, демонстратор на предметите Современи политички теории и Цивилно општество на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје;
- **2005-2008, надворешен научен соработник при истражувачкиот центар „Европска академија“ (Academia Europea di Bolzano (EURAC)), Болцано, Италија;**
- 2005-2008, надворешен научен соработник при истражувачкиот центар „Центар на компетентност за Југоисточна Европа“ (Kompetenzzentrum Südosteuropa), Грац, Австрија;
- октомври 2002-октомври 2004, демонстратор на предметот Политички теории I на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Од неговите бројни работни ангажмани во областа на **неформалното образование и невладиниот сектор** се издвојуваат:

- 2017- , претседател на македонскиот огранок на меѓународниот тинк-тенк Мост Исток Запад Интернационал (East West Bridge International);
- 2015- , член на Советодавниот одбор на меѓународниот тинк-тенк Мост Исток Запад Интернационал (East West Bridge International), Белград;
- 2014-2016, потпретседател на Македонската асоцијација на политолози
- 2010-2017, програмски координатор на Меѓународната школа за млади лидери организирана под покровителство на Претседателот на Република Македонија;
- 2002-2006, претседател на Граѓанското здружение за демократија, мир и толеранција– Аурора.

***<u>Членство во комисии, одбори и работни тела</u>***

Во рамките на своите работни ангажмани, проф. д-р Зоран Илиевски членува/членувал во следниве комисии, одбори и работни тела:

- член на Меѓународниот уредувачки одбор на Македонското списание за политички науки Е-зборник на трудови во издание на Македонски политиколошки форум (2016-);
- официјално лице за контакт на Седмата рамковна програма за истражување и развој на Европската унија (ФП7) за Македонија, во областа на социо-економските и хуманистичките науки (2009-2014);
- член на Организациониот одбор за организирање на Меѓународна научна конференција по повод 25 години од основањето на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ (2018);
- координатор во подготовка на елаборат за нова студиска програма (Заедничка програма за Југоисточноевропски студии) (2009-2012);
- член на Работна група за подготовка на студиска програма по политички студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ (2012-2013);
- член на Комисија за изменување на правилата за студирање во делот на оценувањето (2009-2012);
- член на Работната група за промоција на првиот циклус студии во средните училишта во Република Македонија (2010-2016);
- член на Уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание (Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во чест на 18 години од основањето на политичките студии на Правниот факултет, Скопје, Правен факултет, 2013);
- и член на Комисијата за избор на најдобар млад научник при Кабинетот на Претседателот на Република Македонија (2012).

***<u>Список на трудови</u>***

Наведени и оценети во Образец 2.

***<u>Учество во научноистражувачки проекти</u>***

Проф. д-р Зоран Илиевски учествувал како истражувач, експерт, и координатор во повеќе научноистражувачки проекти, меѓу кои:

- 2018- , истражувач: Jean Monnet Network Project: Active Citizenship: Promoting and Advancing Innovative Democratic Practices in the Western Balkans;
- 2017-2018, експерт: Civil Society Reference Group, Project on National Dialogue, Berghof Foundation, Berlin, Germany;
- 2016- , истражувач, Ctrl+Enter: Jean Monet Network on Migration, Erasmus+ Research and Networking Project;

- 2014- , истражувач: Research project "Identity Fluctuations at the Crossroads of Religion, Ethnicity and Language - the case of the Macedonian Muslim (Torbeshi and Gorani) Communities in the Republic of Macedonia and Kosovo", финансиран од Swiss National Science Foundation и University of Zurich;
- 2009-2011, истражувач и координатор: "The Role of the European Union in Democratic Consolidation and Ethnic Conflict Management in the Republic of Macedonia", RRPP Regional project, финансиран од Swiss Agency for Development and Cooperation;
- 2012-2013, истражувач и заменик-координатор: UNDP Political Analysis and Emerging Scenarios Initiative (PAESi) for Macedonia;
- 2012-2013, координатор: „Europeanization through rule of law implementation in the Western Balkans", RRPP Regional project, ИДСЦС/финансиран од Swiss Agency for Development and Cooperation;
- 2009-2011, истражувач и координатор: "The Role of the European Union in Democratic Consolidation and Ethnic Conflict Management in the Republic of Macedonia", RRPP Regional project,финансиран од Swiss Agency for Development and Cooperation;
- 2009-2012, координатор: Tempus IV ETF-JP-00442-2008 - Example of Excellence in Joint (Degree) Programme Development in South-Eastern-Europe;
- соработник (2008-2009) и координатор (2009-2010) Tempus JEP-41035-2006, Masters Programmes in EU Institutions and Policies and Political Management;
- 2007-2008, соработник, Research project "Human and Minority Rights in the Phases of Conflict in the WBCs" (MIRICO), under the 6th EU-Framework Program;
- 2006-2007, соработник: Research project "European integration and its effects on minority protection in SEE" Research program NODE of the Austrian Ministry of Sciences.

***<u>Научноистражувачки конференции и предавања</u>***

Проф. д-р Зоран Илиевски учествувал со свои трудови и дискусии на голем број домашни и меѓународни конференции, конгреси, симпозиуми и други форми на презентирање на научноистражувачката дејност, вклучувајќи ги:

ILIEVSKI, Zoran, RUNCEVA, Hristina, *The Nationalist Discourses along the Balkan Refugee and Migrant Corridor*, презентиран на ASN 2018 European Convention, University of Graz, Грац, Австрија, 4-6 јули 2018.

ILIEVSKI, Zoran, BOZINOVSKI, Vladimir, *The Impact of the Refugee and Migrant Crisis on the Domestic Politics - the Balkan migrant route and Macedonia*, презентиран на ASN 2018 World Convention, Columbia University, Њујорк, САД, 3-5 мај 2018.

ILIEVSKI, Zoran, DAMJANOVSKI, Ivan, *Explaining Variation of Self-Identification of the Slavic Speaking Muslim Communities in Macedonia and Kosovo*, презентиран на ASN 2016 World Convention, Columbia University, Њујорк, САД, 14-16 април 2016.

ILIEVSKI, Zoran, *Europeanization by Rule of Law Implementation in the Western Balkans*, презентиран на истражувачката работилница на тема *EU Enlargement Strategy in the Western Balkans: Effects on the Rule of Law*, организиран во рамки на SCOPES програмата на Swiss National Science Foundation, ETH, Цирих, Швајцарија, 1 ноември 2014.

ILIEVSKI, Zoran, *The Rule of Law in EU Enlargement Policy- Impact on the Western Balkans*, презентиран на настан во организација на Centre for European Policy Studies, Брисел, Белгија, 18 ноември 2013.

ILIEVSKI, Zoran, *Challenges of Democratic Consolidation in SEE*, презентиран на конференцијата *South-East Europe and the Future of the EU –Collaboration between Institutions of Higher Education*, Dag Hammarskjöld University College for International Relations and Diplomacy, Загреб, Хрватска, 8-11 октомври 2013.

ILIEVSKI, Zoran, *Europeanization through the Rule of Law in the Western Balkans*, презентиран на International Regional Research Promotion Programme Conference, Охрид, септември 2013.

ILIEVSKI, Zoran, *Power Sharing and Territorial Self-Governance in the Western Balkans*, презентиран на OSI and CEU Conference *Knowledge in a Transforming World: Universities, Democracy and Social Change*, CEU, Будимпешта, Унгарија, 22-26 март 2012.

ILIEVSKI, Zoran, *The Role of the European Union in the Democratic Consolidation and Ethnic Conflict Management in the Republic of Macedonia*, презентиран на OSI AFP PolSci& IR, Journalism and History Discipline Group Meeting, Истанбул, Турција, 10-13 ноември 2011.

ILIEVSKI, Zoran, *Power-sharing and Territorial Self-governance in the Western Balkans*, презентиран на ASN 2011 World Convention, Columbia University, Њујорк, САД, 14-16 април 2011.

ILIEVSKI, Zoran, *Reconstruction, Reconciliation and European Integration*, презентиран на International Conference at the University of Graz, Грац, Австрија, 26 февруари 2011.

ILIEVSKI, Zoran, *Identity, Constitutional Design for Conflict Management and the EU: the case of Macedonia*, презентиран на OSI AFP PolSci& IR, Journalism and History Discipline Group Meeting, Анталија, Турција, 21-24 октомври 2010.

ILIEVSKI, Zoran, *Macedonia: How an Identity Conflict Stands in the Way of Its EU Integration*, презентиран на ASN 2010 World Convention, Columbia University, Њујорк, САД, 16-17 април 2010.

ILIEVSKI, Zoran, WOLFF, Stefan, *Successes and Failures of Complex Power Sharing in the Balkans*, презентиран на ASN 2009 World Convention, Columbia University, Њујорк, САД, 23-25 април 2009.

ILIEVSKI, Zoran, *Power Sharing Compared: Lessons to be Learned from South Eastern Europe*, презентиран на конференцијата *Regional Self Government, Cultural Identity and Multinational Integration: Comparative Experiences for Tibet*, Тренто, Италија, 26-17 ноември 2009.

ILIEVSKI, Zoran, *Complex Power Sharing in the Balkans*, презентиран на OSI AFP PolSci& IR and Law Discipline Group Meeting, Истанбул, Турција, 15-18 октомври 2009.

LEBAMOFF, Mary Frances, ILIEVSKI, Zoran, *The Ohrid Framwork Agreement in Macedonia: Neither Settlement nor Resolution of Ethnic Conflict?*, презентиран на ISA's 49th Annual Convention, "Bridging Multiple Divides", Сан Франциско, САД, 26 Март 2008.

***<u>Предавања по покана на референтни странски универзитети</u>***

Проф. д-р Зоран Илиевски ги одржал следниве предавања по покана на референтни странски универзитети:

- 18 октомври 2016, предавање на тема: *Macedonia: a Geo-Strategic Hotspot*, оддржано на Capital Normal University, Пекинг, Кина;

- 24 октомври 2015, предавање на тема: *Macedonia's EU Process*, оддржано на Bahçeşehir University (BAU), Истанбул, Турција;

- 7 октомври 2009, предавање на тема: *The Name Issue between Macedonia and Greece*, оддржано на London School of Economics, Лондон, Велика Британија.

***<u>Предавања на регионални и меѓународни школи</u>***

Проф. д-р Зоран Илиевски ги одржал следниве предавања на регионални и меѓународни школи:

- предавач на Регионалната летна школа 2018 на тема: *Society and Religion: Ethnic groups, Identity and Nationalism*, во организација на Фондацијата "Конрад Аденауер", во соработка со Вилфрид Мартенс центарот за европски студии, Охрид, 6-10 јули 2018;

**Третата глава** е насловена „Средновековната македонска држава на македонските Словени  - Самоиловото царство", кандидатот ја анализира средно-вековната македонска држава на македонските Словени, Самоиловото Царство, во своето скоро четириесетгодишно постоење кое остави неизбришливи траги во историјата со основните карактеристики на оваа држава со словенската бит и јасната дистинкција од останатите соседни балкански држави и народи. Правниот систем, трговското работење, како и финансиските трансакции кои биле помалку или повеќе инкорпорирани со соодветните институции кои постоеле и биле добро етаблирани во Византиското Царство. Всушност, правниот систем на Византија се користел од страна на институциите на Самоиловата држава. Кандидатот смета дека правниот систем во средновековната македонска држава немала свој автономен правен систем, но со еволуцијата на римското право, кон средината на шестиот век врз основа на Јустинијановата кодификација (Corpus juris civilis), се развива византиското право кое во својата основа е правото што се применува во средновековната македонска држава , позната уште и како Самоилово Царство.

**Четвртата глава** е посветена на средовековната српска држава. Во овој дел, значајна улога опфаќа Душановиот законик (во старите ракописи се нарекува *Закон Благовјернаго Цара Душана*), покрај Номоканонот на св. Сава, како најзначаен закон на феудална Србија, донесен на соборот на црковните великодостојници и власници во Скопје на 21 мај 1349, а дополнет на соборот во Сер во 1354. Кандидатот смета дека Законот бил усвоен со цел да се осигура владетелскиот статус и бенефициите на властелата, да обезбеди мерки за држење на меропаси и други себри; и да ја зацврсти власта во освоените области создавајќи единствена балканска држава. Од структурален аспект кандидатот го опишува Законикот кој се состои од 135 до 201 член (во зависност од верзијата на зачуваниот манускрипт). Во својот опис, тој смета дека првите 38 членови се посветени на црквата, потоа следат одредби кои се однесуваат на бенефициите на властелата и слободните луѓе и нивните должности, потоа одредби кои говорат за обврските на зависното население. Во

продолжение на Каноникот следуваат одредби за судството и правото на судиите, за казните за различните видови на кривични и други престапи.

**Петтата глава е насловена „Канонот - Законикот на Лека Дукаѓини".** Во изработката на оваа глава, според кандидатот, најголемиот број правни теоретичари, Законикот на Лека Дукаѓини претставува збирка на албанското обичајно право со традицијата припишувана на личноста од династијата Лека III Дукаѓини од периодот на 15 век. Околностите за негово настанување и развој, влијанието, а пред се улогата на пренесувањето, одржувањето и толкувањето заради, пред сè, кажувања и чести локални промени ја отежнува сликата за целината на пошироко познатиот како Канонот на Лек Дукаѓини.

Во **заклучните согледувања**, кандидатот ја потврдува основната хипотеза на оваа докторска дисертација дека средновековните држави на балканските народи немаат свој автономен правен систем, но со еволуцијата на Римското право врз основа на Јустинијановата кодификација (Corpus juris civilis), се развива византиското право кое во основа е правото што се применува во државите на сите балкански народи, со посебен осврт на Канонот на Лек Дукаѓини, кој своите корени ги влече од византискиот правен систем и е во директна корелација со правото и правните системи на Балканските народи. Со проучување на одредени институции на римското право, како и одредена правна терминологија, повеќето од институтите што Римјаните ги воспоставиле, дури и по толку долго време не ја имаат изгубено моќта. Во принцип, некои институти и правила биле подложени на мали формални промени за да се применат кон специфичните услови на животот, но сепак, нивната суштина останала непроменета. Византиско царство е современ поим кој се користи да се опише Римското Царство, во средниот век, кое имало седиште во Константинопол (денешен Истанбул). Во посебна смисла, обично се однесува на вековите кои го обележале падот на Западното Римско царство. Со Византија се поврзува и терминот Источно Римско царство, но и Византиски Комонвелт.

**<u>Предмет на истражување</u>**

Предметот на истражување на овој докторски труд, како што кажува и самиот наслов, се однесува на влијанието и придонесот на римското право во развојот на влијанието на византиското право врз изградбата на правниот систем на средовековните држави на балканските народи, со посебен осврт на Каноникот на Лек Дукаѓини.

Во овој труд, кандидатот прави и обемна анализа на правниот систем, неговите извори, класификација и примена, иако во бројни научни осврти детално е разработен византискиот правен систем, многу малку е посветено внимание на осознавањето на неговото влијание врз вкупните случувања на државите кои ги создаваат народите на балканските простори.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Според многу автори, кои третираат теми од оваа подрачје се: Дела од општата историја на правото кои третираат теми од оваа подрачје се: Николић Д. Древноруско словенско право, Београд,2002, Обеленски Д. Византиски комонвелт - Источна Европа 500-1453, Скопје, 2002; Robert 1728-1792 Adam, Francesco 1727-1815 Bartolozzi, Engrav, Ruins of the Palace of the Emperor Diocletian at Spalatro in Dalmatia, WENTWORTH Press, 2016, Samuel P. Scott, Roman Civil Law: Including The Twelve Tables, The Institutes of Gaius, The Rules of Ulpian & The Opinions of Paulus, CreateSpace Independent Publishing Platform (June 27, 2014); Поляковская М. А. Общественно-политическая мысль Византии (40-е — 60-е гг. XIV в.). Свердловск, 1981. Clifford Ando, Law, Language, and Empire in the Roman Tradition, University of Pennsylvania Press, 1969, George Ostrogorsky, History of the Byzantine State, Rutgers University Press; Reprint edition (October 1, 1986), Mirjana Polenak-Aḱimovska; Vlado Bučkovski, Izbor na tekstovi od rimskoto pravo, Skopje: Praven fakultet "Justinijan Prvi", 2008. Липшиц Е. Э. Византийское право в период между Эклогой и Прохироном (Частная распространенная эклога)//Византийский временник, т. 36, 1974. K.Nova. E drejta Zakonore Shqiptare Kanuni Lekë Dukagjinit, Pjesa e pare, Tirane, fq.89. Gjon Karma, Ndër Malet Tona, Shkoder Shtyp Shkronja “Shkodra”, 2002; Codex Theodosianus, The Theodosian Code and Novels, and the Sirmondian Constitutions, Greenwood Press, 1969;

Постојат бројни монографии за одредени историски периоди од развојот на европската правна наука. Меѓу најважните научни списанија кои го покриваат оваа подрачје се:Xhemal Meçi, Kanuni i Lekë Dukagjinit variant i Pukës, Çabej Tiranë 1996,Xhemal Meçi,Kanuni i Lekë Dukagjinit variant и Mirditës, Gerr Tirane, 2002,Zakon Leke Dukađina, Anali Pravnog fakulteta u Beogradu, br. 4, Beograd, 1956.Zakonik Cara Stefana Dušana 1349 i 1354, (izdao i preveo Nikola Radojčić), SANU, Beograd, 1960.

**<u>Краток опис на применетите методи</u>**

Методолошката рамка на трудот се состои од повеќе научни методи. Во текот на истражувањето и пишувањето на докторската дисертација се употребени општи, посебни и специфични методски постапки и техники со кои се спроведува истражувањето, вклучувајќи го историскиот метод (нужен заради специфичната област), понатаму анализа и синтеза, методот на класификација, дескрипција, индуктивно-дедуктивниот метод, методот на компилација и методот на компарација.

Употребата на методот на анализа и преработка на концептот на влијаниеото на византиското право врз правниот систем на средновековните држави на просторите на Балканот, а особено од друга страна влијанието врз Канонот на Лек Дукаѓини како одговор на прашањето дека во основа овој Каноник своите корени ги влече од византискиот правен систем и е во директна корелација со правото и правните системи на балканските народи.

**<u>Краток опис на резултатите од истражувањето</u>**

Со оглед на специфичноста на областа, ова истражување дава детална слика за историскиот развој на самото влијание на византиското право врз правниот систем на средновековните држави елаборирани во трудот, на просторите на Балканот, а особено од друга страна, влијанието врз Канонот на Лек Дукаѓини како одговор на прашањето дека во основа овој Каноник своите корени ги влече од византискиот правен систем и е во директна корелација со правото и правните системи на балканските народи.

Значењето на трудот се состои во тоа што тој се обидува да докажува дека и покрај разликите во детали, византиското право е развивано под специфични историски улови и

има низа особености кои го разликуваат од правата на другите правни системи и феудални држави во Европа. Оваа карактеристика настанала како последица на државноправниот континуитет на Византија и постепеното преминување од робовладетелско во феудално уредување. Секако, и покрај разликите со другите европски држави, како и сите правни системи, така и византиските се засновани на правните извори.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатот д-р Ардиан Емини, со наслов ,,**Влијанието на византиското право врз изградбата на правниот систем на средовековните држави на балканските народи-со посебен осврт на Канon Каноникот на Лек Дукаѓини”**, претставува истражување во областа на историјата на државата и правото со елементи на римското и византиското право. Изработката на темата на оваа докторска дисертација е од големо значење за стекнување сознанија од историјата на влијанието на византиското право воопшто, а со посебен осврт на Канонот на Лек Дукаѓини.

Докторската дисертација на кандидатот д-р Ардиан Емини, со наслов ,,**Влијанието на византиското право врз изградбата на правниот систем на средовековните држави на балканските народи-со посебен осврт на Каноникот на Лек Дукаѓини”,** според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатот ,пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. “The Prospects of Membership in International Organizations: The Case of Kosovo”, објавен во Acta Universitatis Danubius, vol.09, No.2/2016.
2. The Legal System of Medieval States in the Balkan Region” објавен во Thirteenth International Scientific Conference “The Teacher of the Future”, 2017.

## Заклучок и предлог

Главни научни придонеси на кандидатот се: дисертацијата овозможува појасен увид Со проучување на одредени институции на римското право, како и одредена правна терминологија дека повеќето од институтите што Римјаните ги воспоставиле, дури и по толку долго време не ја изгубиile моќта во принцип иако некои институти и правила биле подложени на мали формални промени за да се применат кон специфичните услови на животот, сепак нивната суштина останала непроменета.

Подрачјето на примена и ограничувањата се: римско право, историја на правото, но и филозофија на правото преку анализа на разни филозофски аспекти во средовековната правна смисла.

Можните понатамошни истражувања се: предметот на дисертацијата е широко поставен, и остава можност за понатамошни истражувања во развојот на одредени школи кои се појавиле во европската правна мисла. Понатамошните истражувања може да бидат поврзани и со улогата која правната наука би можела да ја  има во создавањето на едно ново европско приватно право.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет ,,Јустинијан први" да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот д-р Ардиан Емини со наслов: ,,**Влијанието на византиското право врз изградбата на правниот систем на средовековните држави на балканските народи-со посебен осврт на Каноникот на Лек Дукаѓини".**

**Комисија**

**Проф. д-р** Владо Бучковски- **претседател с.р.**

**Проф. д-р** Билјана Поповска-**ментор** с.р.

**Проф. д-р** Мелина Гризо, член с.р.

**Проф. д-р** Драган Николиќ, член с.р.

**Проф. д-р** Гоце Наумовски, член с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**

**на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје Н.Н.С од 30-11-2018**

| Кандидат | Тема | Ментор | Датум | Одлука број |
|---|---|---|---|---|
| Димитар Николовски | Концепт и идентификација на перемпторните норми во меѓународното право (jus cogens) (The Concept and Identification of the Peremptory Norms in International Law (Jus Cogens) | проф.д-р Елена Михајлова Стратилати | 30.11.2018 | 02-1434/35 |
| Еркан Махмут | Односите и релациите меѓу извршните и неизвршните членови на одборот на директори (The relations between executive and non-executive members of the board of directors) | проф.д-р Александар Климовски | 30.11.2018 | 02-1434/36 |
| Марија Милошевска | Основање и функционирање на акционерските друштва со капитално учество на државата (Establishment and functioning of joint stock companies with capital participation of the state) | проф.д-р Александар Климовски | 30.11.2018 | 02-1434/37 |
| Васко Андонов | Еднострано менување на различните банкарски договори од страна на банката и заштитата на клиентите (Unilateral Variation of Different Bank Contracts and Client Protection) | проф.д-р Јован Зафироски | 30.11.2018 | 02-1434/38 |
| Марија Трпковска | Реформа на правото на трговска марка во Европската унија (The European Union Trade Mark Legislative Reform) | доц.д-р Христина Рунчева Тасев | 30.11.2018 | 02-1434/39 |
| Тања Поповска | Restitutio in integrum во Европскиот патентен систем (Re-establishment of rights in the European Patent System) | проф. д-р Ненад Гавриловиќ | 30.11.2018 | 02-1434/40 |
| Алдана Лоровска | Глобализација на меѓународен пазар на капитал (Globalization of international markets of capital) | проф.д-р Димитар Гелев | 30.11.2018 | 02-1434/41 |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРИДОНЕС КОН ПОДОБРУВАЊЕТО НА СВОЈСТВАТА НА ШЕВОТ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА ОБЛЕКА" ОД М-Р САШКА ГОЛОМЕОВА, ПРИЈАВЕНА НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, на XXXI седница одржана на 18.9.2018 година, определи Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Сашка Голомеова** со наслов **Придонес кон подобрувањето на својствата на шевот во производството на облека**, во состав: проф. д-р Соња Ќортошева (претседател), проф. др Горан Дембоски (ментор), проф. д-р Биљана Манговска (член), проф. д-р Винета Сребренковска (член) и проф. д-р Маја Јанковска (член) – заведена Одлука бр. 02-1330/1 од 20.9.2018 . Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прочита и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

## АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација ги содржи следниве делови: Вовед, I. Теоретски дел, II. Експериментален дел, III. Резултати и дискусија и IV, Заклучок и Литературен преглед.

Во **воведот** е даден вовед во проблематиката и мотивацијата за истражување, со давање осврт на карактеристиките на индустријата за облека, продуктивноста и квалитетот како фактори кои влијаат врз конкурентноста на оваа индустрија. Даден е акцент врз квалитетот на шевовите на облеката и нивното влијание врз различни аспекти на квалитетот на конфекциските производи.

**Теоретскиот дел** е составен од пет поглавја. Во првото поглавје е дадена опсежна дискусија за квалитетот на шевот, зоните на облеката во кои шевовите се најмногу изложени на механичко напрегање при носење, критериумите за оценка на квалитетот на шевот. Елаборирани се функционалните и естетските карактеристики на шевот кои го дефинираат квалитетот на шевот. Во второто поглавје од теоретскиот дел, се дискутира квалитетот на шевот од аспект на јачина на шевот и феномените кои се јавуваат при деструкција на шевот. Исто така, даден е опсежен осврт на научните истражувања за влијанието на различни фактори

врз јачината и ефикасноста на шевот. Четвртото поглавје од теоретскиот дел ја изложува проблематиката на лизгање на шевот, како естетски, визуелен и функционален недостаток на облеката. Дискутирани се причините за појава на овој феномен, корелационите зависности помеѓу параметрите на шевот и лизгањето на шевот и техниките за намалување на оваа појава. На крајот на ова поглавје, систематски се презентирани претходните истражувања од проблематиката на лизгање на шевот и истакнати се најзначајните научни сознанија. Во четвртото поглавје од теоретскиот дел се дискутирани факторите на квалитетот на шевот и нивната поврзаност со конецот за шиење, параметрите на процесот на шиење, шивачката игла, тип на бод, тип на шев и својствата на текстилната површина. Во последното поглавје се дискутираат термопластичните меѓупостави, нивната примена во конфекциската индустрија, структурата и карактеристиките на овие помошни материјали, со посебен осврт на термопластичните меѓупостави во форма на ленти.

**Експерименталниот дел** се состои од три поглавја. Во првото поглавје е презентирана целта на докторската дисертација и мотивите за истражувањето. Во второто поглавје се опишани користените материјали и нивните структурни својства. Третото поглавје вклучува детален опис на користените методи за работа, набројување на применетите стандарди за испитување и опис на инструментите за испитување и начинот на работа.

Во делот **резултати и дискусија**, во првото поглавје се анализирани различни параметри на шиење и позиции на зајакнувачката лента во шевот. Според резултатите од анализата се избрани параметрите на изработка на шевовите. Кај сите примероци вградувани се три типа зајакнувачки ленти. Во понатамошниот дел, својствата на испитуваните примероци во однос на јачина, ефикасност и лизгање се шевот, како и механичките својства под мали оптоварувања се анализирани во три групи според површинската маса на ткаенините и параметрите на шиење. Во продолжеток се анализирани карактеристиките на механизмот на деформација при дејство на сила на трансверзално истегнување за сите видови термопластични ленти. Во одделно поглавје, екстензивно се дискутирани корелационите зависности помеѓу својствата на шевот и параметрите на структурата на шевот и извлечени соодветни заклучоци и регресиски зависности. Во следното поглавје е анализирана поврзаноста помеѓу лизгањето на шевот и механичките својства на ткаенината на мали оптоварувања. Резултатите се дискутирани од аспект на предвидување на однесувањето на ткаенините во однос на лизгање на шевот, во зависност од паѓањето на карактеристичните механички својства во или вон сигурната зона на контролната карта добиена на FAST системот. Дискусијата продолжува со статистичка анализа на влијанието на зајакнувачките ленти врз јачината и лизгањето на шевот. Во последното поглавје е направена оцена за квалитетот на шевовите со вградување на термопластична зајакнувачка лента.

Во делот **заклучок** се сумирани најважните резултати од сите фази на испитувањата, нагласени се најзначајните резултати и дадени предлози за

понатамошни истражувања. Во **литературниот** преглед се цитирани користените научните референци од областа на истражување.

## ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Истражувањата за својствата на шевовите за облека во најголем дел се поврзани со модификација на структурните параметри на текстилните површини во насока на подобрување на перформансите на шевовите. Исто така, дел од истражувањата се фокусирани на влијанието на различни хемиски третмани и доработки врз својствата на шевовите. Подобрување на квалитетот на шевот преку приспособување на конструкциските својства на шевот и параметрите на процесот на шиење е посебен сегмент на истражување во делот на технологијата на шевови. Пронаоѓањето на начин за подобрување на перформансите на шевовите во текот на процесот на производство на облека е интересна тема од аспект на подобрување на квалитетот на конфекциски производи. Идејата за истражувањето доаѓа од спецификите на конфекциското производство, каде многу често, во самиот процес на изработка на облека е потребно да се најде решение за подобрување на својствата поради задоволување на стандардите за квалитет. Оттука произлегува мотивот за истражување во докторската дисертација: истражување на можностите за подобрување на својствата на шевовите за облека преку вградување термпластични ленти во структурата на шевовите. Во истражувањето се применети повеќе типови термопластични зајакнувачки ленти и испитуван е нивниот ефект врз подобрување на својствата на шевовите. Испитуваните текстилни површини се материјали наменети за производство на женска лесна конфекција. Целта на докторската дисертација е истражување на комплексните интеракции помеѓу структурните карактеристики на материјалите и својствата на шевот и анализирање на ефектот од вградувањето различни видови термопластични зајакнати ленти врз подобрување на карактеристичните својства на шевовите.

## СОСТОЈБА НА ПОДРАЧЈЕТО ВО КОЕ Е РАБОТЕНА ДИСЕРТАЦИЈАТА

Студиите за истражување на феномените на јачината и ефикасноста на шевот се насочени главно кон утврдување на влијателните фактори и нивното специфично влијание врз карактеристиките на шевот. Дел од истражувањата се фокусирани на промената на каратеристиките на параметрите на шевот во процесот на формирање бод, влијание на карактеристиките на конецот и постапките на одржување на облеката врз јачината и ефикасноста на шевот. Истражувани се и карактеристиките на текстилните површини: суровински состав, структура, површинската маса и други карактеристики, од аспект на нивното влијание врз својствата на шевовите. Предмет на истражување се и ефектите на параметрите на шевот: густината и геометријата на бодовите, силите на триење во шевот и архитектурата на шевот врз

карактеристиките на шевовите. Одреден број истражувања се насочени кон феномените на лизгање на шевот кај облеката, причините за настанување на лизгањето, како и поврзаноста на: негата на облеката, доработката, параметрите на шивачкиот бод, затегнатоста на конецот, геометријата на шевот и конструкцијата на облеката врз лизгањето на шевот. Овој докторски труд е насочен кон истражување на можноста за подобрување на својствата на шевовите кај карактеристична технолошка група на облека со вградување на термопластични ленти во структурата на шевот.

## КРАТОК ОПИС НА ПРИМЕНЕТИТЕ МЕТОДИ

Во насока на реализација на идејата за докторската дисертација, применета е следнава методологија на истражување:

- подготовка на теоретската основа за изработка на дисертацијата преку сеопфатна анализа на литературата, при што се консултирани 139 референци;

- селекција на основни и помошни материјали од карактеристична технолошка група на облека за реализација на експериментот со користење референтни податоци и повеќегодишна производна практика на конфекциски компании во регионот;

- испитување структурните и физичко-механичките својства на материјалите со користење соодветни стандарди и инструменти: SIRO FAST-Fabric Assuarance by Simple Testing, FAST-1 comppression meter, FAST-2 bending meter и FAST-3 extension meter и Video Analyser 2000 code 250D-компјутерски микроскоп;

-анализирање на карактеристиките на материјалите и определување на параметри на процесирање на примероците за реализација на експериментот;

-испитување на карактеристични својства на примероците со користење на динамометар H5KT Tinius Olsen и софтвер Q-mat за обработка на резултатите;

-анализа и дискусија на добиените резултати.

## КРАТОК ОПИС НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Резултатите од докторската дисертација ги потврдуваат претходно поставените тези дека вградувањето на термопластичните ленти може да ги подобри својствата на шевовите за облека, и тоа:

- со вградување на термопластична лента во структурата не шевот, докажано е дека отпорноста кон лизгање на шевот се подобрува до 69 %, како и генерално отпорноста кон повеќекратни оптоварувања;

- испитувањата покажуваат дека јачината истегнување на шевовите со вградување на термопластичната лента може да се зголеми за 12 %;
- во истражувањето се користени термопластични зајакнувачки ленти со различни карактеристики за зајакнување на шевовите. Постигнати се различни ефекти во подобрување на отпороноста кон лизгање на шевот во зависност од структурата на термопластичните ленти;
- добиените резултати покажуваат дека подобрувањето на ефикасноста на шевот како резултат на вградувањето на термопластичните ленти варира кај различните испитувани групи од аспект на структура на материјалите и параметрите на формирање шев;
- за испитуваната група ткаенини, дефинирани се карактеристичните параметри на материјалите и нивната локација во различни зони на контролните карти на FAST системот, кои можат да се користат за предвидување на карактеристично однесување во однос на квалитетот на шевовите;
- за рангот на испитуваните материјали се дефинирани интеракциите помеѓу карактеристичните структурни параметри на материјалите и соодветните карактеристики на шевовите во насока на подобрување на квалитетот на облеката.

## Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила во меѓународни научни списанија следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Golomeova Saska and Demboski Goran, Application of thermoplastic stitched reinforced tape for seam quality improving, 24th Congress of the society of chemists and technologists of Macedonia with international participation, 11-14 Sept 2016, Ohrid, Macedonia.

2. Golomeova Saska and Demboski Goran, Performance of garment seams strengthened with thermoplastic stitched reinforced tape, International journal

for science, technics and innovations for the industry-Machines, Technologies, Materials, XI, 2017, 11, pp. 537-540.

3. Golomeova Saska and Demboski Goran, The influence of thermoplastic reinforcement tape location on seam performance, Advanced technologies, 6 (1). 2017, pp. 93-95
4. Golomeova Saska and Demboski Goran, Investigation of seam performance using two different methods, 12 Symposium Novel Technologies and Economic Development, Leskovac 2017, pp. 148-154.

5. Golomeova Saska and Demboski Goran, Garment quality increasing by seam properties improving, Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 22 (4) 2018, pp. 983-988.

## Главни научни придонеси на кандидатот

Од резултатите на истражувањето е добиен апликативен научно базиран метод за подобрување на функционалните перформанси на облеката во делот на квалитетот на шевовите.

Докторската дисертација дава научен придонес кон продлабочување на сознанијата за корелациите помеѓу структурата и својствата на материјалите за конфекционирање и квалитетот на шевовите.

Разјаснување на влијанието и ефектите од вградување термопластични зајакнувачки ленти врз квалитетот на шевовите, механизмите на процесот и врз каратеристичните параметри на графикот сила издолжување при трансверзално оптоварување на шевовите

## Подрачје на примена и ограничувања

Во насока на подигнување на стандардите на изработка, задоволување на спецификациите за квалитетот и зголемување на конкурентноста на компаниите, резултатите од истражувањето може да се применат во процесите на изработка на облека за подобрување на својствата не шевовите на позиции кои трпат најмногу оптоварување во текот на експлоатација.

## Можни понатамошни истражувања;

- проширување на истражувањата во однос на влијание на термопластичните зајакнувачки ленти врз набирање на шевот кај облеката од истата технолошка група;

- истражување на ефектите на одржување на облеката врз својствата на шевовите зајакнати со термопалстични летни.

## З А К Л У Ч О К

Докторската дисертација на кадидатката м-р Сашка Голомеова, **Придонес кон подобрувањето на својствата на шевот во производството на облека**, претставува самостоен, оригинален научен труд од областа технологија на облека.

Темата на истражување е актуелна од аспект на зголемувањето на квалитетот и конкурентноста на индустријата за облека и дава научен придонес кон продлабочување на сознанијата за можностите за подобрување на перформансите на шевовите за облека.

Во дисертацијата се елаборирани механизмите на кинење и лизгање на шевовите, како и интеракцијата и влијанието на факторите: структура/својство на материјалите, параметри на шевот и карактеристики на термопластичните зајакнувачки ленти врз својствата на шевовите.

Докторатот во целост ги исполнува претходно поставените цели и дава насоки за подобрување на својствата на шевовите за карактеристична технолошка група на производство на облека и насоки за предвидување на однесувањето на текстилните површини во однос на лизгање на шевот, од аспект на механичките својства на мали оптоварувања.

Имајќи го предвид горенаведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, да го прифати Извештајот за докторскиот труд **Придонес кон подобрувањето на својствата на шевот во производството на облека**, на кандидатката м-р Сашка Голомеова и да одобри јавна одбрана.

**КОМИСИЈА**

Проф. д-р Соња Ќортошева, претседател, с.р.

Проф. др Горан Дембоски, ментор, с.р.

Проф. д-р Биљана Манговска, член, с.р.

Проф. д-р Винета Сребренковска, член, с.р.

Проф. д-р Маја Јанковска, член, с.р.

**Преглед**

**на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје од XV-та седница на Наставно-научниот совет одржана на 26.11.2018 година**

| Кандидат | Наслов на труд МК | Наслов на труд ENG | Ментор | Одлука на ННС на ФЗНХ |
|---|---|---|---|---|
| Јасмина Стоиљковиќ | Антимикробен ефект на етерични масла од босилек и тимијан врз Salmonella spp. во тестенини со јајца | Antimicrobial effect of essential oils from basil and thyme on *Salmonella* spp. in pasta with eggs | Проф. д-р Методија Трајчев | Бр. 02-829/4 26. Од 11. 2018 год. |

**Преглед**

**на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје од XIV-та и XV-та седница на Наставно-научниот совет одржани на 16.10.2018 и 26.11.2018 година**

| Кандидат | Наслов на труд МК | Наслов на труд ENG | Ментор | Одлука на ННС на ФЗНХ |
|---|---|---|---|---|
| Славица Давидовска | Определување на водно-физичките својства на почвата и потребите на вода за наводнување на површините на Опитно поле ФЗНХ - Долно Лисиче | Soil water-physical properties and determination of irrigation water requirements in Opitno pole FZNH– Dolno Lisice | Проф. д-р Вјекослав Танасковиќ | Бр. 02-726/12 од 16.10.2018 год. |
| Евгенија Јордановска | Инвентаризација и дистрибуција на генетски ресурси од поледелски и градинарски култури во Осоговскиот регион | Inventorization and distribution of genetic resources from field and vegetable crops in Osogovo region | Проф. д-р Мирјана Јанкуловска | Бр. 02-829/6 од 26.11.2018 год. |
| Драган Јаневски | Квалитетни својства на лебното брашно во зависност од генетскиот потенцијал на некои сорти пченица | Quality properties of bread flour depending on the genetic potential of some wheat varieties | Проф. д-р Дане Бошев | Бр. 02-829/5 од 26.11.2018 год. |

## РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНКА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОБРАЗОВЕН СОФТВЕР, ДИГИТАЛНИ УЧЕБНИ МАТЕРИЈАЛИ И НАСТАВА СО ПРИМЕНА НА ИКТ ВО УСЛОВИ НА МАСОВНА ИНФОРМАТИЗАЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО“

## ОД М-Р МЕТОДИЈА ЈАНЧЕСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, на седницата одржана на 29.8.2018, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Методија Јанчески со наслов „Образовен софтвер, дигитални учебни материјали и настава со примена на ИКТ во услови на масовна информатизација на образованието“, во состав: проф. д-р Смиле Марковски (претседател), проф. д-р Маргита Кон-Поповска (ментор), проф. д-р Жанета Попеска (член), проф. д-р Ана Мадевска Богданова (член) и проф. д-р Иван Чорбев (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Методија Јанчески, со наслов „Образовен софтвер, дигитални учебни материјали и настава со примена на ИКТ во услови на масовна информатизација на образованието“, содржи 272 страници компјутерски обработен текст во фонт Times new Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, вклучува 166 слики и 25 табели и се повикува на 134 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 9 глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, кандидатот ја презентира мотивацијата за изработката на докторскиот труд, го дефинира проблемот и ги определува целите на истражувањето, општиот придонес на трудот и обемот на студијата. Кандидатот ги претставува актуелните предизвици во доменот на образовниот софтвер, дигиталните учебни материјали и наставата со примена на информатичките и комуникациските технологии (ИКТ) во образованието.

Дефинираните цели опфаќаат: анализа на постојните состојби со ИКТ во образованието, образовниот софтвер и дигиталните учебни материјали во Република Македонија (РМ) и во дванаесет европски држави и дизајнирање на образовен софтвер кој ќе биде применлив во повеќе наставни подрачја во областа на математиката, информатиката и природните науки.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена „Теориски основи на активно учење“. Во неа се разгледани теориските основи за активно учење, пред сѐ конструктивизмот, активното учење, методот на проблемска настава и методот на проектна настава.

**Втората глава** под наслов „ИКТ проекти во РМ за периодот 2005-2018“ содржи детален преглед на ИКТ-проектите во РМ. Прегледот се однесува на примената на ИКТ во образованието и развојот на е-содржините. Опишани се процесот на компјутеризација на македонските училишта, трите проекти на УСАИД (е-Школо, Македонија се поврзува и Проектот за основно образование), набавката на софтверот Тулкид (првиот софтвер наменет за учениците од прво до четврто одделение, кој беше инсталиран во училиштата во РМ и проектот „Компјутер за секое дете“ со посебен осврт на хардверот, софтверот и обуките на наставниците и друго.

**Третата глава**, насловена „Преглед на ИКТ состојбите во Европа“, ги анализира состојбите на примена на ИКТ во образованието во повеќе европски држави врз основа на најновите извештаи на Европската училишна мрежа Schoolnet, која соработува на највисоко ниво со 34 држави во Европа и пошироко. Посебно се издвоени фактите содржани во извештаите во врска со дигиталните компетенции и нивното оценување, развивањето и споделувањето на дигиталните учебни содржини, системите и платформите за управување со учењето, примената на дигиталните игри во образованието, достапноста на дигиталните учебни содржини за учениците со попречености и нивната социјална инклузија и преглед на обуките на наставниците во различни држави.

**Четвртата глава** е насловена „Анализа на избрани софтверски пакети“. Прво се прави споредба меѓу бесплатниот и слободен софтвер со отворен код и комерцијалниот софтвер и се истакнуваат предностите од користењето на оперативниот систем Линукс (Linux). Потоа следува детална анализа на софтверските пакети Едубунту (Edubuntu), Скреч (Scratch), Лого (Logo), Тулкид (ToolKid) и Геогебра (GeoGebra). Анализата завршува со истакнување на важноста на компјутерското програмирање за сите ученици и предностите на Геогебра како алатка за правење мултимедијален учебен материјал.

**Петтата глава** е насловена „Системи за управување со учење и содржини“. Во неа се разгледуваат системи за управување со учење, системи за управување со содржини, системи за управување со учебни содржини и виртуелни учебни околини. Наведени се дефиниции од различни извори, функции и примери во секој од овие системи и направена е нивна споредба. Како најпогоден за примена во нашите услови се предлага софтверот МУДЛ.

**Шестата глава** под наслов „Примена на мултимедија во образованието“ ги анализира мултимедиските ентитети: слики, анимации, симулации и компјутерски игри. Следуваат нивни класификации според различни параметри и се анализира важноста од нивната примена во образованието.

**Седмата глава** насловена „Далечинско образование и софтверот МУДЛ“ дава краток преглед на развојот на далечинското образование (ДО) во светот и на мега универзитетите во повеќе држави што користат ДО. Нагласени се потребата од негово воведување, неговите предности и недостатоци. Се анализираат и технологиите и медиумите што се користат во ДО, а се разгледува и улогата и одговорностите на наставникот во ДО. Потоа се анализира софтверот МУДЛ (Modular Open Oriented Dynamic Learning Environment, MOODLE), како една од најквалитетните и најраспространетите софтверски платформи за далечинско образование во светот.

**Осмата глава** од докторската дисертација под наслов „Нов повеќенаменски образовен софтвер во МУДЛ околина“ е централната точка на истражувањето на докторскиот труд. Кандидатот предлага нов образовен софтвер што содржи над 200 дигитални учебни содржини или електронски содржини, вклучувајќи анимации, симулации и компјутерски игри изработени во софтверот Геогебра и интегрирани во системот за далечинско образование МУДЛ. Овој образовен софтвер е наменет за повеќе наставни предмети во основното и средното образование, вклучувајќи математика,

информатика, физика, хемија, биологија и медицина, географија и предмети од одделенска настава. Софтверот може да најде примена и во одредени дисциплини во високото образование. Во дисертацијата, кандидатот претставува по неколку примери на учебни материјали, кои преку анимации, симулации и компјутерски игри, илустрираат примена и збогатување на наставата по секој од горенаведените наставни предмети, како и примери кои имаат интердисциплинарна примена.

**Деветтата глава**, насловена „Спроведени истражувања и резултати од истражувањата", содржи детален преглед на трите спроведени истражувања, кои вклучуваат пополнување прашалници од страна на наставници, професори и студенти, како и изведување на наставни часови со ученици поделени во експериментални (со примена на анимации и симулации од новиот софтвер) и контролни групи, во две гимназии во РМ. Цел на истражувањата се од една страна оценување колку ученици и наставници се запознати со можностите на ИКТ во образованието и обемот и начинот на примената на образовен софтвер, а од друга страна како примената на мултимедијален образовен софтвер влијае на подобрување на усвојување на градивото. Во продолжение се дадени деталните резултати од овие истражувања.

Во **заклучните согледувања**, авторот прво прави резиме на состојбите со примена на ИКТ во македонското образование, а потоа врз основа на сопственото искуство, анализираните состојби во областа во РМ и во неколку европски држави, изработениот образовен софтвер и резултатите од спроведените истражувања дава конкретни заклучоци, предлози и препораки за подобрување на состојбите во областа.

**Предмет на истражување**

Предметот на истражувањето на оваа докторска дисертација може да го поделиме на четири дела. Првиот дел претставува извршена анализа на постоечката состојба со образовен софтвер, дигитални учебни материјали и настава со примена на ИКТ во РМ. Анализирани се сите поважни проекти во РМ во последнава деценија и половина, вклучувајќи ги опремувањето на училиштата со хардвер и софтвер, обемот и структурата на обуки на наставниците од областа на ИКТ, застапеноста на информатичките предмети и содржини во наставата, прирачниците за ИКТ обуки, образовни веб-сајтови и портали и други финални производи на проектите.

Вториот дел од истражувањето се фокусира на споредбена анализа на погоре опишаните области во 12 европски држави. Посебно се анализирани: а) дигиталните компетенции на учениците и нивното оценување, б) развивање и споделување дигитални учебни содржини и репозиториуми, в) системи и платформи за управување со учење, г) примена на дигитални игри во образованието, д) достапноста до дигитални учебни материјали за учениците со посебни потреби и социјална инклузија, во овие држави. Оваа анализа вклучува бројни успешни проекти на ова поле во развиените европски држави, кои се резултат на континуираната и плодна соработка меѓу државните институции, компаниите, универзитетите и училиштата.

Третиот дел, односно главниот дел од истражувањето е изработка на оригинален образовен софтвер што го сочинуваат дигитални учебни материјали или електронски содржини, пред сè анимации, симулации и компјутерски игри со различни нивоа на сложеност, изработени во софтверскиот пакет Геогебра. Тој е интегриран во системот за далечинско образование МУДЛ, поставен на серверите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ). Овој образовен софтвер може да најде своја практична примена по повеќе наставни предмети во основното и средното образование, како и во високото образование. Во него се разработени конкретни содржини од наставните предмети: Алгебра, Биологија, Географија, Информатика, Информатичка технологија, Линеарна алгебра и аналитичка геометрија, Математика, Математичка

анализа, Природни науки, Програмски јазици, Работа со компјутер и основи на програмирање, Техничко образование, Физика, Хемија, Електротехника и Машинство. Во понудениот образовен софтвер содржани се и анимации и симулации кои можат ефективно да бидат применети во одделни дисциплини од високото образование: диференцијално и интегрално сметање, линеарно програмирање, дискретна математика, теорија на информации и др.

Четвртиот дел од истражувањето е утврдување на фактичката состојба во основните и средните училишта во РМ поврзана со: употребата на ИКТ во наставата и обемот и начинот на примената на образовен софтвер, со акцент на софтверите МУДЛ, Тулкид и Геогебра. Анализирани се резултатите од конкретната примена на софтверот Геогебра во наставата со учениците од експерименталните групи.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Образовниот софтвер, дигиталните учебни материјали и примената на информатичките и комуникациските технологии (ИКТ) во образованието претставуваат современа и актуелна тема. Состојбите во сите овие полиња во РМ претставуваат мерлива категорија и можат да бидат споредени со состојбите во други држави во Европа и во светот, особено со високоразвиените држави.

Во услови на хардверска опременост на основните и средните училишта во државата постои очигледен недостиг и нагласена потреба за образовен софтвер и дигитални учебни материјали, соодветни на наставните планови и програми во образованието во РМ.

Полето на докторската дисертација е широко по својата природа. Тоа ги опфаќа: анализата и примената на разни видови образовен софтвер, дигитални учебни материјали и настава со примена на ИКТ во основното, средното и високото образование, од областа на математиката, информатиката, природните и техничките науки; примената на мултимедијата во образованието; системите за управување со учење, со учебни содржини и со курсеви; далечинското образование.

**Краток опис на применетите методи**

Во реализацијата на докторската дисертација беа употребени следниве методи и техники на научно истражување и анализа:

- анализа на состојбите во полето на примената на образовен софтвер, дигитални учебни материјали и настава со примена на ИКТ во училиштата во РМ и во дванаесет европски држави;
- анкетирање (доброволно и анонимно) спроведено со пополнување на од кандидатот креирани анкетни прашалници за наставници и професори во основно и средно образование во РМ (во електронска форма) и за студенти во прва година на ФИНКИ (во хартиена форма);
- експеримент. Дел од анимациите и симулациите од изработениот образовен софтвер беа применети во реализација на три наставни единици по предметите физика и математика, проследени со соодветно тестирање. Потоа беа мерени и статистички обработени (со алатките на софтверот Геогебра) резултатите на учениците од експерименталните и контролните групи на ова истражување, пред почетокот на експериментот и по неговото завршување.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Главниот придонес на докторската дисертација е понудата на нов повеќенаменски образовен софтвер, кој кандидатот го изработил со користење на софтверската алатка Геогебра и го интегрирал во платформата за далечинско учење МУДЛ. Новиот софтвер може значајно да придонесе за

подобрување на состојбите со образовен софтвер и дигиталните учебни материјали (електронски содржини) во РМ. По исполнување на одредени технички, дидактички и законски приспособувања, овој софтвер може да почне да се користи во нашето образование. Преку овој образовен софтвер, кандидатот ја демонстрира (докажува) универзалната и подеднакво ефективна примена на софтверската алатка Геогебра во неколку димензии: примени во повеќе различни дисциплини, пред сè во наставата по математика и информатика и во предметите од областа на природните и техничките науки; примената во широк спектар на предмети, од основното образование, па се до високото образование; овозможува креирање на повеќејазични дигитални учебни содржини; можат да се изработуваат повеќе варијации на анимации и симулации со различни тежини што може да ја унапреди индивидуализацијата на наставата и да овозможи услови за програмирана настава.

Резултатите од спроведените истражувања покажаа дека 71 % од анкетираните наставници и професори не го користат софтверот Геогебра во наставата, а над 55 % од нив се изјасниле дека немаат никакви познавања од овој софтвер. Во исто време, околу 84 % од анкетираните студенти истакнале дека не го користеле софтверот Геогебра во текот на основното образование, а над 56 % не го користеле во средното образование. Истражувањата, исто така, покажаа дека поголемиот дел од наставниците и професорите кои применуваат Геогебра во наставата, искористуваат само мал дел од можностите што ги нуди тој софтвер.

Резултатите од истражувањата покажуваат уште полоша состојба во однос на користењето на софтверот МУДЛ. Имено, над 92 % од анкетираните наставници и професори не го користат софтверот МУДЛ во наставата, а над 81 % од нив се изјасниле дека немаат никакви познавања за овој софтвер.

Сумирајќи ги овие резултати и споредувајќи ги со состојбите во анализираните европски држави, можеме да констатираме дека: иако Геогебра може значајно да ја унапреди наставата во различни наставни дисциплини и на повеќе степени на образование, нејзината примена во РМ е незадоволителна; покритична е состојбата со користењето на софтверот МУДЛ, кој активно се користи во училиштата за основно и средно образование во поголемиот дел од анализираните европски држави, а чија примена во наставата во училиштата во РМ е незначителна.

Третото истражување е спроведено со примена на анимација и симулација на учебни материјали реализирани со Геогебра во наставата по физика во прва и трета година средно образование и по математика во четврта година средно образование, во експерименталната група ученици, наспроти група со класични предавања на истите наставни единици. Резултатите покажаа дека немало значајна разлика во претходните средни оценки на двете групи, додека статистички значајно ($p=0.0168$ и $p=0.001$) подобра средна оценка покажале ученици од експерименталната група од каде заклучуваме напредок кај учениците кои следеле настава со анимации и симулации.

Придонес на оваа докторска дисертација е демонстрацијата дека (бесплатни, слободни, отворени) софтвери, какви што се Геогебра и МУДЛ во наставата, може да придонесат за унапредување на образованието. Со проширено и продлабочено користење на образовни софтвери придобивките можат да бидат повеќекратни. Пред сè, тоа ќе ја осовремени наставата, ќе ја стимулира креативноста на учениците, нивното критичко размислување и ќе доведе до полесно усвојување на вештините на 21 век кај учениците. Кандидатот ги истакнува предностите на Геогебра. Со примена на Геогебра во наставата, таа ќе се осовремени и ќе се интензивира примената на активни методи на учење, како проблемска настава, проектна настава, учење со експериментирање, колаборативно учење и слично. Со инсталирање на софтверот Геогебра во училиштата ќе се минимизираат проблемите при инсталација, користење и надградување што се својствени за повеќе современи софтверски алатки, бидејќи Геогебра нема високи технички побарувања за потребен хардвер и

софтвер, лесно се инсталира и на постари компјутери, а дури и најсложените анимации, симулации и компјутерски игри изработени во Геогебра зафаќаат минимален простор на дискот изразен во килобајти. Со користењето на Геогебра ќе се надмине јазот меѓу можностите што ги даваат училиштата во руралните и урбаните средини, како и меѓу подобро и послабо технички опремените училишта. Ќе се отворат нови можности за експериментирање во текот на наставата, без опасност од последици од физички и здравствен карактер во споредба со постојните класични лабораториски експерименти кои се достапни во ограничен број на училишта. Според мислењето на кандидатот, една од најважните придобивки е можноста што ќе им ја понуди софтверот Геогебра на една по малку заборавена, но многу значајна за развојот на нашето општество категорија на ученици, а тоа се надарените и талентирани ученици. Обично наставата е прилагодена на нивото на просечен ученик и надарените ученици не го добиваат потребното внимание и грижа од страна на своите наставници, односно тоа е препуштено на ентузијазмот, мотивираноста и знаењето на тие наставници. Со помош на оваа алатка ќе се отвори непрегледното поле за експериментирање од страна на овие ученици, но и на сите други заинтересирани ученици. Геогебра може да биде применета и како алатка за подготовка на натпревари за ученици во различни дисциплини.

Во поглед на софтверот МУДЛ, за да се одговори на прашањето што овој софтвер може да им понуди на училиштата, учениците и професорите, кандидатот наведува дел од сопствените искуства од повеќегодишното користење на овој софтвер во редовната настава на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство. МУДЛ нуди однапред обмислени, испланирани и добро организирани МУДЛ курсеви кои овозможуваат квалитетно далечинско и/или комбинирано образование, а кои во одредени аспекти ги надминува придобивките на класичното, односно традиционално образование или може да претставува одлично надополнување на истото. МУДЛ претставува репозиториум на дигитални учебни материјали што поддржува широк спектар на формати, особено мултимедија. Овозможува комплетна организација и администрација на образовниот процес. Претставува идеална алатка за тестирање со многу широк спектар на можности, кое може да вклучува и автоматско оценување на студентите/учениците. Наставниците во секое време можат да следат информации за секој студент/ученик, за неговите активности, постигнувања и напредок. МУДЛ истовремено може да се смета за систем за управување со учење, систем за управување со содржини, систем за управување со курсеви и за виртуелна учебна околина. Важни придобивки што ги нуди МУДЛ се и можноста за правовремено информирање на сите учесници во курсевите за сите новости во врска со предметите и можностите за интеракција меѓу учесниците преку електронски пораки, форуми и разговори.

Поважните придобивки на оваа докторска дисертација се и согледувањата на кандидатот од спроведените анализи, истражувања преточени во соодветни заклучоци, предлози и препораки за различни аспекти во врска со разгледуваната област. Некои од нив се потребата за креирање и одржување репозиториум на дигитални учебни материјали, континуирани обуки на наставниците и професорите, стандардизирање на информатичка терминологија, континуирано следење на состојбите на разгледуваната област во други држави и примената на најдобрите искуства и практики, почитување на стандардите од областа и соработка меѓу сите релевантни актери во образованието.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Методија Јанчески „Образовен софтвер, дигитални учебни материјали и настава со примена на ИКТ во услови на масовна информатизација на образованието“ претставува истражување во областа на информатичките науки. Врз база на анализа на спроведените ИКТ-проекти во образованието во РМ за периодот 2005-2018, оценката на успешноста/неуспешноста на истите, односно оценката на придобивките и недостатоците и

споредувајќи ги со анализата на состојбите на ИКТ во образованието на дванаесетина европски држави, авторот дава свое видување и препораки за успешна примена на ИКТ во образованието. Прилог кон тоа е изработен дигитален репозиториум – збирка од околу 200 дигитални учебни материјали. Преку текст, анимација, симулација и компјутерските игри, за повеќе наставни предмети во основното и средното образование (Математика, Информатика, Физика, Хемија, Биологија, Медицина, Географија, и предмети од одделенска настава), интегрирани во виртуелна учебна околина, која овозможува управување со курсеви, содржини и учење е даден пример како ИКТ во образованието може да го збогати и надополни класичното учење и обучување.

Докторската дисертација е проверена во рамките на системот за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови на Министерството за образование и наука. Согласно со извештајот од системот, добиен на 28.11.2018 година, дисертацијата е оригинално дело.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Методија Јанчески „Образовен софтвер, дигитални учебни материјали и настава со примена на ИКТ во услови на масовна информатизација на образованието", според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил следниве рецензирани истражувачки трудови:

[48] Jancheski, M., "Interaction in distance education", 11$^{th}$ International Technology, Education and Development Conference, Valencia, Spain, March 2017. (Published in: INTED2017 Proceedings, Pages: 7643-7652).

[49] Jancheski M. "Improving teaching and learning computer programming in schools through educational software", Olympiads in Informatics Journal, 2017, Vol. 11, Pages: 55–75.

[50] Janceski M., Pacovski V., "Olympiad in informatics: Macedonian experience, needs, challenges", *Olympiad in Informatics Journal*, Volume **1** (2007), 66–78.

[51] Jancheski M., "One decade of ToolKid software implementation in Macedonian primary Schools", International Conference of Education, Research and Innovation Proceedings (p. 2877-2886), Seville, Spain, 2016.

[52] Jancheski M., "LMS, CMS, LCMS, and VLE in e-learning – similarities, differences and applications", Proceedings of the 14th International Conference on Informatics and Information Technology (Pages:16-20) (CIIT 2017), Mavrovo, Macedonia, april 2017.

[53] Jancheski M.,"The importance of e-Learning in the process of life-long education of teachers", 9th International Conference of Education, Research and Innovation (ICERI2016) Proceedings (p. 2268-2274), Seville, Spain, November 2016.

[54] Jancheski, M., "The role and importance of computer games in education", 11$^{th}$ International Technology, Education and Development Conference, Valencia, Spain, March 2017. (Published in: INTED2017 Proceedings, Pages: 7564-7573).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главен научен придонес на кандидатот во областа на информатичките науки се препораки за успешна примена на информатичките и комуникациските технологии (ИКТ) во образованието, базирани на анализа на состојбите во РМ и во Европа, како и изработен дигитален репозиториум – збирка дигитални учебни материјали, кои преку текст, анимација, симулација и компјутерските игри, за повеќе наставни предмети за основното и средното образование интегрирани во виртуелна учебна

околина, даваат пример како ИКТ во образованието овозможува активно учење, го дополнува класичното обучување, заменува недостапни лаборатории, како и овозможува управување со курсеви, содржини и со учењето.

Со постигнатите резултати, кандидатот м-р Методија Јанчески покажал познавање на проблематиката на дисертацијата и истражувачки дух и иницијатива, што резултира во научен придонес во доменот на примена на ИКТ во образованието.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Методија Јанчески** со **наслов „Образовен софтвер, дигитални учебни материјали и настава со примена на ИКТ во услови на масовна информатизација на образованието**“.

КОМИСИЈА

**Проф. д-р Смиле Марковски, претседател с.р**

**Проф. д-р Маргита Кон-Поповска, ментор с.р**

**Проф. д-р Жанета Попеска, член с.р**

**Проф. д-р Ана Мадевска Богданова, член с.р**

**Проф. д-р Иван Чорбев, член с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ДЕТЕКЦИЈА НА АНОМАЛИИ ВО РЕАЛНО ВРЕМЕ НА МАСИВНИ ПОДАТОЧНИ ПОТОЦИ ОД М-Р ЗИРИЈЕ ХАСАНИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, на седницата одржана на 18.10.2018 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Зирије Хасани со наслов „Детекција на аномалии во реално време на масивни податочни потоци“, во состав: вонр. проф. д-р Боро Јакимовски (претседател), проф. д-р Маргита Кон-Поповска (ментор), вонр. проф. д-р Горан Велинов (член), вонр. проф. д-р Ѓорѓи Мaџаров (член) и вонр. проф. д-р Азир Алиу (член).

*Комисијата во наведениот состав*, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

*Докторската дисертација на кандидатката м-р Зирије Хасани, со наслов „Детекција на аномалии во реално време на масивни податочни потоци“, содржи вкупно 149 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12. Текстот е напишан на англиски јазик, на 99 страници и проширено резиме на македонски јазик, на 50 страници. Текстот содржи 13 табели, 32 слики, се повикува на 96 библиографски единици, а се базира на концепти обработени во вкупно 175 авторски материјали и 6 фусноти, меѓу нив научни трудови, статии, книги и интернет-ресурси. Трудот е структуриран во 6 глави, вклучувајќи вовед, заклучок и 2 додатока. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.*

*Првата глава, насловена „Вовед“, ја содржи мотивацијата за изработка на докторскиот труд, основата на која почива истражувањето, темата која се истражува, целите и хипотезите на истражувањето, а кои* опфаќаат: избор на погодни алгоритми, подобрување на постојните и/или предлог нов алгоритам за детекција на аномалии на податочни потоци во реално време, како и анализа на постојните технолошки решенија и предлог за модуларна флексибилна архитектура на компоненти со отворен код, која би овозможила таква детекција.

**Втората глава** е насловена „Концепти и преглед на литература“. Во неа, кандидатката најпрвин ги дава основните концепти, дефиниции и термини поврзани со детекција на аномалии (аномалии, детекција на аномалии и сродни проблеми, типови аномалии, масивни податоци, аналитика на податочни потоци во реално време). Во вториот дел од главата, кандидатката ги претставува достигнувањата во областа од темата на докторската дисертација, во постојната академска и професионална литература. Таа ги класифицира тековните и претходните истражувања и решенија според критериумите: типот на податоци (метрички, временски серии, мулти структурирани), типот на аномалии (точкасти, контекстуални, колективни), апликативното подрачје во кое настануваат аномалии, типот на надзор (надгледуван, полунадгледуван, ненадгледуван). Посебно

потпоглавје е посветено на постојните истражувања на предиктивните и статистичките алгоритми за детекција на контекстуални аномалии во временските серии за кои кандидатката оцени дека се погодни за детекција во реално време во податочни потоци.

**Третата глава** е насловена „Архитектура ELK stack за детекција на аномалии во масивни податочни потоци". Во неа, кандидатката предлага сопствената модуларна скалабилна проточна (pipeline) инфраструктура составена од постојните технолошки решенија од отворен код, погодна за процесирање на податочни потоци. Подетално се опишани модулите на инфраструктурата, Redis, Logstash, Elasticsearch, Kibana, Timelion и нивната улога во инфраструктурата. Модулите овозможуваат посредување и управување со влезните потоци, претпроцесирање со прочистување и филтрација на податоците, складирање и индексирање на податоците, детекција на аномалии и нивната визуелизација. Подетално е опишана примената на инфраструктурата за претпроцесирање на податочни протоци со пример на процесирање на лог датотеки на Националниот систем е-дневник, како можна прва фаза во детекција на аномалии, со филтрирање и визуализација на релевантни податоци. За имплементацијата на алгоритмите за детекција на аномалии споредени се две компоненти, Fluentd (предложен во претходниот труд 5.а на кандидатката) и Timelion, за кои кандидатката дефинира петнаесетина критериуми за евалуација, од кои меѓу најважните се можност на имплементацијата на алгоритми дефинирани од корисник, скалабилност, систем за извештаи во реално време и други.

**Четвртата глава,** насловена „Алгоритми", претставува најважниот оригинален придонес на трудот. Во неа, кандидатката најпрво анализира две групи алгоритми, кои ги оценува согласно со пресметковната комплексност, со цел да се погодни за детекција на аномалии на масивни податочни потоци во реално време. Тоа се предиктивните алгоритми: HTM (Hierarchical Temporal Memory), ARIMA (Autoregressive Integrated Moving Average), HW (Holt-Winters) и TDHW (Taylor's Double Seasonality Holt-Winters) и статистичките алгоритми MA (Moving Average), RunMAD (Median Absolute Deviation of Mooving Windows), DBSCAN (*Density-based spatial clustering of applications with noise),* Boxplot и други. Како најпогодни, кандидатката ги оценува предиктивните адитивни Holt-Winters алгоритми со експоненцијално мазнење (exponencial smoothing) на параметрите. Предностите на овие алгоритми се рекурзивна пресметка на потребните елементи на моделот (помала потреба од складирање на масивни податоци и помала пресметковна комплексност), детекција на аномалии во периодични (или повеќе периодични) податочни потоци и детекција на аномалии чиј карактер не е познат однапред. Во вториот дел, кандидатката предлага повеќе подобрувања на адитивните HW и TDHW алгоритми, за детекција на аномалии на податочни потоци. Подобрувањата се опишани подетално подолу, во: „Краток опис на резултатите од истражувањето", а споредбените резултати и нивната оценка во петтата глава.

**Петтата глава** е насловена „Експерименти". Во првиот дел, како и прилозите А и Б дадени на крајот на тезата, кандидатката презентира карактеристики и визуелизација на податочни потоци кои се користат во експерименти за евалуација и споредба на предложените алгоритми. Тоа се познати референтни синтетички и реални податочни множества за откривање на аномалии, NUMENTA и Yahoo, со анотирани аномалии и сопствени реални податоци генерирани од националниот систем е-дневник[1] во образованието во Македонија. Кај повеќето податочни множества е утврдено постоење на тренд и периодичност на податоците. Кај сопствените податоци е утврдена дневната периодичност (работни - неработни часови во денот), како и неделна периодичност (работни - неработни денови). Во вториот дел се прикажани две групи резултати. Првите резултати се од експерименти презентирани во претходните трудови (5 и 5.а) со алгоритми

[1] http://ednevnik.edu.mk/

погодни за детекција на аномалии во реално време на податочни потоци. Алгоритмите се оценети со времето со извршување, процентот на CPU-користење, стапката на детекција (detection rate - recall) и прецизноста (precision) на детекцијата, истите алгоритми се покажале и како флексибилни, робусни, погодни за имплементација во предложената инфраструктура. Во вториот дел најдобрите алгоритми од првата група (ARIMA, MA и HTM) се споредени со HW GA и TDHW GA - алгоритми предложени од кандидатката. Споредба е направена и со неколку верзии на HW и TDHW, алгоритми користени од други автори или во кои параметрите на моделот се пресметани со експоненцијална функција, или параметрите се добиени експериментално или со оптимизација на основните - измазнувачки параметри. Споредувајќи ја стапката на прецизност и сензитивност на детектираните аномалии, HW GA-алгоритамот покажува најдобри резултати на сите предложени референтни множества и сопствените податоци, додека TDHW GA покажува подобри или еднакво добри резултати споредени со другите алгоритми.

**Шестата глава,** насловена „Заклучок", ги содржи заклучните согледувања, се резимираат резултатите, придонесот на дисертацијата и насоките на идните истражувања.

**<u>Предмет на истражување</u>**

Анализата на податоци и детекцијата на аномалии се од суштинско значење во современите електронски системи и претставуваат критичен проблем во многу области како што се индустријата, здравството, човековата околина, финансиите и образованието. Голем предизвик претставуваат временските критични апликации, какви што се надгледување на настани кои се случуваат во сложени компјутерски системи (содржани во софтверски дневници - логови), следење на финансиски текови на берзи или мониторинг на метеоролошки показатели. Кај сите нив, податоците најчесто доаѓаат како масивни податочни потоци, во многу куси временски интервали, а барањето за нивна анализа и откривање на аномалии е потребно да се изврши во реално време. Овие нови карактеристики на податоците, како и барањата за процесирање во реално време ги прават несоодветни или неможни за користење традиционалните архитектури (инфраструктури, дел од технолошки решенија и алатки со непроточни процесирачки парадигми) како и процесирачки интензивните алгоритми за детекција на аномалии.

Поради наведените барања и многу широката област која опфаќа методи и алгоритми за детекција на аномалии, истражувањата во докторската дисертација се ограничуваат на алгоритми и архитектури за детекција на аномалии со следните карактеристики:

- Алгоритмите се погодни за детекција на аномалии во реално време, кај масивни податочни потоци. Тие се поедноставни статистички алгоритми, со помала пресметковна комплексност, или предиктивни со можност за рекурзивни дефиниции на моделот и оптимизација на параметри, од семи-надгледуван или ненадгледуван карактер. Потоци содржат еднообразни метрички податоци, а очекуваните аномалии се од контекстуален и колективен тип.
- Архитектури погодни за процесирање во реално време на масивни податочни потоци, кои може лесно да се скалираат (паралелизираат), се со проточна модуларна (pipeline) структура на технолошки решенија и алатки со отворен код, кои обезбедуваат модули за менаџирање на логови, механизми за претходна обработка, прочистување и филтрирање на несаканите и непотребните податоци, флексибилен модул за користење на широка класа сопствени и вклучување на дополнителни алгоритми за детекција на аномалии и модул за визуелизација на резултатите;

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Полето на докторската дисертација е дел од поширока област на истражувања, аналитика на масивни податочни потоци во реално време (Real-time Analytics in Massive Data Streams). Покрај академските трудови, специјализирани конференции или сесии, решенија за анализи за сопствените потреби развиле светските компании (Alibaba, Twitter, Yahoo), другите пак, ги понудиле на пазарот како соодветни софтверски системи (Numenta, Avora, Anodot). Развиени се и платформи библиотеки/рамки (со отвоерн код), кои нудат широка можност за градење сопствени архтектури за анализи (Apache Storm, Apache Flink, Elastic Stack), а водечките светски софтверски развојни платформи (R или отворени кодови на GitHub) вклучуваат одделните алгоритми во своите библиотеки.

**<u>Краток опис на применетите методи</u>**

Во истражувањето се спроведени неколку методски постапки и техники на истражување: анализа, класификација, споредба, синтеза, индукција, дедукција и експериментирање.

Најпрво се анализираат карактеристиките на масивните податочни потоци, создадени како резултат на настани во комплексни компјутерски системи. Потоа се анализираат соодветните постоечки методологии и алгоритми за детекција на аномалии над таков тип на потоци. Методологиите за детекција на аномалиите се класифицираат според нивните предности и недостатоци, пресметковната комплексност, можност за детекција во реално време, потребата од пред-процесирање, филтрирање, трансформација на податоците, пост-процесирање и сл., со цел за избор на методологија (алгоритам) од постојните, синтеза на хибридниот или нов сопствен алгоритам за детекција. Исто така, се анализираат постоечките технолошки решенија од отворен код од аспект на нивната флексибилност, модуларност, скалабилност и можност за инкорпорација на сопствени кодови за детекција на аномалии, филтри и сл. и процесирање во реално време. Врз база на добиените резултати од анализите, се синтетизира архитектурата на системот за детекција на аномалии со модуларна скалабилна технолошка структура. Се експериментира со постојните и новосоздадените алгоритми за детекција на аномалии над синтетички и реални податоци од светски референтни сетови податоци и лог податочни потоци од оперативно работење на апликативните серверски кластери на националнот електронски систем во образованието е-дневник во компјутерската мрежа на ФИНКИ. Оценката на архитектурата и употребените алгоритми се врши со методи на компарација и евалуација (статистички и други методи) и мерењата на одделни перформаниси на системот. Методот на индукција и дедукција се користи за заклучување на можности за користење на предложената архитектура за детекција на аномалии во реално време кај поопшти (помасовни, покомплексни) или поспецифични масивни податочни потоци.

**<u>Краток опис на резултатите од истражувањето</u>**

Главниот придонес на оваа теза е предлог на алгоритам кој овозможува откривање на аномалии во реално време, во масивни податочни потоци, чиј извор се настани во комплексни системи (потоци од лог податоци во реално време), како и предлог - модуларна флексибилна архитектура на компоненти со отворен код, за детекција на овој вид аномалии.

Поконкретно, следниве придонеси на тезата изложени во втората, третата, четвртата и петтата глава се:

- Во втората глава е направен темелен преглед и класификација на постојната литература во областа на детекција на аномалии. Компаративната анализа покажува дека не постои единствен пристап во детекција на аномалии. Алгоритмите можат да се класифицираат според типот на податоци, типот на аномалии, областа на примената, потесната научна област и расположивост на примерок со анотирани

аномалии.

- Проучувањето на карактеристиките на лог датотеките генерирани од комплексни системи (националниот системите е-дневник), го насочува истражувањето кон откривање на аномалијата на периодичните масивни податочни потоци (временските серии).
- Анализа, класификација и евалуација базирана на ефикасноста на алгоритмите за детекција на аномалии во реално време како погодни ги издвои ARIMA, MA, RunMAD, HTM, а како најпогодни предиктивнте HW и TD HW-алгоритми за моделирање на нормалното однесување на временските серии.
- Тргнувајќи од идеите изложени од повеќе автори, во глава 4 предложени се неколку подобрувања во адитивните HW и TDHW алгоритми. Алгоритмите се имплементираат како позитивен повратен оптимизациски процес, во кој со генетски алгоритам се оптимизираат, освен измазнувачките параметри α, β, γ, ω (оптимизирани и од другите автори), додатни три нови параметри k, n и δ. k и n се големини на лизгачки прозорци (sliding windows) во подобрената дефиниција на Hyndman's MASE (Mean Absolute Scaled Error) мерката за точноста на предикцијата, а δ е праг (threshold) за оценка дали податокот е аномалија. Воведена е нова оптимизациска функција базирана на анотирани интервали со аномалии во тренинг сет податоците.
- Позитивен повратен оптимизациски обучувачки процес се постигнува ако аномалиите откриени со предложениот алгоритам во тековниот временски интервал се верифицираат/ анотираат од човек, и повторно се користат за оптимизација на параметрите за детекција на аномалии во следниот временски интервал.
- Алгоритмите се тестирани на референтни и сопствени податочни потоци, при што HW-алгоритамот со оптимизирани параметри и подобрената MASE-функција се покажува како најдобар од сите тестирани сетови податоци.
- Предложена е флексибилна, скалабилна инфраструктура која овозможува детекција во реално време и инсталација на кориснички кодови.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Зирије Хасани, со наслов „Детекција на аномалии во реално време на масивни податочни потоци“, претставува истражување во областа на информатичките науки. Резултатите од дисертацијата, оптимизираните алгоритми и предложената инфраструктура даваат значаен научен придонес во областа на детекција на аномалии во реално време на масивни податочни потоци и во пошироката област на анализа во реално време на масивни податочни потоци и придонесуваат за навремена детекција на аномалии карактеристични за современите електронски системи во многу области со масивни податочни потоци, како што се здравството, човековата околина, финансиите и образованието. Специфично ќе овозможат детекција на аномалии во критични апликации, какви што се надгледување на настани кои се случуваат во сложени компјутерски системи (содржани во софтверски дневници - логови) на серверските кластери на ФИНКИ.

Докторската дисертација е проверена во рамките на системот за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови на Министерството за образование и наука. Согласно со извештајот од системот, добиен на 26.11.2018, дисертацијата е оригинално дело.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Зирије Хасани со наслов „Детекција на аномалии во реално време на масивни податочни потоци“, според мислењето на

Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1] **Zirije Hasani**, Margita Kon-Popovska, Goran Velinov.: Survey of Technologies for Real Time Big Data Streams Analytic. In: Vangel V. Ajanovski, Gjorgji Madjarov (eds.). 11th International Conference on Informatics and Information Technologies, CIIT, pp. 321-326, Bitola, Macedonia (2014).

[2] **Zirije Hasani**, Margita Kon-Popovska, Goran Velinov.: Lambda Architecture for Real Time Big Data Analytic. In: A. Madevska Bogdanova, D. Gjorgjevikj (eds.) ICT Innovations 2014, ICT ACT, pp.133-143. Ohrid, Macedonia (2014).

[3] **Zirije Hasani**.: Performance comparison throw running job in Hadoop by defining the number of maps and reduces. In: Mile Jovanov, Biljana Risteska Stojkoska (eds.) 12th International Conference on Informatics and Information Technologies CIIT, pp. 49-53, Bitola, Macedonia (2015).

[4] **Zirije Hasani**. Virtuoso, System for Saving Semantic Data. In: Mile Jovanov, Biljana Risteska Stojkoska (eds.) 12th International Conference on Informatics and Information Technologies CIIT, pp. 54-57, Bitola, Macedonia (2015).

[5] **Zirije Hasani,** Boro Jakimovski, Margita Kon-Popovska, Goran Velinov.: Real-time analytic of SQL queries based on log analytic. In: S. Loshkovska, S. Koceski ICT Innovations 2015, Web Proceedings, pp. 78-87. ICT ACT, Macedonia (2015).

[5.a] **Zirije Hasani.** Implementation of Infrastructure for Streaming Outlier Detection in Big Data. In: Rocha Á., Correia A., Adeli H., Reis L., Costanzo S. (eds) Recent Advances in Information Systems and Technologies. WorldCIST 2017. Advances in Intelligent Systems and Computing, vol 570, pp. 869-877. Springer, Cham (2017).

[5.b**] Zirije Hasani**.: Robust anomaly detection algorithms for real-time big data: Comparison of algorithms. 6th Mediterranean Conference on Embedded Computing (MECO). pp.1-6. IEEE, Montenegro (2017).

[5.c] **Zirije Hasani.** Infrastructure with R package for anomaly detection in real time big log data.: Pressacademia 5(1) 181-189 (2017).

[5.d] **Zirije Hasani**, Jakup Fondaj.: Improvement of Implemented Infrastructure for Streaming Outlier Detection in Big Data with ELK Stack. In: Álvaro Rocha, Hojjat Adeli, Luís Paulo Reis, Sandra Costanzo (eds.) 6th World Conference on Information Systems and Technologies. vol. 2, pp. 869-877. Springer, Italy (2018).

[5.e] **Zirije Hasani,** Boro Jakimovski, Goran Velinov, Margita Kon-Popovska.: An Adaptive Anomaly Detection Algorithm for Periodic Real Time Data Streams. International Conference on Intelligent Data Engineering and Automated Learning (IDEAL). Springer, Spain (2018).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главни научни придонеси на кандидатката во областа на информатичките науки се подобрените адитивни Holt-Winters (HW) и Taylor's Double Seasonality Holt-Winters (TDHW) алгоритми за моделирање предикција на нормалното однесување на периодичните (и повеќе периодичните), со тренд-временските серии. Кандидатката ги дефинира алгоритмите како позитивен повратен оптимизациски обучувачки процес, со генетски алгоритми оптимизирани параметри, приспособувајќи ги за детекција на аномалии во податочни потоци. Со предлог на флексибилна, скалабилна модуларна проточна инфраструктура со компоненти од отворен код, со имплементација на подобрените HW и TDHW-алгоритми, овозможена е детекција на аномалии во реално време на масивни податочни потоци. Предложените решенија даваат значаен научен придонес во областа на детекција на аномалии во реално време на масивни податочни потоци и во пошироката област на анализа во реално време на масивни податочни потоци и придонесуваат за навремена детекција на аномалии карактеристични за современите електронски системи во многу области со масивни податочни потоци, како што се: здравство, човекова околина, финансии и образование. Специфично ќе овозможат детекција на аномали во критични апликации, какви што се надгледување на настани кои се случуваат во сложени компјутерски системи (содржани во софтверски дневници - логови) на серверските кластери на ФИНКИ.

Со постигнатите резултати, кандидатката м-р Зирије Хасани покажала познавање на проблематиката на дисертацијата и истражувачки дух и иницијатива, што резултира во значителен научен придонес во доменот на детекција на аномалии во реално време на масивни податочни потоци.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Зирије Хасани** со наслов **Детекција на аномалии во реално време на масивни податочни потоци**.

**КОМИСИЈА**

**Вонр. проф. д-р Боро Јакимовски, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Маргита Кон-Поповска, ментор, с.р.**

**Вонр.проф. д-р Горан Велинов, член, с.р.**

**Вонр. проф. д-р Ѓорѓи Мацаров, член, с.р.**

**Вонр. проф. д-р Азир Алиу, член, с.р.**

# ПРЕГЛЕД
# НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО СКОПЈЕ

## 1. Магистерски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| *1* | *Сања Танчевска* | *„Анализа на пазарот на автомобилска одговорност во Македонија во насока за припрема на можна либерализација“* | *„Analysis of the MTPL in Macedonia considering of preparation for potential liberalization“* | *Проф.д-р Марија Михова* | *21.09.2018 02-2382/1* |
| *2* | *Злате Додевски* | *„Децентрализација на процесот на размена на здравствени податоци – пристап базиран на Blockchain“ технологијата* | *„decentralizing the health information exchange process – A blockchain-based approach“* | *Проф.д-р Владимир Трајковиќ* | *02.10.2018 02-2525/1* |
| *3* | *Владимир Јосифоски* | *„Споредба на сопствена наспроти готовите рамки за автоматско тестирање“* | *„Comparison of custom made framework for automation testing with the other already made frameworks“* | *Вон.Проф.д-р Иван Чорбев* | *12.10.2018 02-2622/1* |
| *4* | *Ивана Митева* | *„Концепциски стратегии при миграција на ЕРП системи во облак“* | *„Conceptual strategies for migration of ERP systems in the cloud“* | *Вон.Проф.д-р Иван Чорбев* | *12.10.2018 02-2630/2* |
| *5* | *Елена Марковска* | *„Непрекината испорака и поставување како современи практики за развој на софтвер* | *„Continuous delivery and deployment as contemporary practices for software developmen“* | *Вон.Проф.д-р Анастас Мишев* | *12.10.2018 02-2630/1* |
| *6* | *Јован Самарџиски* | *„Хибридни методологии за управување со софтверски проекти“* | *„Hybrid Methodologies for Software Project Management“* | *Проф.д-р Љупчо Антовски* | *08.11.2018 02-2884/1* |
| *7* | *Александар Ивановски* | *„Организациски редизајн во продуктно-ориентирана софтверска компанија“* | *„Organizational Redesign in Product-Oriented Software Company“* | *Проф.д-р Љупчо Антовски* | *08.11.2018 02-2887/1* |
| *8* | *Аделаида Ивановиќ* | *„Индикатори и ефективни методи за успешно управување со ИТ проекти“* | *„Indicators and effective methods for successful IT project management“* | *Проф.д-р Љупчо Антовски* | *26.10.2018 02-2750/1* |
| *9* | *Теодора Чижбаноска* | *„Гејмификација за зголемена општествената одговорност на претпријатијата и поединците во Македонија“* | *„Gamification for increased social responsibility of enterprises and individuals in Macedonia“* | *Вон.Проф.д-р Гоце Арменски* | *09.11.2018 02-2889/1* |
| *10* | *Наталија Славева* | *„Отворени големи податоци како средство за анализа на светската економија“* | *„Open big data as a tool for world economy analysis“* | *Проф.д-р Димитар Трајанов* | *14.11.2018 02-2995/1* |

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

### 3. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | м-р Сандра Рилкова | „Педагошка работа со деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение “ | „Pedagogical work with children with educational social problems and behavioral problems “ | Проф. д-р Сузана Миовска Спасева | 6. XII 2018<br>10-1407/15 |
| 2. | м-р Горан Саневски | „Застапеност на деформации и моторни нарушувања кај ученици од одделенска настава во редовно основно училиште“ | “Prevalence of deformities and motor impairments in students from regular elementary schools” | Проф. д-р Горан Ајдински | 6. XII 2018<br>10-2476/9 |
| 3. | м-р Аделина Хаскај | „Улогата на родителите во воспитно образовниот процес на ученици со пречки во развојот“ | “Parental Involvement in the Education of Children with Special Educational Needs” | Проф. д-р Наташа Чичевска Јованова | 6. XII 2018<br>10-2477/9 |
| 4. | м-р Маја Филиповска | „Визуелната перцепција кај лицата со дислексија и лицата со АДХД“ | “Visual Perception of Persons with Dyslexia and Persons with ADHD” | Проф. д-р Горан Ајдински | 6. XII 2018<br>10-2475/9 |
| 5. | м-р Лидија Ристовска | „Клиничка валидација на фонетски балансирани лиминарни и супралиминарни тестови за процена на интелигибилноста на говорот“ | “Clinical validation of phonetic balanced threshold and suprathreshold tests for speech intelligibility assessment” | Проф. д-р Зора Јачова | 6. XII 2018<br>10-2478/9 |

ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

### 2. Магистерски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | **Жанета Ѓорѓиевска** | „Мобингот и развојот на кариерата ај админстративните службеници“ | Mobbing and career development of adminstrative officers | проф. д-р Милева Ѓуровска | Бр.10-2803/3<br>6-12-2018 |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНГЛИСТИКА (СОВРЕМЕН АНГЛИСКИ ЈАЗИК, ДЕЛОВНА АНГЛИСКА КОМУНИКАЦИЈА И КОРЕСПОНДЕНЦИЈА И СЕМАНТИКА) НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

На својата 26. редовна седница, одржана на 21.11.2018 година, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје избра Рецензентска комисија во врска со пријавата на д-р Билјана Наумоска-Саракинска за избор во звањето вонреден професор во наставно-научната област англистика (Современ англиски јазик, Деловна англиска комуникација и кореспонденција и Семантика). По разгледувањето на целокупната документација поднесена на конкурсот, Рецензентската комисија во состав: д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор, д-р Екатерина Бабамова, редовен професор и д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, редовен професор, има чест да го поднесе следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден наставник (во сите звања) во наставно-научната област англистика (Современ англиски јазик, Деловна англиска комуникација и кореспонденција и Семантика), објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“, се пријави кандидатката д-р Билјана Наумоска-Саракинска за избор во звањето вонреден професор.

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Билјана Наумоска-Саракинска е родена во Скопје, а во периодот од 1985 до 1994 престојувала со семејството во Канада, кадешто го завршила поголемиот дел од основното образование и целото средно образование. Високото образование, додипломските и постдипломските студии ги завршила на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, на Катедрата за англиски јазик и книжевност (наставна насока). Предвидените испити на додипломските и на постдипломските студии (отсек - англиски јазик) ги положила во предвидениот рок, со висок просек, а во 2013 година го одбранила својот докторски труд, “Деноминални атрибути во англискиот и во македонскиот јазик – контрастивна анализа”. Трудот е високо оценет од рецензентската комисија како труд чии резултати претставуваат директен придонес кон лексикографијата, зборообразувањето, морфологијата и семантиката на англискиот и на македонскиот јазик, и кон

контрастивната анализа на овие јазици воопшто, а индиректно се прилог кон општата лингвистичка теорија и кон теоријата на деноминалните атрибути. Практичната применливост на трудот е во тоа што резултатите што ги дава се од непосредна корист при преведувањето и учењето странски јазик, а примерите во опсежните табели претставуваат драгоцен материјал за изработка на речници.

## II. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Од своето дипломирање до денес, д-р Билјана Наумоска-Саракинска има богато наставно искуство, во голем дел стекнато на Катедрата за англиски јазик и книжевност, при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“. Откако дипломира, две години работи и како професор по англиски јазик во училиште за странски јазици, а од 2001 година до денес е член на Катедрата за англиски јазик и книжевност. Првиот ангажман на Катедрата го има како лектор, а од 2005, откако магистрира, до 2013 година е виш лектор по предметот Современ англиски јазик. Во овој период е вклучена и во изведување настава по предмети во склоп на Британските културолошки студии, а држи и настава по предметот Англиски јазик под „Ц“. Воедно, во овој период активно учествува и во проектот Writing University Project, со кој се воведуваат часови по академско пишување во склоп на предметот Современ англиски јазик, што е од огромна корист за сите студенти на Катедрата.

Откако докторира, во 2014 година се стекнала со звањето доцент по Современ англиски јазик и Граматика на англискиот јазик, и покрај редовните часови по Современ англиски јазик, држи часови и по предметите: Деловна англиска комуникација и кореспонденција, Семантика и Зборообразување на современ англиски јазик.

Покрај изведувањето настава на Катедрата за англиски јазик и книжевност, при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, од 2011 година до денес, д-р Билјана Наумоска-Саракинска предава Англиски јазик 1 во струка на Економскиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”.

Од 2005 година вклучена е и во студиите од втор циклус - *Јазици, бизнис и меѓународна трговија*, при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, каде што изведува настава по предметите Деловен англиски јазик 1 и Англиски јазик - комуникација. Исто така, изведува и менторска настава по предметот Семантика, на втор циклус студии, во склоп на студиите по јазик, при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, а од 2019 година ќе држи настава по предметот Теми од семантика (втор циклус студии по јазик).

Покрај наставата што ја изведува на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и на Економскиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”, д-р Билјана Наумоска-Саракинска е вклучена и во изведувањето настава по предметот Англиски јазик на Академијата за судии и јавни обвинители, во 2014 и 2017 година.

Од оваа година, 2018, д-р Билјана Наумоска-Саракинска е избрана за визитинг - професор на Fakultet za pravne i poslovne studije Dr Lazar Vrkatic во Нови Сад, Србија,

кадешто е предвидено да држи настава по предметите: Контрастивна лингвистика и Современ англиски јазик.

Во периодот од 2014 до 2018 година, д-р Билјана Наумоска-Саракинска има остварено извонредно богата наставно-образовна дејност. Покрај редовната настава на Катедрата за англиски јазик и книжевност по предметите за кои конкурира, таа учествува во бројни школи и работилници за обука на наставниците. Воедно, таа е ментор на дипломските трудови на голем број студенти, учествува како член на комисиите за оцена и одбрана на дипломски и магистерски трудови, а и ментор е по Англиски јазик за студиските програми за стручни стоматолошки сестри и стручни забни техничари (прв циклус студии), како и за студиските програми за доктори по дентална медицина (прв циклус студии). Повеќе детали за наставно-образовната дејност на д-р Билјана Наумоска-Саракинска може да се видат во прилогот кон овој Реферат (Образец - Анекс 2).

## III. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Д-р Билјана Наумоска-Саракинска е вклучена во повеќе проекти, обуки, школи и работилници. Учествувала во серијата вебинари (веб-конференции) организирани од страна на Американската амбасада, а учествувала и во проектот за стандардизација во оценувањето на ниво на високото образование во РМ, во соработка со Британскиот совет во Скопје. Таму, била вклучена во работна група, и учествувала во изработка на два прирачника во врска со ова.

Д-р Билјана Наумоска-Саракинска редовно учествува на меѓународни конференции и симпозиуми, научни и стручни собири, во земјата и надвор, а автор е и на бројни статии, објавени на разни места - во стручни и научни списанија, во зборници на трудови од меѓународни научни и стручни собири и конференции, како и во зборници на трудови на високообразовни институции со меѓународен уредувачки одбор. Во 2018 година, д-р Билјана Наумоска-Саракинска објави (како коавтор) книга од стручна област - *Business English 1* - наменета за студентите од Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”. Повеќе детали за научноистражувачката дејност на д-р Билјана Наумоска-Саракинска може да се видат во прилогот кон овој Реферат (Образец - Анекс 2).

## IV. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Покрај редовното учество во проекти, обуки, школи и работилници, д-р Билјана Наумоска-Саракинска учествува и во разни експертски активности. Имено, во соработка со Британскиот совет во Скопје, вклучена е во изведувањето на бројни меѓународни испити за познавање на англиски јазик (Cambridge English Language Assessment - FCE, CAE, IELTS), а изведува испити за познавање на англиски јазик и одредување ниво според Европската јазична рамка и при Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески”. Исто така,

редовно учествува во изработка на испитот по Англиски јазик во склоп на државната матура, како независен читач.

Во 2018 година, по покана, и за потребите на Министерството за информатичко општество и администрација, вклучена е во изработка на стручен труд - генерирање на 200 прашања и одговори од ниска, средна и висока сложеност на англиски јазик.

Покрај останатите активности, д-р Билјана Наумоска-Саракинска е активна и во преведувачката дејност, каде што има направено бројни објавени и необјавени преводи од македонски на англиски и обратно, од разни области, како и лектура на англиски јазик на бројни статии, делови од книги, како и книги, монографии и учебници.

Во контекст на дејности од поширок интерес, д-р Билјана Наумоска-Саракинска учествува и учествувала во бројни факултетски комисии (Конкурсна комисија за запишување на студенти на прв циклус студии, Комисија за попис на библиотечен фонд, Комисија за евалуација на ниво на Факултет (претседател), Комисија за избор во звање (член), организационен одбор на меѓународен научен собир - ЕСИДРП 2019 (член)), и други. Повеќе детали за стручно-апликативната дејност на д-р Билјана Наумоска-Саракинска може да се видат во прилогот кон овој Референт (Образец - Анекс 2).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од прегледот на наставните, научноистражувачките и стручно-апликативните активности на д-р Билјана Наумоска-Саракинска, очигледно е дека станува збор за исклучително квалитетен наставник кој постојано се надградува, а во исто време ги надградува и знаењата не само на студентите на додипломски студии, туку и на постдипломските, и тоа на повеќе академски единици при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Д-р Билјана Наумоска-Саракинска има широк и богат круг на интереси во различни научни и академски полиња - настава, превод, лектура и други, а таа не само што ги следи иновациите, туку и самата учествува во нивното создавање и имплементирање, и на тој начин придонесува во развојот на научната мисла во професионалната заедница. Богатото и долгогодишно искуство во наставата на кандидатката, како и нејзината академска подготовка, овозможува таа да нуди значаен придонес во наставната дејност на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески” во Скопје.

Врз основа на изнесените аргументи, како и врз основа на освоените 255,09 поени според Образецот за избор во наставно-научно, научно и наставно-стручно звање (Анекс 2), Рецензентската комисија констатира дека д-р Билјана Наумоска-Саракинска ги исполнува условите за избор во звањето за кое конкурира. Според тоа, ни претставува чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да ја избере д-р Билјана Наумоска-Саракинска во

звањето вонреден професор во наставно-научната област англистика (Современ англиски јазик, Деловна англиска комуникација и кореспонденција и Семантика).

Прилог: АНЕКС 2, Образец кон извештајот за избор во наставно-научно, научно и научно-стручно звање

Рецензентска комисија

Д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор, с.р.

| 22. | Учество на научен собир со реферат (постер):<br><br>Andov D., Andreevska D., **Simeonovska E.,** Dimitrovski T. (2015): Yield and some morphological characteristics of the introduced rice varieties (*Oryza sativa* L.) in the Republic of Macedonia. 2 nd International Symposium for Agriculture and food, 7-9 October 2015 Ohrid, Republic of Macedonia, (постер). | 0,5 |
| 23. | Учество на научен собир со реферат (усна презентација):<br><br>Andreevska D., Andov D., **Simeonovska E.** (2015): Rice production in the Republic of Macedonia: importance, tradition, challenges and perspectives. Workshop of Коnuralp rice, 14-16 December 2015 Duzce University, Turkey | 1 |
| 24. | Учество на светски хуманитарен самит со реферат (усна презентација):<br><br>**Emilija Simeonovska**, Danica Andreevska, Dobre Andov (2016). Development of production and quality of rice in the Republic of Macedonia 2013-2014. World Humanitarian Summit, 23-24 May 2016, Istanbul. TİKA Side Event: From Humanitarian Assistance to Sustainable Development | 1 |
| 25. | Учество на научен собир со реферат (постер):<br><br>Trajche Dimitrovski, Danica Andreevska, Dobre Andov, **Emilija Simeonovska**: Effect of ecological fertilizer Megagreen on some morphological and productive properties of rice (*Oryza sativa* L.). 5th Congress of the Ecologists of Macedonia, with international participation (Ohrid, 19th—22nd October 2016) | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 26. | Учество на научен собир со реферат (постер):<br><br>Trajche Dimitrovski, Danica Andreevska, Dobre Andov, **Emilija Simeonovska**: Effect of ecological fertilizers Herbagreen and Megagreen on some morphological and productive properties of rice (*Oryza sativa* L.). 5th Congress of the Ecologists of Macedonia, with international participation (Ohrid, 19th—22nd October 2016) | 0,5 |
| 27. | Учество на научен собир со реферат (постер):<br><br>Trajche DIMITROVSKI, Danica ANDREEVSKA, Dobre ANDOV, **Emilija SIMEONOVSKA**, Jashka IBRAIM (2017). Some Seed Quality Properties of Newly Introduced Turkish Rice Varieties (*Oryza sativa* L.) Grown Under the Environmental Conditions of Republic of Macedonia.<br>2nd INTERNATIONAL BALKAN AGRICULTURE CONGRESS, 16-18 MAY 2017, Tekirdag, Turkey | 0,5 |
| 28. | Учество на научен собир со реферат (постер):<br><br>Trajche DIMITROVSKI, Danica ANDREEVSKA, Dobre ANDOV, **Emilija SIMEONOVSKA**, Halil SÜREK, Necmi BEŞER, Jashka IBRAIM: Yield of Paddy and White Rice of Some Newly Introduced Turkish Rice Varieties (*Oryza sativa* L.) Grown Under the Environmental Conditions of Republic of Macedonia. 2nd INTERNATIONAL BALKAN AGRICULTURE CONGRESS (16-18 MAY 2017),Tekirdag, Turkey | 0,5 |
| 29. | Учество на научен собир со реферат (постер):<br><br>Dobre Andov, Danica Andreevska, **Emilija Simeonovska**, Trajche Dimitrovski: Characteristics of Five Turkish Rice Cultivars (*Oryza sativa* L.) Grown under the Environmental Conditions of the Republic of Macedonia.6 nd International symposium on Agricultural Science, February 27-March 2, 2017, Banja Luka, Bosnia and Herzegovina | 0,5 |
| 30. | Учество на научен собир со реферат (постер):<br><br>Andov Dobre, Andreevska Danica, **Simeonovska Emilija**, Dimitrovski Trajche, Ibraim Jashka: Influence of harvesting methods on yield and quality of rice in the Republic of Macedonia. 3 | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | nd International Symposium for Agriculture and food, 18-20 October 2017 Ohrid, Republic of Macedonia | |
| 31. | Учество на научен собир со реферат (постер):<br><br>Andreevska Danica, Andov Dobre, **Simeonovska Emilija**, Dimitrovski Trajche, Ibraim Jashka: Effects of diferent planting systems on some productive and quality traits of rice. 3 nd International Symposium for Agriculture and food, 18-20 October 2017 Ohrid, Republic of Macedonia | 0,5 |
| 32. | Учество на научен собир со реферат (постер):<br><br>Danica ANDREEVSKA, Dobre ANDOV, Trajche DIMITROVSKI, **Emilija SIMEONOVSKA**, Halil SÜREK, Necmi BESER, Jashka IBRAIM (2018). Morphological and Productive Properties of Efe, Hamzadere, Çakmak and Tunca Rice Varieties in the Rice Producing Conditions of Republic of Macedonia. I. International Agricultural Science Congress 09-12 May 2018, Van/Turkey | 0,5 |
| 33. | Учество на научен собир со реферат (постер):<br><br>Dobre ANDOV, Danica ANDREEVSKA, Trajche DİMİTROVSKI, **Emilija SİMEONOVSKA**, Halil SÜREK, Necmi BESER, Jashka IBRAIM (2018). Paddy Rice Yield, Milling Fractions and White Rice Yield of Efe, Hamzadere, Çakmak and Tunca Rice Varieties in the Rice Producing Conditions of Republic of Macedonia. I. International Agricultural Science Congress 09-12 May 2018, Van/Turkey | 0,5 |
| 34. | Учество на научен собир со реферат (усна презентација):<br><br>Andreevska Danica, Andov Dobre, **Simeonovska Emilija**, Dimitrovski Trajche, Ibraim Jashka (2018). Macedonian rice production nowadays – from traditional towards modern approaches. International Çanakkale Rice Workshop, 26-27 July 2018, Çanakkale, Turkey | 1 |
| 35. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Dobre Andov, Danica Andreevska, **Emilija Simeonovska**, Halil Sürek, Necmi Beser, Gordana Glatkova, Katerina Bandzo, Jaska Ibraim (2014). Preliminary results of Turkish rice varieties under rice growing conditions of Macedonia. “AGRIBALKAN”- Balkan Agriculture Congress, 8-11-September 2014, Edirne Turkey. Book of abstracts: p. 133. | |
| 36. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција<br><br>Dobre Andov, Danica Andreevska, **Emilija Simeonovska**, Halil Surek, Necmi Beser (2014). Some grain quality characteristics of Turkish rice varieties under the growing conditions of Turkey and Macedonia. Scientific Conference: “Challenges in modern agricultural production”. 11th December 2014, Skopje Republic of Macedonia. Book of Abstracts: p.40. | 1 |
| 37. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција<br><br>Danica Andreevska, Dobre Andov, **Emilija Simeonovska**, Trajče Dimitrovski (2015): Head rice yield of some domestic and foreign rice varieties (*Oryza sativa* L.) in the Republic of Macedonia. Nutrition and health improving by dietary fibre compounds and recent advances in their analyses. Pre-Conference Workshop on “Innovative Technologies for Advanced Food Processing and Nutrition Towards Better Health”. May 29-30, 2015, Ohrid, Republic of Macedonia. Proceedings of Final program and Abstracts:p.47. | 1 |
| 38. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција<br><br>Danica Andreevska, Dobre Andov, Mirjana Menkovska, **Emilija Simeonovska,** Trajče Dimitrovski (2015): Head rice yield of some domestic and foreign rice varieties (*Oryza sativa* L.) in the Republic of Macedonia.OMICS Journal of Food Processing and Technology. Proceedings of 4th International conference and Exhibition on Food Processing&Technology, August 10-12, 2015 London, UK. P.226. | 1 |
| 39. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција<br><br>Andov D., Andreevska D., **Simeonovska E.,** Dimitrovski T. (2015): Yield and some morphological characteristics of the introduced rice varieties (*Oryza sativa* L.) in the Republic of Macedonia. Simposium proceedings of 2 nd International Symposium for Agriculture and food, 7-9 October 2015 Ohrid, Republic of Macedonia, ISAF-Book of Abstracts: p.313. | 1 |
| 40. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција<br><br>Andreevska D**.,** Andov D., **Simeonovska E.,** Dimitrovski T. (2015): Head rice yield and white rice yield of *Arpa* and *Onice*- | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | two newly introduced rice varieties (*Oryza sativa* L.) in the Republic of Macedonia. 2 nd International Symposium for Agriculture and Food, 7-9 October 2015 Ohrid, Republic of Macedonia, ISAF-Book of Abstracts: p. 314. | |
| 41. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција<br><br>Trajche Dimitrovski, Danica Andreevska, Dobre Andov, **Emilija Simeonovska:** Effect of ecological fertilizer Megagreen on some morphological and productive properties of rice (*Oryza sativa* L.). Proceedings of the 5th Congress of the Ecologists of Macedonia, with international participation (Ohrid, 19th—22nd October 2016). Book of Abstracts: p. 149. | 1 |
| 42. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција<br><br>Trajche Dimitrovski, Danica Andreevska, Dobre Andov, **Emilija Simeonovska:** Effect of ecological fertilizers Herbagreen and Megagreen on some morphological and productive properties of rice (*Oryza sativa* L.). Proceedings of the 5th Congress of the Ecologists of Macedonia, with international participation (Ohrid, 19th—22nd October 2016). Book of Abstracts: p. 150. | 1 |
| 43. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција<br><br>Andreevska D., Andov D., **Simeonovska E.** (2016): Rice production in the Republic of Macedonia: importance, tradition, challenges and perspectives. Proceedings of Konuralp Rice Workshop, 14-16 December 2015, Düzce University, Turkey, p. 25 | 1 |
| 44. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција<br><br>Trajche Dimitrovski, Danica Andreevska, Dobre Andov, **Emilija Simeonovska**, Jashka Ibraim: Some Seed Quality Properties of Newly Introduced Turkish Rice Varieties (*Oryza sativa* L.) Grown Under the Environmental Conditions of the Republic of Macedonia. 2nd INTERNATIONAL BALKAN AGRICULTURE CONGRESS, Tekirdag, Turkey, 16-18 MAY 2017 .Book of Abstracts: p. 238. | 1 |
| 45. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција<br><br>Trajche DIMITROVSKI, Danica ANDREEVSKA, Dobre ANDOV, **Emilija SIMEONOVSKA**, Halil SÜREK, Necmi BEŞER, Jashka IBRAIM: Yield of Paddy and White Rice of Some Newly Introduced Turkish Rice Varieties (*Oryza sativa* L.) Grown Under the Environmental Conditions of Republic of Macedonia. 2nd INTERNATIONAL BALKAN AGRICULTURE CONGRESS, Tekirdag, Turkey, 16-18 MAY 2017. Book of Abstracts: p. 201. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 46. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција<br><br>Dobre Andov, Danica Andreevska, **Emilija Simeonovska**, Trajche Dimitrovski: Characteristics of Five Turkish Rice Cultivars (*Oryza sativa* L.) Grown under the Enviromental Conditions of the Republic of Macedonia. 6 nd International Symposium on Agricultural Science, February 27-March 2, 2017, Banja Luka, Bosnia and Herzegovina. Book of Abstracts: p. 105. | 1 |
| 47. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција<br><br>Andov Dobre**,** Andreevska Danica, **Simeonovska Emilija**, Dimitrovski Trajche, Ibraim Jashka: Influence of harvesting methods on yield and quality of rice in the Republic of Macedonia. 3 nd International Symposium for Agriculture and Food, 18-20 October 2017 Ohrid, Republic of Macedonia. Book of Abstracts: p. 122. | 1 |
| 48. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција<br><br>Andreevska Danica, Andov Dobre, **Simeonovska Emilija**, Dimitrovski Trajche, Ibraim Jashka: Effects of different planting systems on some productive and quality traits of rice. 3 nd International Symposium for Agriculture and Food, 18-20 October 2017 Ohrid, Republic of Macedonia. Book of Abstracts: p. 121. | 1 |
| 49. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција<br><br>Danica ANDREEVSKA, Dobre ANDOV, Trajche DIMITROVSKI, **Emilija SIMEONOVSKA**, Halil SÜREK, Necmi BESER, Jashka IBRAIM (2018). Morphological and Productive Properties of Efe, Hamzadere, Çakmak and Tunca Rice Varieties in the Rice Producing Conditions of Republic of Macedonia. I. International Agricultural Science Congress 09-12 May 2018, Van/Turkey, p. 218 | 1 |
| 50. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција<br><br>Dobre ANDOV, Danica ANDREEVSKA, Trajche DİMİTROVSKI, **Emilija SİMEONOVSKA**, Halil SÜREK, Necmi BESER, Jashka IBRAIM (2018). Paddy Rice Yield, Milling Fractions and White Rice Yield of Efe, Hamzadere, Çakmak and Tunca Rice Varieties in the Rice Producing Conditions of Republic of Macedonia. I. International Agricultural Science Congress 09-12 May 2018, Van/Turkey, p. 219 | 1 |
| | Вкупно: | 68,3 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Експертски активности: Изведување на VCU (сортови) опити со сорти ориз на локалитети во Кочанскиот оризопроизводен регион во 2014 година (извештај до МЗШВ од јуни 2015 година) | 1 |
| 2. | Експертски активности: Постконтролни испитувања за утврдување на идентитетот и чистотата на сортите кај житните растенија (извештаи до МЗШВ за 2013-2014, 2014-2015 и 2017-2018 год.) | 3 |
| 3. | Експертски активности: Спроведување на процедурата за DUS тестирање на македонската сорта пченица бистра (поднесување на апликација), во соработка со Институтот ISTIS од Романија (2015-2017 год.) | 1 |
| 4. | Експертски активности: Евалуација на поважните продуктивни, биолошки и квалитетни својства на странски и домашни сорти пченица, поставени во полски опити на неколку локации во подрачјето на централна Македонија (истражувања во 2017 и 2018 год., во соработка со компанијата „ Перминдекс“, Градско) | 1 |
| 5. | Патенти/иновации: коавтор на сорта пченица алтана, регистрирана во 2005 година | 2 |
| 6. | Експертски активности: Одржување на сортите пченица, создадени на Земјоделскиот институт во Скопје (миленка, радика, бистра, треска и алтана) | 5 |
| 7. | Експертски активности: Семепроизводство на највисоките категории – линии и предосновно семе на сортите пченица, создадени на Земјоделскиот институт во Скопје (миленка, радика, бистра, треска и алтана) | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | Експертски активности: Регенерација и карактеризација на примероци пченица од националната колекција на ген-банката | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Студиски престој во странство (до три месеци):<br>Study visit of Trakya Agricultural Research Institute, Edirne, Turkey (7.9.2014 – 11.9.2014), organized and funded by TIKA within the project *"Development of production and quality of rice in the Republic of Macedonia"* | 0,5 |
| 2. | Студиски престој во странство (до три месеци):<br>Study visit on a national gene bank aiming to preserve biodiversity on 29/09/2014 - 03/10/2014 Bucharest, Suceava (organized by TAIEX in co-operation with Romanian Ministry of Agriculture and Rural Development) | 0,5 |
| 3. | Член на организационен одбор на меѓународен научен собир "Challenges in modern agricultural production" – Skopje, 2014 | 1 |
| 4. | Член на работната група за пченица при ECPGR (Европската кооперативна група за растителни генетски ресурси) 2005- | 2 |
| 5. | Изготвување и пријавување на национален научен проект:<br>Семепроизводство на ориз во Република Македонија-Предлог развоен проект до МЗШВ, 2017-2019. | 0,5 |
| 6. | Раководител на ген-банката (семенска колекција) при УКИМ Земјоделски институт - Скопје | 3 |
| 7. | Претседател на Одборот за соработка и доверба со јавноста на УКИМ - Земјоделски институт – Скопје | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | Раководител (координатор) на студиска програма на втор циклус студии на УКИМ - Земјоделски институт - Скопје (Растително производство - Семепроизводство на поледелски и градинарски растенија) | 1 |
| 9. | Член на Комисија за нормативна дејност на УКИМ - Земјоделски институт, 2012- | 0,5 |
| 10. | Член на Комисија за самоевалуација на УКИМ - Земјоделски институт 2013-2017; | 0,5 |
| 11. | Член на Комисија за јавни набавки на УКИМ - Земјоделски институт 2012 -2016 | 0,5 |
| 12. | Член на Комисија за втор циклус студии (колегиум за втор циклус студии) на УКИМ - Земјоделски институт, 2012 – | 0,5 |
| 13. | Член на Комисија за заштита и определување на правото за користење на географскиот назив на производот "**Кочански ориз**" на УКИМ - Земјоделски институт, 2010 – | 0,5 |
| 14. | Член на Потсекторската постојана група за уредување на пазарот на жита при МЗШВ, 2012- | 1 |
| | Вкупно: | 35 |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 95,756 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 68,3 |

| | |
|---|---|
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 35 |
| **ВКУПНО** | **199,056** |

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Добре Андов, редовен професор, с.р.**

**Проф. д-р Даница Андреевска, редовен професор, с.р.**

**Проф. д-р Соња Ивановска, редовен професор, с.р.**

ПРЕГЛЕД

НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА-ИЗИИС, СКОПЈЕ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Зоран Трајчевски | Компаративна анализа на влијанието на исполната од ѕидарија во однесувањето на аб згради при сеизмички дејства | Comparative analysis of influence of masonry infill on seismic behavior of rc buildings | Проф. д-р Голубка Нечевска Цветановска | 09-2163/1 од 12.12.2018 год. |
| 2 | Елена Делова | Анализа и проектирање на стабилни и економични аб објекти со контролирано и диригирано дуктилно однесување за градба во сеизмички активни региони | Analysis and design of stable and economic reinforced concrete structures with controlled and conducted behavior for seismic active regions | Проф. д-р Живко Божиновски | 09-2162/1 од 12.12.2018 год. |

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ИСТРАЖУВАЧ ВО СИТЕ НАУЧНИ ЗВАЊА ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА МАКЕДОНСКА НАРОДНА ЛИТЕРАТУРА ПРИ ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за македонска литература, на 28. седница одржана на 8.10. 2018 година, донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија во состав: д-р Лорета Гергиевска-Јаковлева, научен советник, д-р Марко Китевски, научен советник во пензија и д-р Маја Јакимовска-Тошиќ, научен советник, за избор на еден истражувач во сите научни звања во Одделението за македонска народна литература. Заблагодарувајќи се за укажаната доверба, чест ни е да го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот конкурс за избор во сите научни звања, објавен во дневните весници *Дневник* и *Коха* на 4.9.2018 година, се пријави д-р Ана Мартиноска, виш научен соработник во Одделението за македонска народна литература при Институтот за македонска литература во Скопје, како единствен кандидат.

**1. Биографски податоци**

Д-р Ана Мартиноска е родена 1972 година во Скопје. Дипломирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески”, на Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности во 1994 год., каде што ги завршила и постдипломските студии. Магистрирала во 2002 год. со теза со наслов „Поетика на македонските народни гатанки”. Во 2010 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје ја одбранила и докторската дисертација со наслов „Конески и фолклорот“, под менторство на проф. д-р Атанас Вангелов.

Од 1996 година, д-р Мартиноска е вработена во Институтот за македонска литература, во Одделението за македонска народна литература. Во моментов е на работното место виш научен соработник во споменатото Одделение и вонреден професор на постдипломските и докторските културолошки студии во ИМЛ.

Учествувала со самостојни научни прилози во сите научноистражувачки проекти на Одделението (“Истражување на митот и ритуалот во македонската народна литература”, “Драмски елементи во македонскиот фолклор”, „Аспекти на традиционалното во македонскиот фолклор“ и „Аспекти на религиозното во македонскиот фолклор“), потоа во проектите на Институтот „Родови претстави во македонската и албанската култура и социјално живеење“ (UNESCO), „Родови претстави во балканските литератури и култури“ (соработка со Унив. Неофит Рилски, Бугарија), „Националните рефлексии во одредени творечки пројави од македонската литература од 19 век”, „Традицијата и континуитетот во македонско-хрватските врски“, како и во макропроектот на Институтот за македонска литература „Македонски книжевен лексикон”. Посебно значајно е и нејзиното учество во меѓународните проекти “Nationality Building and the Break-up of the Empire“ (Билги Универзитет, Турција), “Learning How to Write Effectively” (во рамките на COST програмите) и “Literacy Development in the Humanities: Creating Competence Centres for the Enhancement of Reading and Writing Skills as Part of University Teaching” (SCOPES), во кој е и кораководителка од македонска страна. Редовно учествува во билатералните проекти на Институтот со соодветните институции во Хрватска, Словачка, Србија и др.

Д-р Мартиноска реализирала повеќе научни и стручни престои во земјата и во странство, од кои се издвојува научниот престој на Универзитетот во Оксфорд, Велика

Британија, во 2004, каде што под менторство на проф. д-р Том Паулин работеше на истражување на врските помеѓу фолклорот и современата литература. Значајни се и престоите во Србија, Бугарија, Италија и Русија. Мартиноска е редовен учесник на голем број научни конференции и симпозиуми од областа на литературата, фолклорот и културолошките студии, кои се организираат во земјата и во странство, а од кои би ги издвоиле меѓународните симпозиуми во Унгарија, Украина, Романија, Бугарија, Турција, Русија, Хрватска, Србија, Естонија, Шпанија, Швајцарија и др.

Мартиноска ги има објавено книгите „Поетиката на македонските народни гатанки" (Македонска книга, 2002), „Митот и ритуалот во македонскиот фолклор – релации и проникнувања" (Институт за македонска литература, 2008), „Голиот на гости – Антологија на македонскиот еротски фолклор" (МИ-АН, 2007), „Конески и фолклорот" (Институт за македонска литература, 2012), „Метрополис" (Блесок, 2013), „Културни парадокси. Или за родот, етницитетот и идентитетот во фолклорот и литературата" (Институт за македонска литература, 2014) и Културна фабрика: огледи за родот, градот и популарната култура" (ИМЛ, 2018). Заедно со д-р Маја Јакимовска-Тошиќ, уредник е на Зборникот на трудови „Популарна култура: Поглед одоздола / Popular Culture: Reading from Below" (ИМЛ, 2016). Има објавено околу стотина самостојни научни трудови во стручната и научна периодична литература, во земјата и во странство. Авторка е и на нас 200 објавени колумни на родови теми во неделникот „Глобус" и во дневниот весник „Нова Македонија".

Кандидатката д-р Ана Мартиноска предава на постдипломските културолошки студии во книжевноста при Институтот, каде што е ангажирана на предметите: Вовед во културолошките студии, Културата и глобализацијата, Културна антропологија и Академско пишување. На докторските студии на истата група, ангажирана е на предметите: Културните предизвици на глобализацијата и Родови претстави во современата култура и медиуми, а на групата по македонистика со предметите: Фолклорот и современата литература и Процесите на митологизација и демитологизација во македонската литература. За новата академска година таа ги подготви веќе акредитираните предмети „Народна култура" и „Сексуалноста и културата". Покрај тоа, Мартиноска има работно искуство како предавач по предметите: Македонска народна литература и Теорија на литературата, на групата за македонски јазик и книжевност при Државниот универзитет во Тетово (2004-2006), а често предава и учествува на различни летни школи, работилници, дебати и други стручни настани од поширок јавен интерес. Под нејзино менторство успешно се одбранети 8 магистерски труда, а менторка е на тројца докторанди при Школата за докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Д-р Ана Мартиноска беше избрана на позицијата главен и одговорен уредник на институтското списание за литературна наука „Спектар" (2013-14), а е член на редакцијата на електронското списание „Блесок" (од 2012), одговорна за рубриките „Критика" и „Есеи". Повремено се занимава и со преведување на стручни трудови од англиски и српски на македонски јазик и обратно.

Мартиноска е и член на Советот на Институтот за македонска литература во два мандата, а во моментов е и негов претседател. Член е и на Здружението на компаративисти на Македонија, на Друштвото на писатели на Македонија и на Меѓународната асоцијација за компаративна литература (International Comparative Literature Association).

2. **Извештај за избор во научно звање**
   **(прилог: Образец кон извештајот)**

Имајќи го пред себе приложениот табеларен приказ - образец за дејноста на кандидатката д-р Ана Мартиноска, веднаш можеме да извлечеме неколку констатации:

Прво: според однапред утврдената методологија на бодирање на активностите, д-р Ана Мартиновска во извештајниот петгодишен период има освоено вкупно 308,5 што е далеку повеќе од задолжителниот минимум, што, пак, само по себе говори дека станува збор за квалитетен и посветен истражувач.

Второ: нејзиниот научен интерес е областа од македонската народна книжевност, културолошките и родовите студии, што упатува на еден љубопитен дух со широко поле на интерес.

Трето: главните нејзини научни преокупаци, народната литература и родовите студии, се проследуваат од стојалиштата на различни дисциплини, па како сомината на нејзината работа може да се констатира мултидисциплинарноста.

Четврто: научниот интерес на кандидатката д-р Ана Мартиноска има своевидно продолжение во интензивниот ангажман на општествен план, со цел научните сознанија да станат продуктивни во подобрување на секојдневните животни практики.

Сепак, соодветно на нормите по кои се врши избор во звање и соодветно на убедувањето дека квантитативната анализа може да упати, но не дава квалитативен/вредносен суд, ќе дадеме аргументација за нашиве погоре изречени тврдења.

Уште при изборот на д-р Ана Мартиноска во звањето виш научен соработник/вонреден професор беше најавена двојазичната книга (на англиски и македонски јазик) *Културни парадокси (Или за родот, етницитетот и идентитетот во фолклорот и литературата)*. Овде би сакале подетално да ги елаборираме темите кои се предмет на интерес и ставовите и сознанијата до кои кандидатката доаѓа. Во книгата можат да се идентификуваат 3 тематски јадра:

1. Род/идентитет;
2. Етницитет/нација;
3. Мит/историја.

Иако текстовите од оваа книга главно претставуваат дел од одделни меѓународни проекти (UNESCO), од балканскиот проект во соработка со Универзитетот „Неофит Рилски", Бугарија; од меѓународниот проект со Билги универзитетот од Турција и други или од меѓународни научни конференции и симпозиуми одржани во Унгарија, Украина, Русија, Романија, Хрватска, Швајцарија итн., нивното објавување под заеднички наслов наоѓа свое оправдување во трајната преокупација на авторката: да се занимава со теми кои се посветени на индивидуалните и колективните идентитети, да ги анализира и промислува нивните меѓусебни релации, манифестации и редефинирања во контекст на моделот на културата кој е доминантен во даден општествен миг, а во однос на концептите за етницитетот и нацијата. Овие теми се поврзани и со темите од областа на, како што посочува рецензентката на книгата, д-р Маја Јакимовска-Тошиќ: „концептите на етницитетот и нацијата во континуираната игра на историјата, културата и моќта (Hall), теми за линиите на разделување помеѓу историјата и митологијата, нивните дистинкции и ограничувања...".

Речиси сите текстови го применуваат имаголошкиот приод, а особено текстовите „Парадоксот на жената", „Етничките стереотипи во македонскиот фолклор и нивниот одраз во современата македонска поезија", „Сликата на Турчинот во романот *Смртта на Дијакот* од Драги Михајловски" и „Претставата за отоманската империја во македонската литература". Токму имаголошките истражувања за д-р Ана Мартиноска се корисна алатка во спротивставувањето на стереотипите. Таа во фолклорот ги идентификува таквите места,

но констатира дека токму фолклорот е и место на отпор на патријархално конструираните родови улоги, посочувајќи на народните приказни со еротска содржина. Во дел од текстовите, таа се задржува на националните стереотипните претстави за другиот/туѓиот, во кои, како што вели, укажува на „бројните ограничувања и дискриминаторски обрасци кои биле карактеристични за општествените, економските и културните односи“, со цел „надминување на дискриминациите“.

Во однос на родовите истражувања би ги посочиле и текстовите „Книгата лечи подобро од докторите“ и „Славенка Дракулиќ во Македонија“, кои можат да се третираат и како продолжување на истражувањата за жената во современ контекст, а посветен на миграциите.

Би било неправедно доколку не ги спомeнеме и текстовите чиј предмет на интерес се колективните идентитети и кои ја расветлуваат проблематичната релација: мит - фолклор - историја - литература. Во тие релации, освен стереотипите и имаголошките претстави, се актуализираат и прашањата за традицијата и колективното паметење, реимагинацијата на идентитетот и меморијата, демитологизацијата.

Мартиноска со оваа книга читателот го вовлекува во светот на минати и актуелни културни парадокси и дилеми, поставувајќи го, на едно најопшто и имплицитно ниво, прашањето: Кога, колку и каде традицијата е важно одредиште на колективните и лични идентитети, а кога, каде и колку таа е ограничувачки фактор и пречка во одредувањето на она што сме и што сакаме да бидеме. Со тоа книгата претставува значаен прилог во оние напори кои можат да се именуваат како „симптоматско читање“ на литературата/културата.

Д-р Ана Мартиноска е авторка и на книгата „Културна фабрика (Огледи за родот, градот и популарната култура“, составена од повеќе од 80 кратки текстови поврзани со насловната определба на интересот на книгата. Поделена е во 3 поглавја:

1. Белешки за родот, сексуалноста и слободата на избор
2. Потрага по уметноста и убавината на урбаното живеење
3. Приказни за другата страна на популарната култура

Во секое од трите поглавја се вклучени куси текстови, навидум мали исечоци од културниот живот во градот (но не само во него) или фрагменти од (македонската, но и европската) културната продукција. Иако станува збор за куси текстови кои намерно оддаваат впечаток на попатни забелешки, преку целината на книгата се доаѓа до сознанието дека станува збор за обмислени и длабоко рефлексивни забележувања за премолчуваните теми на нашето општество.

Во голема мера, фокусот на огледите е ставен на темите на родот и сексуалноста, но тие ретко се обременети со сува теорија, напротив тезите и поентите секогаш се предадени од еден личен, интимен ракурс, што придонесува за лесна идентификација на читателот со нив и непосредна интеракција со публиката.

Само за илустрација наведуваме дел од темите кои се опфатени во првиот дел од книгата, без особен редослед и приоритет: протофеминизам, еманципирани општества, еднакви можности, контрола над телото на жената, предизвик на традиционалните семејни форми, родова сензибилизација и едукација на децата, квир-теории, порнографијата и меинстримот, жените во политиката и уметноста итн.

Во вториот дел, темите се подоминантно насочени кон уметноста која се создава во нашата метропола, па преку приказите на театарските фестивали и претстави, ликовните настани, литерарната продукција и др. форми на урбано живеење се прикажуваат вредностите (присутни или изгубени) на современоста, но и темите кои се инспирација за уметничката и културна јавност. Меѓу нив, сексот, болката, политиката, филозофијата на осаменоста, забранетите места на нашето битие, морбидните страсти, револтот од социјалните норми, распродажбата на интимата итн. Секако, неодминливи се и темите за

смислата на уметноста, но и смислата на животот воопшто.

Во третиот дел, вниманието се насочува кон некои форми на популарната и мас-култура – рекламите, реалните шоуа, квизовите, медиумските производи, ТВ-сериите и многу други, кои, според авторката, наметнуваат конзумеристичка логика, материјализам, глобализација, бегство од реалноста, срушени граници, нови искушенија за модерниот човек, но повторно сите овие теми се испреплетени со личните дилеми на луѓето и родовите односи во општеството.

Третманот на темите со кои се занимава оваа книга изобилува со цитати и референци од најразличен вид. Од литературата, на пр., имаме распон на примери од класиците (Чехов, Овидиј, Гете, Сартр) преку иконите на нашето доба (Бегбеде, Памук, Мураками, Конески), па се до младите, алтернативни и релативно непознати автори. Така е и со имињата од театарот (Шеро, Варликовски, Гротовски), како втора доминанта инспирација по литературата, така е и со филмската (фон Трир, Вуди Ален, Кар-Ваи), ликовната (Ласниг, Ворхол, Кле, Шиле), музичката (Мадона, Нина Симон, Роби Вилијамс) и медиумската сцена (Катрин Мије, Хју Хефнер), адвертајзинг светот (Наоми Волф, Синди Галоп), модата (Шанел, Мајк Џејкобс)... Сите тие примери се извонредно вкомпонирани во лесно читливите огледи наспроти сериозноста и актуелноста на отворените дилеми, како редок баланс на едноставен израз и јазик со очигледно широки познавања од теоријата на родот и културолошките студии и сериозен увид во културата.

Како и во претходно споменатата книга, и во оваа, авторката провоцира, а нејзините ставови се обидуваат да ги разнишаат востановените поредоци, да ги срушат закоравените митови и стереотипи, да ги предизвикаат стегите на општественото, родово и културно живеење во нашата држава. И на тој начин, книгата е сведоштво за културната продукција во Македонија во изминатата деценија, за конзервативните и патријархални струи кои доминираа во јавниот дискурс и потврда за борбата за слобода и отвореност во уметноста, културата и општеството во целина.

Претставувањето на научната и друга дејност на д-р Ана Мартиноска не се исцрпува само со опис на нејзините две книги, објавени во извештајниот период. Затоа повторно упатуваме на табеларниот приказ на *образецоӣ,* каде што исцрпно се регистрира нејзината научноистражувачка дејност, а за која, од сосем разбирливи, не можеме да елаборираме подетално. Сепак би сакале да нагласиме дека текстовите се производ на нејзините бројни учества на научни конференции, учества на проекти или партиципација во научни списанија, како во земјава така и во странство. Само како илустрација тука би се осврнале на четири текста кои се илустративни за научниот интерес и методологијата на Мартиноска: „Неколку белешки за родовите претстави на сонцето и месечината во македонската народна литература“, „Традиција и современост - неколку теоретски перспективи на народната култура“, „Архивирање на женската меморија во Македонија“ и "The 8th of March in Macedonian Culture: The Struglle for Gender Equality before and after the Breakup of Yugoslavia". Давајќи преглед на претходните истражувања во областа, Мартиноска дава, нов и/или дополнет аспект, за да извлече заклучок кој речиси секогаш има за цел да посочи на некој современ вид на стигма. Така, во прво посочениот текст, се разгледува родовата перспектива на сонцето/месечината, заклучувајќи дека „двополовост и родово флуктуирање на сонцето и месечината“ во македонскиот фолклор нема“, па се нуди можноста за јазично/културно влијание од соседството. Вториот е посветен на традицијата и современоста во контекст на народната култура. Констатирајќи дека традицијата не е фиксна категорија, таа едновремено и трае и се менува низ времето, Мартиноска се впушта во дискусија во однос на прашањето дали во современи околности народната популарна култура е заменета со масовната популарна култура, односно дали „културата од народот“ се заменува со „култура за народот“, што, пак, упатува на прашањата за автентичноста, вредноста, продажбата, профитот, комерцијализацијата и сл. Во третиот се испитува прославата на 8 Март како искуство на социјалистичкиот свет со кое борбата

на феминизмот за еднакви права се сведува на прослава и картички, а во последниот повторно се актуализира борбата на видливоста на женскиот глас, овој пат преку регистрирање на обидите за архивирање на женската меморија во Македонија. Констатирајќи дека кај нас ваквите активности се исклучително ретки, д-р Ана Мартиноска ги проследува активностите на здруженијата на граѓани Х.Е.Р.А. и Цивил - Центар за слобода како примери кои можат делумно да ја пополнат констатираната празнина.

Извештајот би го завршиле со краток опис и на наставната дејност на д-р Ана Мартиноска. Актуелноста на курсевите кои ги обмислува, лесната комуникација со студентите и нејзината достапност, жарот со кој се вложува во едукацијата на нови кадри ја прави една од омилените наставници на УКИМ.

## 3. Заклучок и предлог

Врз основа на прецизно дадените податоци во образецот за научно-творечката и научно-наставната дејност на кандидатката и врз основа на изнесените информации и согледби во овој Извештај, Рецензентска комисија заклучува дека д-р Ана Мартиноска е научник со континуирано научноистражувачко љубопитство и искуство и со веќе потврден научноистражуваки авторитет. Тоа љубопитство се манифестира преку широк дијапазон на научни, стручни и културни интереси и меѓусебно испреплетени согледувања од различни дисциплини и области: од народната литература и фолклорот, преку интересот за современа литература, теоријата и методологијата на литературата, компаратистиката и преводот, до интересот за културолошките и родовите студии, филмот, сликарството, медиумите и огласувањето. Она што ги обединува ваквите сродни, но сепак различни интереси, е стојалиштето од кое Мартиноска зборува: упорната и секаде присутна желба да се обезбеди поглед кој ќе се спротивстави на стигмациите од кој било тип, желбата да се направат видливи маргинализираните ставови и да се обезбеди поглед на свет кој ќе воспостави поправедни општествени односи. Нејзините објави и постигнати резултати покажуваат дека станува збор за компетентна личност, упатена во најновите теории од хуманистичките дисциплини, подготвена современите теми и дилеми да ги донесува во корелација со традицијата и историјата и, истовремено, опремена со соодветни научни алатки, да ги проследува актуелните уметнички и културни практики.

Од досега изнесеново во Извештајот, ни претставува особена чест и задоволство што имаме можност на Советот на Институтот за македонска литература да му предложиме д-р Ана Мартиноска да биде избрана во звањето **научен советник / редовен професор** во Одделението за македонска народна литература.

**Рецензентска комисија**

Д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева, научен советник, с.р.

Д-р Марко Китевски, научен советник, с.р.

Д-р Маја Јакимовска-Тошиќ, научен советник, с.р.

# ОБРАЗЕЦ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Ана Никола Мартиноска**

Институција: **Институт за македонска литература при УКИМ во Скопје**

Научна област: **македонска литература, културолошки студии**

| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ** | | |
|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Назив на активноста** | **Поени** |
| | **Монографија/научна книга** | 8 |
| 1. | „Културни парадокси (Родот, етницитетот и идентитетот во фолклорот и литературата“/„Cultural Paradoxes (Gender, Ethnicity and Identity in Folklore and Literature“, Скопје, Институт за македонска литература, 2014 | 8 |
| 2. | „Конески и фолклорот“, Скопје, Институт за македонска литература, 2012 | 8 |
| 3. | „Митот и ритуалот во македонскиот фолклор- релации и проникнувања“,Скопје, Институт за македонска литература, 2008 | 8 |
| 4. | „Поетиката на македонските народни гатанки“, Скопје, Македонска книга, 2002 | 8 |
| | **Дел од монографија/научна книга[2] во земјата/странство** | **4/6** |
| 5. | „The 8th of March in Macedonian Culture: The Struggle for Gender Equality before and after the Breakup of Yugoslavia“, in *Culture in Transition Countries*, Edited by Maja Jakimovska-Toshikj, Katarína Gabašová, Institut za Makedonska Literatura, Univerzitet Sv. Kiril i Metódij vo Skopje, Katedra kulturológie, Filozofická fakulta, Univerzita Konštantína Filozofa v Nitre, Skopje, Nitra 2018, pg.106-124 | 6 |
| 6. | „Еротски надитрувања“, Поговор во книгата „Играле моми на месечина“ од Иван Котев, Струмица, 2018 | 4 |
| 7. | “Preface”, in “Popular Culture: Reading From Below’Популарна култура: поглед одоздола”, Proceedings of the International Scientific Conference, Edited by Ana Martinoska and Maja Jakimovska-Toshic, Skopje, Institute of Macedonian Literature, 2016 | 4 |
| 8. | „Редок спој на артистичкото и интелектуалното“, Поговор во збирката поезија *„Луѓе без лице“* од Дејан Крстески, Битола, Дата песнопој, 2015 | 4 |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во СЦИ/ЦА/останати или објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор[3]** | **6** |
| 9. | „Преоблечен во тонови (За Конески и музиката)“, Научен собир посветен на 70 годишнината од објавувањето на првата стихозбирка на Блаже Конески „Земјата и љубовта“ (1948) и 25 години од смртта, Скопје,Институт за македонска литература, 25 април 2018, објавен во *Спектар*, бр.72 (во печат) | 6 |

[2]Делот претставува заокружена целина (на пример, глава во научна книга)

[3] Меѓународен уредувачки одбор е одбор во кој учествуваат експерти од соодветната научна област од најмалку 5 земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува 40% од вкупниот број членови

| | | |
|---|---|---|
| 10. | „Архивирање на женската меморија во Македонија", во *Књижевна историја*, Београд, Институт за књижевност и уметност, 2016, стр. 237-248 | 6 |
| 11. | „Баењата кај Ромите во Македонија – меѓу религијата и традицијата", *Спектар*, год. 32, бр. 63, Скопје, Институт за македонска литература, 2014, стр. 143-154 | 6 |
| 12. | „Мажот е главата,ама жената е вратот. (или за некои аспекти на родовата анализа на македонската народна култура)", *Спектар*, бр. 61, Скопје, 2013, стр. 155-173 | 6 |
| 13. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно популарно списание** | **2** |
| 14. | „Гротескни раскази за заталканото човештво и заробените души (Кон „Чист хероин" од Дејан Крстески, Скопје: ПНВ Публикации, 2018.)", https://blesok.wordpress.com/ Блесок блог, June 20, 2018 | 2 |
| 15. | „Редок спој на урбаното, уметничкото и умственото (Кон книгата „Ехо на слободата" од Ана Јовковска, Скопје: Три, 2018)", https://blesok.wordpress.com/, *Блог на културната установа Блесок, April 23, 2018* | 2 |
| 16. | „Поетска ерупција на копнежи и бои (Кон изложбата „Огнена земја" на Емил Шулајковски во галерија „Прозор", Белград, 13 март 2018)", Блесок, https://blesok.wordpress.com/*Блог на културната установа Блесок, May 5, 2018/*„Поетска ерупција чежња и боја (О изложби „Ватрена земља" Емила Шулајковског у галерији „Прозор", Београд, 13 март 2018)", Каталог од изложба, Београд, 2018 | 2 |
| 17. | „Чуд(ес)на синтеза (Кон изложбата „Пикасо, можеби јас?" од Филип Фидановски, 25 октомври 2016, Музеј на град, Скопје)", во *Блесок* бр. 111, Скопје, јануари 2017/ „A Strange and Wonderful Synthesis (On Filip Fidanovski's exhibition – Picasso, Maybe I... October 2016, Museum of the City of Skopje)", Skopje, Translated into English by Ognen Cemerski, Blesok No.111, Skopje, 2017 | 2 |
| 18. | „Потрага по љубовта- Кон романот „Малечката Лили" од Оршоја Карафиат (превод од унгарски јазик: Златко Панзов, ИЛИ-ИЛИ, 2015), во Блесок бр. 105, Скопје, 2016/ „Search for Love, On the novel Little Lilly by Orshoja Karafiat", Translated into English by Milan Damjanovski, Blesok No.105, Skopje, 2016 | 2 |
| 19. | „Надминување на женскиот молк" (Кон книгата „Од собата до Холивуд (Сликата на жената уметник во биографскиот филм)", Зојдер, 2014 од Весна Дамчевска), објавен во *Блесок* бр. 101-102 (www.blesok.com.mk), ноември-декември 2015/ "Overcoming Women's Silence" (On the book: "From the Room to Hollywood (The image of the woman artist in the biographical movie)" (Zojder, 2014) by Vesna Damčevska), Translated from Macedonian by Aleksandra Lazoroska, Blesok No.101-102, Skopje, 2015 | 2 |
| 20. | „Пресликување на душата (Кон изложбата „Тајната вечера" на уметникот Филип Фидановски, 21.10.2013 г.)", *Блесок*, бр. 92, Скопје, септември-октомври 2013/ „Soul Transplants (On Filip Fidanovski's exhibition "The Last Supper," 21.10. 2013"), Blesok No.92, Skopje, 2013 | 2 |
| 21. | „*Ars erotica* на женски начин (кон "Keep calm and have a vagina" на Билјана Василева, МКЦ, март 2013 г.)", *Блесок, бр. 89*, 2013/„*Ars erotica* female way (Reflections on "Keep calm and have a vagina" by Biljana Vasileva, MKC, March 2013, Blesok No.89, Skopje, 2013 | 2 |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир - со меѓународен уредувачки одбор** | **2/3** |
| 22. | „Традиција и современост – теориски перспективи за разбирање на народната култура", Зборник на трудови од Меѓународен научен собир *Традиција и современост во фолклорот на балканските народи*, во организација на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" во Скопје, | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | одржан на 24-25 ноември 2017 година во Скопје, Република Македонија, објавен во Скопје, 2018 (во печат) | |
| 23. | „Систематична и мултидисциплинарна монографија за тажаленките (Čirgić Adnan. 2016. „Crnogorska usmena tužbalica“, Cetinje: Fakultet za crnogorski jezik i književnost)“, *Филолошки студии*, 2018 | 3 |
| 24. | „Менталните болести како табу-тема во современата македонска литература (со акцент на романот „Одбројување“ од Фросина Пармаковска)“, во *Болести на Балкану*, Зборник радова, Уредник Сања Лазаревић Радак, Београд, Србија, 2018 (во печат) | 3 |
| 25. | „Приказната на Румена Бужаровска загубена на релација Македонија-Хрватска-Македонија“, Зборник на трудови *Hrvatsko-makeodnske književne, jezične i kulturne veze 5*, Ријека, Хрватска, 2018 | 3 |
| 26. | „Авторитетот на авторките – за родовиот (дис)баланс на книжевните награди во Македонија“, во *Критика и молк: читање на македонската литература и култура*, Зборник на трудови од Меѓународната научна конференција одржана во МАНУ на 7 и 8 ноември 2016, Уредници Соња Стојменска-Елзесер, Маја Јакимовска-Тошиќ и Сарита Трајанова, Институт за македонска литература – Скопје, 2017, стр. 217-227 | 3 |
| 27. | „Неколку белешки за родовите идентитети на сонцето и месечината во македонската народна литература“, во Зборник на трудови *IL SOLELUNA PRESSO GLI SLAVI MERIDIONALI I*, a cura di Ljiljana Banjanin, Persida Lazarević Di Giacomo, Sanja Roić, Svetlana Šeatović, Edizioni dell’Orso, Alessandria, Dipartimento di Lingue, Letterature e Culture Moderne dell’Università degli Studi «G.d’Annunzio» Chieti-Pescara (Fondo di Ricerca d’Ateneo), Dipartimento di Lingue e Letterature Straniere e Culture Moderne dell’Università degli Studi di Torino (Fondo per la Ricerca Locale), Ministero dell’Istruzione, dell’Università e della Ricerca, Italia, 2017, стр. 55-65 | 3 |
| 28. | „Од “Like a Virgin” преку “Sex and the City” до “makelovenotporn.tv” (Дали популарната култура е поатрактивна алтернатива на сексуалното образование?)“, во *Консултации по сеопфатно сексуално образование*, ХЕРА и Филозофски факултет во Скопје, 2016, стр. 44-48 | 2 |
| 29. | „Ти го мазниш,тој ти скокат (Неколку белешки за еротиката во македонскиот фолклор“, Зборник на трудови од Меѓународната научна конференција *За љубовта*, Скопје, Здружение за компаративна книжевност на Македонија, Здружение на класични филолози „Антика“, 2016, стр. 187-197 | 3 |
| 30. | „Чуд(ес)ниот свет на Јана Бењова во романот „Кафе Хиена (План за испраќање)“, во *Македонско-Словачки книжевни, културни и јазични врски II,* Уредници Маја Јакимовска-Тошиќ, Звонко Танески, Славчо Ковилоски, Скопје, 2016, стр. 148-151 | 3 |
| 31. | “The Myth of the Perfect Mother in*Popular Culture: Reading From Below’Популарна култура: поглед одоздола*, Proceedings of the International Scientific Conference, Edited by Ana Martinoska and Maja Jakimovska-Toshic, Skopje, Institute of Macedonian Literature, 2016, pp.66-80 | 3 |
| 32. | „Славенка Дракулиќ во Македонија (или за жената, жртвата и уметноста)“, во Зборник од трудови од М**еѓународниот научен собир *Македонско-хрватски книжевни, културни и јазични врски*, одржан во Охрид, 27-29.9. 2013, Скопје, Институт за македонска литература, 2014, стр. 467-478** | 3 |
| 33. | „Александар Македонски: историски херој, национален мит или геј икона“ (коавторство со д-р Маја Јакимовска-Тошиќ), во Зборник од трудови од конференцијата *Kultura, drustvo, identitet – Europski realiteti*, Zbornik radova I Medjunarodnog intersdisciplinarnog znanstvenog skupa, Osijek, 20-21 Ožujak 2013, Osijek-Zagreb, 2014, str. 95-107 | 2,7 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Прегледен напис во научно списание - со меѓународен уредувачки одбор** | **3** |
| 34. | „Глобализацијата и трансформацијата на книжевните студии (Осврт кон книгата на Dubravka Đurić, "Globalizacijske izvedbe: književnost, mediji, teatar", Beograd: OrionArt, 2016)", *Спектар,* бр. 71, Скопје , 2018, стр. 211-215 | 3 |
| 35. | „Широка и разнолика слика за сонцето и месечината кај Јужните Словени (Осврт кон Зборникот на трудови„Il SoleLunapresso gli slavi meridionali Vol. I- II", a cura di Ljiljana Banjanin, Persida Lazarević Di Giacomo, Sanja Roić, Svetlana Šeatović, Alessandria: Edizioni dell'Orso, 2017)", *Спектар* бр. 70, год.35, Скопје 2017, стр. 171-174 | 3 |
| 36. | „Интердисциплинарно проучување на современиот културен контекст (Кон Зборникот на трудови од меѓународната научна конференција „Popular Culture: Reading from Below/ Популарна култура: поглед одоздола" одржана во МАНУ на 3-4 ноември 2014, Уредници Ана Мартиноска и Маја Јакимовска-Тошиќ, Скопје: Институт за македонска литература, 2016)", во *Спектар*, бр. 68, 2016, стр. 201-205 | 3 |
| 37. | „Втемелување на непроценливи културни мостови" (Кон изданието „Macedónsko-slovenské literárne, kultúrne a jazykové vzt'ahy/ Македонско-словачки книжевни, културни и јазични врски/ Macedonian-Slovak Literary, Cultural and Linguistic Relations", Maja Jakimovska-Tošić, Zvonko Taneski, Martina Zajíčková (editori), Nitra, 2015), објавен во *Спектар,* бр. 65, Скопје, 2015, стр. 253-256 | 3 |
| | **Секциско предавање на научен/стручен собир – со меѓународен уредувачки одбор** | **2/3** |
| 38. | "My Skenderbej" by Dragi Mihajlovski, A Postmodern Novel on History and Present Time, Меѓународен научен собир „Ѓерѓ Кастриоти-Скендербег и неговата ера" (Gjergj Kastrioti – Skenderbeu dhe epokae tij), 20-21.06.2018 година, Приштина, Косово | 2 |
| 39. | „Гатанките и другите куси жанри - од детски фолклор до современи форми", XLIII Меѓународна научна конференција на Семинарот за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 25-26 јуни 2016 | 2 |
| | **Учество на научен/стручен собир со реферат (усно)** | **1,5/2** |
| 40. | SCOPES Project: Literacy Development in the Humanities: Creating Competence Centres for the Enhancement of Reading and Writing Skills as part of university teaching, 2013, Lviv, Ukraine | 2 |
| 41. | XLII Научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, со трудот „За да не си бидеме доволни самите на себеси (Игор Исаковски и европските простори на битисувањето)", одржан на 27-28.06.2015 год. во Охрид | 1.5 |
| | **Одбранета докторска дисертација** | **8** |
| 42. | „Конески и фолклорот", Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје, 2010 | 8 |
| | **Одбранет магистерски труд** | **5** |
| 43. | „Поетиката на македонските народни гатанки", Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје, 2002 | 5 |
| | **Национален координатор на меѓународен научен проект** | **6** |
| 44. | SCOPES Literacy Development in the Humanities: Creating Competence Centers for the Enhancement of Reading and Writing Skills as part of university teaching (**LIDHUM)**, (2011-2013), главен истражувач: Dr. OttoKruse. Национален кокоординатор на меѓународен научен проект заедно со Лорета Георгиевска-Јаковлева. | 6 |
| | **Учесник во научни проекти** | **2/3** |
| 45. | Меѓународен проект „Meeting Points/Разлики што спојуваат", Носител на проектот: Forum ZFD (Forum Ziviler Friedensdienst), Учество со тема „ Жената во македонските и албанските народни пословици", заедно со | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | проф. д-р Ваљбона Тоска од Филолошки факултет „Блаже Конески“ во Скопје | |
| 46. | Меѓународен проект „Culture in Transition Countries“, носители Институт за македонска литература,Скопје и Филозофски факултет во Нитра, Словачка | 3 |
| 47. | COST ISO 703 „European Research Network on Learning to Write Effectively“ | 3 |
| 48. | Аспекти на традиционалното во македонскиот фолклор, национален проект | 2 |
| | **Одржување на настава по задолжителен/изборен предмет** | **0,05/0, 06** |
| 49. | Вовед во културолошки студии, ИМЛ, втор циклус, задолжителен | 3 |
| 50. | Културата и глобализацијата, ИМЛ, втор циклус, изборен | 2,5 |
| 51. | Академско пишување, ИМЛ, втор циклус, изборен | 1 |
| 52. | Културна антропологија, ИМЛ, втор циклус, изборен | 1 |
| 53. | Културните предизвици на глобализацијата, ИМЛ, трет циклус, изборен | 7,2 |
| 54. | Родови претстави во современата култура и медиуми, ИМЛ, трет циклус, изборен | 7,2 |
| | **Ментор на докторска дисертација** | **3** |
| 55. | Глориа Фоссен, Мариа Чолпа, Срѓан Миќиќ | 9 |
| | **Ментор на магистерски труд** | **1** |
| 56. | Ирина Јаневска, Андриана Јелиќ, Глориа Фоссен, Здравко Стојкоски, Бојан Симовски, Ведран Искра, Елизабета Талеска, Александра Младеновска | 8 |
| | **Настава во летни школи и работилници** | **1** |
| 57. | Предавање „Поезијата на Блаже Конески преоблечена во тонови“ на 51 Меѓународниот Семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 27 јуни 2018 | 1 |
| 58. | Курс „Јазикот на поезијата на Блаже Конески и фолклорот“ на 51 Меѓународниот Семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 27 јуни 2018 | 1 |
| 59. | Предавање „Родот во македонската народна и популарна култура“ на Меѓународниот Семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 2016 | 1 |
| 60. | Предавање на тема „Родот и сексуалноста во популарната култура“ во рамки на *Школата за род, сексуалности, култура и политика*, во организација на Коалицијата “Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници”, во партнерство со ЛГБТИ-центарот за поддршка и ЛГБТ Јунајтед Тетово, одржано на 9.12.2017 г. во Скопје | 1 |
| 61. | Концепт и модератор на дебата „Младите писатели во Македонија“, во организација на ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА и Општина Центар, со писателите Петар Андоновски, Фросина Пармаковска и Драгана Ефтимова, 21 март 2018 | 1 |
| 62. | Учество на дебата на ХЕРА „Абортус: уназадување во Европа“, заедно со Венко Филипче, министер за здравство на РМ, Славчо Димитров, и Снежана Георгиева Јаневска, 2 јули 2018, „Јавна соба“, Скопје | 1 |
| 63. | Гостинка-експертка на Работилница за родова еднаквост и женски права во Една може/Една прави, Предавање на тема „Родот и културата“, Скопје, 2018 | 1 |
| 64. | Тема „Митот за романтичната љубов во филмската уметност“ и учество во дебата *„Мене не ми е Валентин“*, Модераторка: Ана Василева, во организација на „Бори се женски“, „UN Women“ и „Friedrich Ebert Stiftung Skopje“, одржана во „Јавна соба“, Скопје, на 15.2.2017 г. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 65. | Учество во дебата на тема *„Родот во медиумите“*, Модераторка: Емилија Петреска Камењарова, во организација на Center for Research and Policy Making, во рамки на Денови на образование и кариера, 20. Меѓународен саем за образование и кариера 2017, Скопје, 07.04. 2017 г. | 1 |
| 66. | Учесник на панел дискусијата во врска со филмот „Мерседес Соса“ | 1 |
| 67. | Панелист во Платформата за демократизација на јавниот простор низ интерактивна дебата „Караван на дебати – Пулсот на општеството“, одржан на 21.05.2015 год. во Еу Инфо, Скопје | 1 |
| 68. | Учество во In Memoriam настанот „Стажирајќи за светец - за ликот и делото на Игор Исаковски (1970-2014)“, Дебатен клуб ГЕМ, Скопје, 24.12.2014. Модератор: Никола Гелевски. Учесници: Ѓоко Здравески, Елизабета Шелева, Ана Мартиноска и Петрит Сарачини | 1 |
| 69. | Модератор и учесник на панел дискусијата „Жената и канонот – жената во науката, уметноста, културата“, одржана на 15.11.2013, ФДУ, Скопје, во организација на Институтот за македонска литература и ФДУ | 1 |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат** | **0,5** |
| 70. | Сарита Трајанова, Славчо Ковиловски, Стојче Тоциновски, Ана Младеновска-Георгиева, Александра Ристовска | 2,5 |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура** | **0,3** |
| 71. | Жарко Иванов, Катерина Паскали, Антонио Геговски, Кристина Божурска, Елизабета Арсоска, Лара Прокопиева, Владко Миладинов, Сандра Титизова, Билјана Дураковска-Величковска, Валентино Скендеровски, Вања Изова, Весна Дамчевска, Марија Христова, Кети Петкоска, Каролина Накова, Радмила Бошкова, Јелисавета Танасковска, Марјан Костовски, Билјана Рајчинова-Николовска, Гордана Куноска-Ангеловска, Дафинка Балабанова Алексова, Билјана Димитрова,Нада Андоновска | 6,9 |
| | **Научно-популарна книга - автор** | **6** |
| 72. | „Голиот на гости (Антологија на македонскиот еротски фолклор)“, МИ-АН,2007 | 6 |
| | **Научно-популарна статија** | **1** |
| 73. | „Правото на избор како неприкосновено човеково право“, Лице в лице, бр.32, Скопје, 2018, стр. 58-59 | 1 |
| | **Пакет материјали за одреден предмет** | **1** |
| 74. | Материјали за Вовед во културолошки студии | 1 |
| 75. | Материјали за Културата и глобазалицијата | 1 |
| 76. | Материјали за Културна антропологија | 1 |
| 77. | Материјали за Академско пишување | 1 |
| 78. | Материјали за Културните предизвици на глобализацијата | 1 |
| 79. | Материјали за Родови претстави во современата култура и медиуми | 1 |
| | **Вкупно** | **244,5** |

| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИОНО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | | |
|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Назив на активноста** | **Поени** |
| | **Книга од стручна област - автор** | **8** |
| **80.** | Културна фабрика (Огледи за родот, градот и популарната култура)“, Институт за македонска литература, 2018 – книга од стручна област | 8 |
| | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија** | **1** |
| 81. | Главен оценувач по Предметот Македонска литература/ Principal Examiner of Macedonian Literature, International Baccalaureate, Cardiff, UK. | 1 |
| 82. | Рецензент на трудови во Филолошки студии, 2015, 2016 и 2018 | 3 |
| 83. | Рецензент на трудови во Контекст 13/2015 | 1 |
| 84. | Рецензент во трудови во Лицеум: Часопис за студије књижевности и културе, во издание на Центарот за научноистражувачка работа при САНУ и Универзитетот во Крагуевац | 1 |
| 85. | Рецензент на книга на Елизабета Баковска за Министерство за култура | 1 |
| 86. | Рецензент на книга на Лидија Стојановиќ Лафазановска за Министерство за култура | 1 |
| 87. | Рецензент на трудови од зборникот „Критика и молк: читање на македонската литература и култура“ | 1 |
| | **Учество во промотивни активности на институтот** | **0,5** |
| 88. | Промоција на книгата „Crnogorska usmena tužbalica“ од Аднан Чиргиќ, Скопје, 2018 | 0,5 |
| 89. | Промоција на изданието „Popular Culture: Reading from Below“, Скопје, 2016 | 0,5 |
| 90. | Промоција на Зборникот „Македонско-словачки книжевни, културни и јазични врски“, Скопје, 2015 | 0,5 |
| | **Уредник на научно списание СЦИ/ЦА/останати** | **5/3** |
| 91. | Главен и одговорен уредник на меѓународното научно списание „Спектар“ бр.61 и бр.62 | 6 |
| | **Член на уредувачки одбор нанаучно /стручно списание СЦИ/ЦА/останати** | 2/0,5 |
| 92. | Уредник на рубриките Есеи и Критика во Блесок, 2012-2018, 6 броја годишно | 15 |
| | **Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир** | **1** |
| 93. | „Popular Culture: Reading from Below“, Скопје, 2016 | 1 |
| | **Претседател на организационен одбор на научен/стручен собир** | **2** |
| 94. | „Popular Culture: Reading from Below“, Скопје, 2014 | 2 |
| 95. | „Културата на распродажба – Консумеризмот и комерцијализацијата а културните продукти“, Скопје, 2018 | 2 |
| | **Член на организационен одбор на научен/стручен собир** | **1** |
| 96. | Член на Организациониот одбор на конференцијата посветена на 70 годишнина од објавувањето на првата збирка на Блаже Конески Земјата и љубовта и 25 години од смртта | 1 |
| 97. | Член на Организациониот одбор на конференцијата „Книжевни дислокации“ | 1 |
| 98. | Член на Организациониот одбор на конференцијата „Критика и молк“ | 1 |
| | **Изготвување и пријавување на научен/образовен проект Меѓународен 2 носител, 1 учесник** | |
| 99. | Подготвување и пријавување на научен проект „Популарна култура“, 2014 | 2 |
| 100. | Подготвување и пријавување на научен проект „Културата на распродажба – Консумеризмот и комерцијализацијата на културните продукти“, 2018 | 2 |
| 101. | Концепт за отворање на Центар за академско пишување, 2013 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Член во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира НИ дејност (FP7, COST, ICGEB, IEAE, и сл.)** | **2** |
| 102. | COST | 2 |
| | **Претседател на Советот на Институтот** | **3** |
| 103. | Претседател на Советот на Институтот | 3 |
| | **Член на институтска комисија** | **0,5** |
| 104. | Комисија за евалуација на Институтот за македонска литература | 0,5 |
| 105. | Комисија за јавни набавки на Институтот за македонска литература | 0,5 |
| 106. | Пописна комисија на Институтот за македонска литература | 0,5 |
| | **Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.)** | **2** |
| 107. | Пишување на мислење/ставови за Националните стратегии за културен развој (2018-2022) и за развој на образованието во рамки на Институтска комисија | 2 |
| | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | **1** |
| 108. | Надворешен член на Советот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ од Скопје, 2018 | 1 |
| | **Вкупно** | **64** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ** | 244,5 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИОНО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | 64 |
| **Вкупно** | **308,5** |

**Рецензентска комисија**

Д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева, научен советник, с.р.

Д-р Марко Китевски, научен советник, с.р.

Д-р Маја Јакимовска-Тошиќ, научен советник, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КУЛТУРОЛОШКИТЕ ФАКТОРИ ВО ПРОЦЕСОТ НА УЧЕЊЕ ЈАЗИК – ИСТРАЖУВАЊЕ СПРОВЕДЕНО КАЈ ДЕЦАТА СО МАКЕДОНСКО ПОТЕКЛО ВО ШВАЈЦАРИЈА“ ОД Д-Р НАЏИ СЕЛИМИ, ПРИЈАВЕНА НА

## ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за македонска литература во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата 31. редовна седница одржана на 23.11.2018 година, формираше Комисија за оцена и за одбрана на докторската дисертација под наслов „Културолошките фактори во процесот на учење јазик – истражување спроведено кај децата со македонско потекло во Швајцарија“ на кандидатот д-р Наџи Селими. Комисијата е во состав: проф. д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева (претседател), УКИМ, Институт за македонска литература – Скопје, проф. д-р Наташа Аврамовска (ментор), УКИМ, Институт за македонска литература – Скопје, проф. д-р Зорица Николовска (коментор), Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, проф. д-р Билјана Ивановска, (член), УГД, Филолошки факултет, Штип, и доц. д-р Гоце Смилевски (член), УКИМ, Институт за македонска литература – Скопје.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени подготвената докторска дисертација и на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на докторската дисертација

Докторската дисертација под наслов „Културолошките фактори во процесот на учење јазик – истражување спроведено кај децата со македонско потекло во Швајцарија“, од кандидатот д-р Наџи Селими, содржи 246 страници компјутерски обработен текст во фонт Тајмс њу роман, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 29 фусноти, 241 библиографска единица, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 8 глави, вовед, заклучни согледувања и Прилози. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата што е обработена во истражувањето.

Во воведот на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Предмет на истражување е начинот на кој доселеничките семејства од Македонија, односно

децата кои растат во германските кантони во Швајцарија, го воспримаат и го интерпретираат своето јазично и културно секојдневие. Истражувачките размислувања, притоа, се раководени од претпоставката дека причините за различните ситуации и успех во учењето на учениците со потекло од Р Македонија (пред сѐ условени со степенот на нивното усвојување на германскиот јазик на кој се одвива наставата), примарно треба да се бараат во нивната семејна структура (во семејниот однос кон македонскиот јазик и култура, односно германскиот јазик/ швајцарскиот дијалект и култура), а помалку во секојдневните фактори, каква што е на пр. социјалната оптовареност. Со тоа е поврзано и прашањето на кој начин мајчиниот јазик (македонскиот) ѝ припаѓа на клучната област на културниот и социјалниот идентитет на оваа јазична група, т.е. како Македонците го изразуваат својот идентитет преку јазикот што го користат и преку примената на различните јазични репертоари?

Натаму, со оглед на тоа што во фокусот на ова истражување се вкрстуваат мноштво интеркултурни и интердисциплинарни аспекти и нивното проследување од различни перспективи, дисертацијата е структурирана во два дела од којшто првиот низ клучните поими на миграцијата, културата, јазикот и идентитетот, интеркултурноста итн. го распостила теоретскиот хоризонт на проследувањето и, секако, неговата релевантност и актуелност не само за Швајцарија, туку за светот на денешницата воопшто. Во вториот, т.н. апликативен дел, на конкретната апликација – истражувањето во интеракција со испитаниците, ѝ претходи елаборација на инаков вид теорија, имено онаа која ги застапува различните можни методологии на поставување на предметот на иследувањето во форма на прашалници/ анкетни листови и различните методи на нивното читање, интерпретирање и анализа. Во прецизното и минуциозно распредување на овој дел од експликацијата на методолошките законитости и можности на иследувањето, кандидатот Селими особено подробно ги елаборира сопственото методолошко втемелување и поимање. Конечно, нагледно се прикажани, интерпретирани и анализирани резултатите по практично спроведеното истражување како и студијата на случај којашто во подолг временски период го проследува развојот на писменоста во двата јазика (македонскиот и германскиот) во текот на основното образование кај македонските деца во Швајцарија.

Оттаму, дисертацијата „Културолошките фактори во процесот на учење јазик – истражување спроведено кај децата со македонско потекло во Швајцарија“ е реализирана во подробна елаборација на *два теоретски хоризонта*: културолошкиот и теоретска експликација на изборот на методолошкиот приод во испитувањето врз прегледот на можни приоди и потем, начини на интерпретација на добиените резултати. Второто теоретско рамниште на трудот на подробна експликација на методолошкиот заграб, вклучително и на сите услови на анкетирањето, е особен придонес во овој домен во областа на хуманистичките сфери на македонската научна мисла и иследување, додека конкретниот предмет на истражувањето, јазичната стварност на македонските деца од училишна возраст и нивните семејства во Швајцарија, е несомнено пионерски труд во дадената област.

Со оглед на акрибичноста на двете теоретски рамништа на дисертацијата и на приказот на процесот и резултатите од спроведеното истражување, врз кусопотезниот приказ на структурата на трудот по одделни поглавја дополнително ќе се задржиме врз одредени аспекти за коишто сметаме дека посебно треба да бидат нагласени.

Во првиот дел на културолошката теориска експликација (глава 1-4), погледот се упатува на промислувањето на содејството меѓу миграцијата, јазикот/јазиците и културата/културите и на со тоа поврзаниот јазично-културен идентитет и диверзитет, како глобален процес, но и како специфика на општествената стварност во Швајцарија посебно. Првото поглавје насловено „Миграција, културен идентитет и јазик“ е најопсежно и стожерно во овој дел на културолошка експликација на предметот на истражувањето. Насловните поими се дефинирани и поткрепени со актуелните сознанијата во областите на културолошките, критичко-теориските и интеркултурните проследувања и воедно е маркиран актуелниот *транскултурен* миг на светот како даденост, но и идеолошки, и со оглед на швајцарската општествена стварност. Во дадениот контекст, особено внимателно е развиен односот на јазикот и културниот идентитет од една страна, а од друга, пак, важноста на почитувањето на културните разлики. Второто поглавје „Јазичноста како потенцијал за јазично-културно хетерогеното општество“ се надоврзува токму на аспектот на почитувањето на културните разлики, на нивната не само формална, туку и реална антиципација во процесот на образованието токму врз јазичната, односно повеќејазичната основа. Во тој контекст се укажува на низа битни теоретски аспекти на јазичниот идентитет, и на потребата и можностите, односно стварноста на неговото негување во доселенички услови во интеракција со поликултурното опкружување. Интеркултурните вредности и практики, односно стојалишта, како и потребата за соработка меѓу училиштето и родителите во повеќејазичното и мултикултурно опкружување се проследени во третото поглавје, „Интеркултурно воспитување“, и четвртото поглавје „Односот на образовните институции со јазично-културната другост и нивната соработка со родителите“. Согледбите изложени во овој дел од елаборацијата се засновани врз голем број студии од оваа област, со увид во најновите истражувања.

По овој теориско-научен дел следува вториот емпириски дел (Глава 5), кој главно се занимава со приказот и комбинацијата на истражувачките методи (квалитативно и квантитативно), но и ги прикажува и ги објаснува истражуваното научно подрачје и применетите постапки во овој труд за прибирање податоци (анкети, полуструктуиран приказ на интервју, мостри за текстуални анализи итн.). Свесен за предностите, но и за границите на квалитативниот и квалитативниот истражувачки метод, кандидатот Селими, наместо нивна јукстапозиција, применува методска синтеза што ја преточува во единствен и отворен истражувачки инструмент. Овој пристап овозможува плаузибилни резултати во врска со јазично-културните практики на интервјуираните лица, во случајот станува збор за дваесет интервјуирани македонски семејства (тука спаѓаат возрасни лица, адолесценти и деца со рамномерна полова застапеност), кои живеат во германскојазичните кантони, при што децата се израснати во Швајцарија и се на училишна возраст (од 4. одделение) и тие покрај регуларната настава посетуваат и дополнителна настава по македонски јазик. Преку прашалникот во рамките на овој труд е направен изборот на лицата кои се интервјуирани така што тие застапуваат две генерации. Предмет на анализа натаму се ученичките писмени текстови напишани во 2012 г., и тоа по два текста, и во 2016 г. по еден текст на македонски и германски јазик каде што доаѓаат до израз специфичните аспекти на двете култури и ним соодветните јазици (македонски и швајцарската варијанта на германскиот јазик).

Во следното поглавје (Глава 6), се прикажуваат резултатите, и тоа најпрвин дескриптивно, а таму каде што е целисходно, тие се дополнети со соодветна научна литература. Тука спаѓаат податоците од анкетите, од интервјуата и анализираните текстови

на учениците. По дескриптивниот приказ на податоците следат нагледното користење и претставување на исказите од интервјуата, како и нивната содржинско-аналитичка елаборација, коишто исто така се грижливо и темелно обработени.

Притоа, во однос на текстуалната анализа во прв план е поставена случајната штих-проба на шест ученички текстови. Прашалникот на германски јазик, наменет за учениците со осумдесет точки, е поделен во единаесет области на прашања (А-К) и ги опфаќа јазичните и културните практики и ориентири на анкетираните ученици во однос на сопствените ставови и на ставовите на нивните родители во однос на македонскиот и германскиот јазик односно македонската и германската култура. Во фокусот на научниот интерес на кандидатот Селими, во прв план се меѓујазичните и интеркултурните врски и со со нив поврзаните идентитети. Стандаризираниот анкетен лист за родителите е на македонски јазик со четириесетипет точки. Овој прашалник опфаќа три блока прашања: демографски податоци, јазични институции и јазично-културни практики на нивните деца како и нивните сопствени ориентири и ставови во однос на македонскиот и швајцарскиот јазик, односно култура. Би потенцирале дека значаен сегмент во овој труд се и мунициозно изготвениот полуструктуиран водич за интервјуто, како и извештајот за интервјуто (Postskriptum), засновани врз добрите увиди во областа на анкетирањето и врз научно фундираното иследување на предметот на истражувањето. Интервјуата, направени и снимени на македонски дијалект, во процесот на нивната транскрипција, најнапред се преведени и запишани на стандарден германски јазик и преку херменевтската методолошка евалуацијата се резимираат во заклучоците од истражувањето.

Натаму (Глава 7), дополнително се обработуваат одделни, претходно веќе (во 6 глава) наведени аспекти кои овде се прикажуваат во контекст на поставените прашања како и во сооднос со теоретскиот дел од нашатиот труд. Тука детално се презентирани резултатите од анкетирањето на родителите и нивните деца во однос на повеќе различни апсекти кои се однесуваат на нивните јазични, образовни, социолошки, културолошки и др. практики во контекст на интеркултурноста и мултикултурноста. Заради подобро расветлување на прашањето во врска со карактерот на текстовите на испитаните ученици, детално се анализираат карактеристиките на текстовите на една ученичка напишани на македонски и германски јазик.

Во нагледно анализираниот и прикажан пример на текст при анализата на случајот, се рефлектираат подробности од анализираните податоци и се изнесуваат сознанија и утврдувања во врска со научната и практичната корист од поставената цел.

Осмото поглавје е посветено на методската рефлексија и во контекст на оваа студија се занимава со критериумите за квалитетот на научните трудови.

Од интерпретацијата на јазичните компетенции по македонски и германски јазик направена од страна на учениците, кандидатот Селими го изведува заклучокот дека кај учениците во швајцарската дијаспора преовладува двојазичниот модус. Учениците високо ги проценуваат јазичните компетеции во двата јазика, при што доминираат германскојазичните писмени компетенции. Најрелевантното сознание во овој научен труд е изведено од анализата на текстовите, според кое учениците своите недостатоци во германскиот писмен јазик ги покажуваат при продукцијата на текстови во основното училиште, и не можат да ги надминат во рамките на посетата на задолжителното училиште. Ова го потврдуваат текстовите, кои ги пишуваат на секундарното образовно ниво. Наспроти тоа, пак, во првиот македонски јазик, според текстовите, кандидатот

Селими забележува одредена прогресија, при што и овие текстови, според степенот на нивната сложеност, сепак се потпросечни, и тоа како во квалитативна, така и во квантитативна смисла. Пред сѐ, во однос на германскиот јазик, сознанијата ја допуштаат претпоставката дека македонските ученици можеле да ги подобрат своите компетенции за пишување текстови ако во текот на задолжителното училиште биле систематски поддржувани во развивање на писмениот јазичен израз. Во овој контекст, особена вредност има предлогот на кандидатот Селими, оваа поддршка да започне уште многу рано во рамките на училишното образование, доколку се знае дека на пр. добрите гласовни јазични компетенции подоцна го олеснуваат пристапот кон пишаниот јазичен облик и дека претставуваат значаен фактор за добрите ортографски компетенции.

Дел од клучните настојувања во овој труд е и грижливо сведување на заклучоците и презентирање на предлози поткрепени со податоци за натамошните научни истражувања како и за практиката, без претензија кон целосни резултати „бидејќи штих-пробите се малку гломазни“. Прилогот што следува по библиографијата ги опфаќа применетите постапки за прибирање податоци, писмата до родителите, преглед со правила за транскрипција како и мостра за текстуална анализа.

Во **заклучните согледувања**, авторот на оваа докторска дисерација пледира на јазично-културен плуралитет во смисла на унапредување на еднаквоста на шансите и на изработување на соодветен повеќејазично ориентиран јазичен училишен концепт, кој ќе се спроведе вклучувајќи ги сите ученици и каде што засилената соработка меѓу наставниците во редовната јазична настава и наставниците во дополнтелната настава по мајчин јазик ќе се наметне во средиштето како клучна задача на образовниот процес. Селими заклучува и дека за родителите и децата се особено битни македонските културни вредности, дека тие се многу отворени и за швајцарската култура и за сите други култури, околност која би можела, меѓу другото, да се поврзе и со тоа што Македонија е мултикултурна земја и со фактот што различните културни вредности и обичаи за учениците и нивните родители од македонско потекло не се новина. Во овој контекст е интересно сознанието дека родителите кои учествувале во истражувањето се отворени во однос на јазичната и културната разноликост, но сепак нивните социјални контакти во најголем дел се ограничени на сопствената јазична група и на сонародниците, пред сѐ, од Македонија. Друго мошне битно сознание до кое доаѓа кандидатот Селими, е значењето на соработката помеѓу училиштето и родителите. На тоа укажуваат и исказите на родителите во анализираните интервјуа, кои покажуваат дека меѓусебното отворање и симетричната соработка меѓу родителите и наставниците може да придонесе за благовремено надминување на недоразбирањата или конфликтите и е неминовно за добросостојбата, како и за успехот во учењето на детето.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Кандидатот Селими се занимава се една област која во науката досега била малку истражувана преку претежно дескриптивни студии со релативно мали штих-проби. Оваа студија дава пионерски придонес за надминување на овој дефицит и е целесообразно насочена кон сознанија поврзани со јазично-културните перцепции и интерпретации посебно во поглед на македонската и германската (швајцарската) јазична и културна сфера. Таа претставува фундирана анализа на досега неистражуваните аспекти во однос на тоа во колкава мера мајчиниот македонски јазик е клучен за културниот и социјалниот

идентитет на учениците, т.е. како Македонците во дијаспората го изразуваат својот идентитет при користење на јазикот и при користењето на различни други репертоари.

## Краток опис на резултатите од истражувањето

Резултатите од овој труд можат да се резимираат на следниов начин: родителите и учениците имаат позитивен однос кон двата јазика и двете култури (македонски-швајцарска варијанта на германскиот). За нив се посебно значајни културните и јазичните вредности, посебно оние на македонската култура. Доказ за ова е фактот што овие ученици ја посетуваат дополнителната настава по македонски јазик и што активно ги негуваат двата јазика и двете култури. Родителите полагаат големо значење на пренесувањето на јазичните и културните вредности на нивните деца, кои растат во дијаспората, така што на пр. ги прославуваат македонските празници. Еден од клучните сознанија е тоа дека како родителите, така и анкетираните ученици повисоко ги проценуваат лексичките, односно писмените јазични компетенции на учениците отколку што тоа навистина е случај според направената анализа на текстовите. Резултатите од текстуалната анализа покажуваат дека учениците имаат недостатоци при пишувањето текстови посебно во однос на германскиот, но и во однос на македонскиот јазик. Поради тоа, учениците од македонско потекло во оваа студија имаат потпросечни писмени резултати во однос на македонскиот и германскиот стандарден јазик.

## Оцена на дисертацијата

Докторската дисертација на кандидатот д-р Наџи Селими, со наслов ,,Културолошките фактори во процесот на учење јазик – истражување спроведено кај децата со македонско потекло во Швајцарија“, е значаен научен труд и прилог во областа на хуманистичките науки, кој, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

## Исполнетост на законските услови за одбрана на дисертацијата

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Selimi, N., Surber, I., Jauch, C. (2017), Kompetenzorientierte Wortschatzarbeit im Kindergarten. In *4bis8 Fachzeitschrift für Kindergarten und Unterstufe*, 8, 38-39.
2. Selimi, N., unter Mitarbeit von Ineichen, G. (2017), *Spielen, sprechen, entdecken. Kompetenzorientierte Bildungssprache auf der Eingangsstufe*. Baltammsweiler: Schneider Verlag Hohengehren.

3. Selimi, N. (2017), Stellenwert des Sprechens und Zuhörens in mehrsprachigen Lerngruppen. In S. Merten & K. Kuhs (Hrsg.), *Arbeiten am Wortschatz. Sprechen und Zuhören (Reihe Koblenz-Landauer Studien zu Geistes-, Kultur- und Bildungswissenschaften, KOLA)*. Trier: WVT Wissenschaftlicher Verlag Trier, S. 217-232.
4. Selimi, N. (2016), *Bildungssprache Deutsch und ihre Didaktik. Eine kompakte Einführung in Theorie und Praxis*. Baltmannsweiler: Schneider Verlag Hohengehren.
5. Selimi, N. (2015), Situierung der Wortschatzarbeit in der Deutschdidaktik. In K. Kuhs & S. Merten (Hrsg.), *Arbeiten am Wortschatz. Sprache und Sprachgebrauch untersuchen (Reihe Koblenz-Landauer Studien zu Geistes-, Kultur- und Bildungswissenschaften, KOLA)*. Trier: Wissenschaftlicher Verlag Trier, S. 243-259.
6. Selimi, N. (2015), Mehrsprachige Sozialisation in Schule und in Familie. In: *4bis8 Fachzeitschrift für Kindergarten und Unterstufe, Heft 4*, 28-29.
7. Selimi, N. (2015), Ohne Worte keine Sprache – ohne Sprache keine Bildung. Die Familie als zentraler Ort der Wortschatzentwicklung eines Kindes. In J. Kilian & J. Eckhoff (Hrsg.), *Deutscher Wortschatz – beschreiben, lernen, lehren. Beiträge zur Wortschatzarbeit in Wissenschaft, Sprachunterricht, Gesellschaft*. Frankfurt am Main et al.: Peter Lang Verlag, S. 163-183.
8. Selimi, N., Nussberger, S. (2014), *Denken, sprechen, handeln. Handlungsorientiertes Sprachlernen für Kinder von 4 bis 8 Jahren*. Hünenberg: Verlag LCH – Lehrmittel 4bis8.
9. Selimi, N. (2013), *Familiäre und institutionelle Einflüsse auf die Sprachentwicklung mehrsprachig aufwachsender Kinder. Hintergründe – Befunde – Familienprofile*. Baltmannsweiler: Schneider Hohengehren.
10. Selimi, N. (2013), Familiäre Einflüsse auf die Mündlichkeit mehrsprachig aufwachsender Kinder. In B. Eriksson, M. Luginbühl & N. Tuor (Hrsg.), *Sprechen und Zuhören – gefragte Kompetenzen? Überzeugungen zur Mündlichkeit in Schule und Beruf*. Bern: hep, S. 186-202.
11. Brandenberg, K., Selimi, N., Walter-Laager, C. (2013), *Eltern-Kind-Interaktionen. Eine qualitative Studie mit deutsch- und albanischsprachigen Eltern und ihren drei- bis vierjährigen Kindern*. Freiburg: Universität Freiburg, Universitäres Zentrum für Frühkindliche Bildung und Fribourgn (ZeFF).
12. Selimi, N. (2011), Wortschatz und Wissen über Wortbedeutungen schrittweise aufbauen. In U. Esterl & J. Struger (Hrsg.), *Wort.Schatz – Wörter.schätzen, ide*, Heft 1/2011, Studienverlag, S. 22-30.
13. Selimi, N. (2011), Spielgruppe plus. In *Serie Krippen, Kitas und Spielgruppen, 4bis8 Fachzeitschrift für Kindergarten und Unterstufe*, Heft 2/2011, schulverlag plus, S. 28-30.
14. Selimi, N. (2011), Wortschatz als zentraler Einzelindikator der Sprachkompetenz. In *Serie Wortschätze*, 4bis8 Fachzeitschrift für Kindergarten und Unterstufe, Heft 3/2011, schulverlag plus, S. 6-8.
15. Avramovska, N., Nikolovska, Z., Selimi, N. (2011), Mazedonisch. In B. Schader (Hrsg.), *Deine Sprache – meine Sprache. Handbuch zu 14 Migrationssprachen und zu Deutsch*. Zürich: Lehrmittelverlag Zürich, S. 69-75.
16. Selimi, N. (2010), *Wortschatzarbeit konkret – Eine didaktische Ideenbörse für alle Schulstufen*. Baltmannsweiler: Schneider Verlag Hohengehren.


(**Забелешка:** Сите наведените студии ја засегаат областа на истражување и во докторската дисертација и ја потврдуваат досегашната експертиза на кандидатот во дадената област.

Наведените студиите под број 1, 3, 5, 6, 12, 13 се публикации во списанија. Наведените студии под број 1, 3, 5, 6, 7, 9, 10, 11, 12, 13 се со peer review.)

**Заклучок и предлог**

Докторската дисертација на кандидатот д-р Наци Селими, со наслов ,,Културолошките фактори во процесот на учење јазик – истражување спроведено кај децата со македонско потекло во Швајцарија“, претставува истражување во интердисциплинарното подрачје на културолошките студии. Изработката на темата на оваа докторска дисертација е релевантна за научната теорија и за практиката бидејќи ги расветлува јазично-културните и идентитетско релевантните ставови, практики на македонските доселеници од повеќе генерации и тоа во една мултикултурна земја каква што е Швајцарија и бидејќи дава придонес кон една критичка дискусија за третманот на јазично-културните практики и иинтерпретации, меѓу другото и во однос и на продукцијата на текстови. Освен тоа, овој труд претставува поттик и за натамошно истражување на микро-ниво преку други јазични групи во Швајцарија, но и на мезо- и макро-ниво. Овој научен труд натаму нуди можни решенија во однос на идентификувањето и разбирањето на културните фактори кои влијаат врз состојба на учењето и конкретно врз познавањата на македонскиот и германскиот јазик кај учениците со македонско потекло во повеќејазичните средини, кои израснале во дијаспората, како и во однос на социокултурните и социјално-психолошките варијабилитети.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот д-р Наци Селими, со наслов ,,Културолошките фактори во процесот на учење јазик – истражување спроведено кај децата со македонско потекло во Швајцарија“.

**КОМИСИЈА**

Проф. д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева, претседател, с.р.

Проф. д-р Наташа Аврамовска , ментор, член, с.р.

Проф. д-р Зорица Николовска, коментор, член, с.р.

Проф. д-р Билјана Ивановска, член, с.р.

Доц. д-р Гоце Смилевски, член, с.р.

**ПРЕГЛЕД**

**НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА Институтот за социолошки и политичко -правни истражувања, Скопје во состав на Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје**
**Магистерски трудови**

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Зорица Јовановска | Поврзаноста на лидерскиот стил со стилот на управување на конфликти кај менаџерите-лидерите во приватните компании во Република Македонија | The relation between leadership style with the style of conflict management among managers-leaders in private companies in the Republic of Macedonia | вонр.проф. д-р Марија Топузовска Латковиќ | 02-1074/16 од 29.11.2018 |
| 2. | Магдалена Огненовска | Извори на стрес и синдром на професионално согорување кај наставно-научен кадар во високо образование | Sources of stress and professional burnout syndrome of teaching and scientific staff in higher education | вонр.проф.д-р Марија Топузовска Латковиќ | 02-1074/18 од 29.11.2018 |
| 3. | Трифун Стојановски | Очекувања на младите од организацијата и менаџментот | Youth Expectations from Organizations and Management | Проф.д-р Мирјана Борота Поповска | 02-1074/17 од 29.11.2018 |
| 4. | Дијана Давиткова | Можности и предизвици во процесите на електронско регрутирање во малите компании | Opportunities and Challenges in the E-recruiting Process in Small Companies | Проф.д-р Мирјана Борота Поповска | 02-1074/19 од 29.11.2018 |

ПРЕГЛЕД

на прифатени теми за изработка на докторски дисертации на
Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје
Наставно-научен совет – 30.11.2018

| Кандидат | Тема на македонски јазик | Тема на англиски јазик | Комисија | Датум | Одлука број |
|---|---|---|---|---|---|
| м-р Мелани Новаковска | Влијанието на образовните квалификации врз успешноста на менаџерите за односи со јавноста | The Impact of Educational Qualifications on the Performance of Public Relations Managers | проф.д-р Дона Колар Панов, проф.д-р Александар Стојков (ментор) и проф.д-р Ненад Марковиќ | 3.12.2018 | 02-1434/31 |
| м-р Хедибе Несими | Идеализам вс. реализам: концепти за војна и мир | Idealism vs. Realism: Concepts of War and Peace | проф.д-р Денко Малески (ментор), проф. д-р Ненад Марковиќ и проф. д-р Јулија Брсакоска Базеркоска | 3.12.2018 | 02-1434/29 |
| м-р Петар Бакиевски | Стварните службености во македонското и во споредбеното право | Real servitudes in macedonian and comparative law | проф.д-р Родна Живковска (ментор), проф.д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска и проф.д-р Гоце Наумовски | 3.12.2018 | 02-1434/32 |